Падовите на новопредвидената фекална канализација го пратат теренот кој овозможува лесно канализирање до реципиентот.

Во моментот локалитетот не поседува атмосверска канализација.

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализационен систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали, а кои ќе се водат по главните сообраќајници и по сообраќајници за кои постојат услови за канализирање по гравитачен пат.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и отечниот коефициент.

$Q_{atm} = F \cdot q_i \cdot \Psi (l / sec)$

За минимален пречник е усвоен Ф250 кој е предвиден со предходните плански документации за овој дел од градот, со напомена дека е ова минимален усвоен пречник, а се препорачува минимален Ф400 доколку не е започната изведба на некој дел од локалитетот според предходната документација.

### 1.14. Планирана ел.енергетска инсталација, улично осветлување и телефонска инсталација

Прогнозата на потребите од електрична енергија за локалитетот е направена на површините што се предвидени за градба на објекти како и од барањата на инвеститорот. Опфатена е изработка на високо напонска електрична мрежа со трансформаторски станици, ниско напонска електрична мрежа, улично осветление и телефонски развод. Се предвидува целокупната инсталација да биде кабловска. Кабловите ќе бидат од типот XHP-48/A 3(1x150мм2) 11.6/20 kV, ПП 41/А, 4x150мм2, ПП 41 4x16мм2. Во склоп на опфатот предвидени се 2 нови трансформаторски станици. Напојувањето на трансформаторските станици се врши од трансформаторска станица 35/10 kV со кабел тип XHP-48/A 3(1x150мм2) 11.6/20 kV. Ниско напонската мрежа се предвидува да се изведе со каблови тип ПП 41/А, 4x150мм2. предвидени се и разводни ормари- слободно стоечки.

Електричната мрежа и потребата од едновремена ел.снага за новопредвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри:

За предвидените функции на комерцијалните објекти едновремената снага се определува према нивната нето површина и следните критериуми:

за угостителство, трговија, услуги 0.14 $kW/m^2$

за спортски објекти 0.07 $kW/m^2$

за јавни објекти 0.1 $kW/m^2$

Едновремената ел. снага за останатите функции изнесува:

**Pen = 6018.04 kW**

Вкупно потребна едновремена снага за локалитетот изнесува 6018.04 kW.

Според тоа за планираните објекти, се предлагаат вкупно 2 нови трафостаници 10/0,4 kV со инсталирана моќност од 630 kVA. Оптоварувањето

на постојната среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа, точниот број и точната локација на новопредвидените трафостаници во локалитетот (дадени се ориентационо во графичките прилози), ќе се определи во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на идејни и главни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЈП Електростопанство на Р.Македонија.

***Улично осветлување***

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа"В-2", споредни, локални
- класа "В", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

**"В-2" (С)**

- сјаност на коловозот Lm=1-1,5 cd/m2
- средна погонска осветленост Esr=15-25 Lx
- просечна рамномерност jr=40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување еднореден

**"В" - паркинг простори**

- средна погонска осветленост Eyg = 10-20 Eh
- просечна рамномерност jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250 W
- начин на поставување двореден (еднореден)

***Телефонска мрежа***

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот за јавните функции на секои 50 м2 по два телефонски приклучоци.

Од ова произлегува дека во локалитетот е потребно да се обезбедат околу 120 телефонски приклучоци.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучоци, треба да биде извршено до најблиската автоматска реонска телефонската централа, а во согласност со АД "Македонски Телекомуникации" - Подружница Штип.

### 1.15. биланс на површините во планирана состојба на супра и инфраструктурата

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од 2.73 ха.
Во планот се предвидени следните намени:
(КО)-Комерцијални објекти; Сообраќајни површини; Паркинзи; Зеленило.

| намена на површини | површина во м2 | површина во ха |
|---|---|---|
| Комерцијални објекти - КО | 17259.32 | 1.73 |
| Сообраќајници - коловоз и паркинг | 6864.31 | 0.69 |
| Сообраќајници - тротоари | 1975.42 | 0.20 |
| Сообраќајници - велосипедски патеки | 685.52 | 0.07 |
| Зеленило | 522.39 | 0.05 |
| Вкупно | 27306.96 | 2.73 |

## 1.16. Мерки за заштита

### 1.16.1 Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 2.73 ха, и е неизграден во голема мерка.

Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообраќај и предвидените содржини во зоната. Имајќи ја оваа состојба во предвид , може да се изврши поделба на три основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кои се движат по постојните улици.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на работа, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

б. Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита

Со приклучок на објектите на комплексот во интерен канализационен систем и изведбата на пречистителна станица која ќе ги испушта пречистените води во реципиентот ќе дојде до намалување на загадувањето на почвата во дозволени граници.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

Со цел да се сочува фондот на извориштата на вода, сите отпадни води треба до потребен степен да се прочистат во пречистителната станица.

Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода.

Со прочистување на отпадната вода, као и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенцијата на човекот.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

### 1.16.2 Мерки за заштита од пожар на објектите

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример жители, посетители, вработени, купувачи и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 5.5 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот се состои од улици кои овозможуваат лесен пристап на пожарните возила до објектите.

При конципирање на сообраќајот планирано е непречено движење на пожарните возила.

Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат непречен пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм.

Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м.

Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание помало од 7.0 км постои ПП дом, па затоа не е потребно да се предвидува посебна противпожарна станица.

### 1.16.3 Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвидува во објектите како второстепена функција на некој простор

доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

### 1.16.4 Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од VIII степени МСЗ потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

## 2. Основни параметри за уредување на просторот

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

2.1 Регулационите линии (РЛ) се протегаат по надворешната линија на тротоарите и го одвојуваат делот на јавни сообраќајни и други површини од делот предвиден за градба на објекти.

2.2 Градежната линија (ГЛ) во делот за градба на објекти се дистанцира од границата на парцелата. Максималните висини на предвидените објекти се дадени поодделно односно за секоја парцела на комерцијалните содржини дадена е максимална висина до 9.00 м од котата на тротоарот до венецот на објектите.

2.3 Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот 2/02 и измените на Правилникот 50/03, а поконкретни параметри по урбанитстичките парцели ќе бидат предмет на поконкретни показатели на ниво на урбанистички проект, според архитектонско урбанистичката концепција на решението.

2.4 При оформување на содржините во рамките на локалитетот се применуват соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со оформување на зеленило при уредувањето на зелените површини во рамките на парцелите, а поконкретно разработени на ниво на урбанистички проект.

2.5 Во зоната за комерцијални објекти се предвидуваат објекти исклучиво од следните намени: складови за храна и трговска стока кои не ствараат течни и чврсти отпадоци, деловни објекти, администрација и продавници исклучиво за дневно снабдување. Во оваа зона не смее да се градат објекти кои ја загадуваат животната средина, односно објектите класифицирани во петте класи според член 48 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот Сл.Весник на Р.М. бр 02/02., како и бензински пумпи, депоа за масла и горива, сервиси за автомобили, сервиси за миење на машини и автомобили и угостителски објекти кои можат да бидат собиралиште на голем број на луѓе.

2.6 Зоната за зеленило е предвидена на сите слободни површини и дворови. Утврдувањето на подеталните параметри за организацијата на просторот ќе се врши со урбанистички проект со примена на параметри утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот.

2.7 При изработка на овој Детален урбанистички план или при изготвување на урбанистички проект се применуват параметрите од Правилникот за

стандарди и нормативи за уредување на просторот ("Службен весник на РМ", бр. 2/2002) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот ("Службен весник на РМ", бр. 50/2003).

2.8 Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе се решава во рамките на расположивите локации, а во зависност од потребите и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл.весник. на РМ", бр. 02/02) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот ("Службен весник на РМ", бр. 50/2003).

2.9 При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти.

2.10 Третманот на фекалните отпадни води се врши исклучиво со приклучување во градска фекална мрежа.

2.11 Третманот на атмосферските води се врши исклучиво со приклучување на атмосферска канализациона мрежа со правци на каналите паралелни на ул. Партизанска и со завршетоци и приклучоци низводно на овој урбан модул.

2.12 Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат.

2.13 При реализацијата на планираните објекти, потребно е прбавување на позитивно мислење од овластена специјализирана превентивно-медицинска институција за давање валидна оценка за евентуален здравствено еколошки ризик.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ОПШТИНА ШТИП**

**Број: 18-1790/2 од 26.02.2025 год.**

**Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,**

**комунални работи и заштита на животна средина**

**ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ**:244

**ДУП:** *нас.„8 -ми Ноември“*

**УП за село**:_____

**УП вон нас.место:**_____

**Одлука бр:** *0805-705/1 од 29.03.1990 год*

**Намена за градба**:

**Улица:**

**КО:** Штип **КП:**

**ДЛ:** **М= 1:** 1000

**ИЗВОД ЗА УП.**

**СОДРЖИ:**

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - легенда

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

**Изготвил:** Соња Ѓеоргиевска

**По овластување од Градоначалник**

**Раководител на сектор**

Лазар Хаџи-Николов

# ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА НАС „8ми НОЕМВРИ"

## Р=1:1000




## ЛЕГЕНДА

| | |
|---|---|
| ЦМЗ | ЦЕНТАР НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА |
| ПТТ | ПОШТА |
| ДИ | ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ |
| Б | СТАНБЕНИ БЛОКОВИ |
| Г | ГАРАЖИ |
| ДГ | ДЕТСКА ГРАДИНКА |
| ФУ | ОСНОВНО ОСУМГОДИШНО УЧИЛИШТЕ |
| ЗП | ЗЕЛЕНО ПАЗАРТЕ |
| К | КИОСЦИ |
| S | СТАНБЕНИ КУЛИ |
| | ОБЈЕКТИ ВКЛОПЕНИ ВО УРБ. ПЛАН |
| | ПОЛУВОПРЕДАСОЖЕНИ ОБЈЕКТИ |
| А | ОБЈЕКТИ ЗА СНАБДУВАЊЕ |

граница на опфат

# ДЕЦЕНАЛА


ШАНГАРША МЕЗЕНА БАЛАЕНИЦА

ПОРИНГА

ДЕЦЕНАЛ ИОГРАЛАНИГЕ

СТАЛИЗЕНИ БАЛИКОВИ

ГАРАЖКИ

ДЕЦЕНАЛА ГРАЛАНИЦА

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

[illegible]

## IV. ОЦЕНКА ЗА МОЖНОСТА ЗА ИДНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Имајќи ја во предвид моментталната состојба на населбата "8-ми Ноември" може слободно да се каже дека е реализирана во поголем дел како од аспект на становање така и од комунална инфраструктура. Слободен простор постои непосредно до новоизградената пошта према запад и помеѓу блоковите Б-7 и Б-3 и северно од блоковите Б-6 и Б-8. Постои простор за паркирање и гаражирање кои треба со новопредвиденото решение да ги задоволи потребите на населбата.

Предстои уредување на просторот покрај реката Брегалница кој е решен како зеј и потесните а просторот од потесните до објектите како парковско зеленило.

## V. ГЛАВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА КОНЦЕПЦИЈАТА НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

### V.1 Сообраќај

Просторот на месната заедница "8-ми Ноември" од сообраќаен аспект гледано го почитува урбанистичкото решение во потполност. Сите сообраќајници се изведени со предвидените профили на улиците .

Населбата е ограничена со изградена улица "Карл Маркс" изградени е дел од улица "Парижанска" а еден дел се проектира и една улица на северната страна која ќе ги поврзе станбената населба "Сењак".

и индустриската зона преку новиот мост на река Брегалница. Профилот на оваа улица е тривати по три метри и по три метри тротоари лево и десно од улицата. Профилот на улицата "Партизанска" е 2 (2x3,5)м и раздвојно земјиште од 5,о м. Е пешачко-велосипедска стаза лево и десно со ширина од 5,2 м. Останатите собирни улици кои проаѓаат низ населбата се со ширина од 6,ом. и тротоар 2 односно 3 м. и сервисни улици со ширина од 5,о м. При одредувањето на основната цел на задатокот за ревизијата мс. "Н-ми Поснови" брше решавањето на сообраќајот во мирување односно паркирање и гаражирање.

Во населбата има неколку салонови на гаражи кои не ги задоволуваат потребите. Со новото решение се предвидени уште седум локации за изградба на гаражи вградени во граничниот ѕид со релативен број на гаражи а во зависноста од тоа колкави се просториите и гаражните услови.

Постојат објективни пречки при реализацијата на нивниот од овие гаражи во поседувањето на одреди објекти кои не се уклопени во урбанистичкиот план кои влегаат испред куќи Б-1, Б-9, Б-10 и Б-11.

Со новото решение за сообраќајот во мирување се прибегнуваме до урбанистичките норми да се обезбедиме секој стан паркинг или гаража односно гаражите во однос на паркинзите да бидат во однос 30% со 70%.

Постојни гаражи има 139 а новопредвидени 186 или вкупно 325.

Постојни изведени паркиња 170 новопредвидени 586 или вкупно 756.

Вкупниот број на гаражи и паркиња ќе ги задоволат барањата на населбата која брои 1080 станови и 4000 жители.

V.2 На просторот кој е дефиниран со решението ќе реализираме скоро сите станбени објекти освен Б-10 и Б-11 и центарот на месната заедница. Висината на наведените објекти се движи од П+2 до П+9 гаражите се одделени. Во Б-10 и Б-11 се предвидени околу 100 стана способни за живеење од П+4 на локација на која се влогаат 4 стари објекти.

## V.3. Објекти од општествен стандард

Потребни функции кои треба да се обезбедат во одделна месна заедница а кои се предвидени со основниот урбанистички план се: основно училиште, детска градинка, пенкерна на месна заедница со:

повеќенаменска сала, клубови за млади и за пензионери, аптека, библиотека, амбуланта, банка или експозитура, пошта или експозитура книги, споменик на култура, зелено пазарче , трговија, занаетчиство берберр, фризер, кондураџија, ТV меѓународ , ресторан со кафеан, супермаркет и други услужни и занаетчиски дејности .

Во приземјето на блоковите Б-3, Б-6, Б-7 , Б-1, Б-2, Б-5 Б-12 и Б-18 има деловен простор во кои и сега се одвиваат овие дејности како што се кондураџија, самопослуга, фризер, представништва на земјоделски задруги, продавници во Б-1 и Б-2. Деловниот простор во Б-1 е исклучиво да се намени за снабдување.

На влезот на улица "Енгелсова" предвидени се еден скопје на мостиц и тоа за дневен печат, лес и бели пецива, тутун, угостителски ѓиоск.

Центарот на месната заедница кои беше предвиден на северната страна од населбата веа постојните бунтари на КРО "Фортуна" со новото решение се предвидува да се лоцира на просторот непосредно до помтата кои со една своја фасада треба да лежи и да се развие комбиниран објект,- центар на месна заедница, а треба да ги содржи функциите: ресторан, кафеана, канцеларија на месна заедница, амбуланта, аптека, клубови за млади и пензионери,супермаркет,.Објектот е со висина П+1 и П+2.

Осмогодишното училиште се наоѓа на северната страна од населбата и ги задоволува потребите на населбата.

Детската градинка со капацитет од 150 деца ги задоволува потребите на населбата а се наоѓа непосредно покрај реката Брегалница.

Зелено пазарче со површина од 625 $m^2$ корисна површина е предвидено помеѓу Б-7 и Б-1о . Поетон едно уредено детско игралиште кај Б-3 а предвидени се уште и кај блоковите Б-9, Б-11 и Б-13 иако е предвидено и игралиште за мали спортови.

VI. Зеленило

Зеленилото е основен чинител во создавањето и подобрувањето на микро климатските условиии во една урбана средина. Од тие причини треба да се обрати посебно внимание на неговото создавање и одржување и правилно искористување. Сите површини кои се озеленети на некој начин треба да се грижливо одржуваат а тие каде постои слободен простор а нема предвидено објекти да се озеленат.

Посебно да се обрати внимание на просторот околу кејот на река Брегалница на јужната страна каде е потребно со рекултивирањето на

## ОДРЕДБИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ

1. Новопредвидените габарити да се реализираат према предвидените габарити во графичкиот прилог.

2. Строго да се почитуваат решенијата од урбанистичкиот план за колски и пешачки пристапи.

3. При изградбата на локација на новопредвидените гаражи и стамбени објекти да се уследи инвеститорот да употреби материјали кои ќе одговараат на амбиентот во кои се наоѓаат.

4. За изградбата на детските игралишта ќе се изготват детални проекти врз предходна состојба на теренот.

5. При засадувањето на дрворедите да се бара стручна помош од надлежните органи при СО Штип и Комитетот за урбанизам и комунално стамбени работи при СО Штип.

6. При изведувањето на паркиралиштата покрај улиците да се изведат спуштени бордуваци.

7. Со реализацијата на новите стамбени објекти паралелно да се изведат и паркинг-простори на истите .

8. Предвидените паркинзи кај веќе изведените стамбени згради да се реализираат во најкраток временски период.

9. Во непосредна близина на Б-3 (1о1 стан) да се изведе атмосферска канализација према улица ЈНА заради прифаќање на атмосферските води.

10. Изведбата на гаражите да ја врши исклучиво градежна оперативна а локациите да не се дозволуваат на индивидуални лица.

11. При изведбата на новопредвидената улична мрежа да се остават отвори за инсталациите.

12. На делот од улицата "Партизанска" кој се наоѓа близу до постојните стамбени објекти и чија висината е прилично висока во однос на стамбените објекти да се предвиди жичен потпорен ѕид и озеленувањето како би се намалил лошиот ефект од близината на улицата.

13. Сите сообраќајници после изведувањето да се обележат со хоризонтална и вертикална сигнализација.

14. Во посебниот анекс план на населување се третираат просторите за засолништа и во текот на реализацијата на објектите во населбата да не се надградува теренот наменет за засолништа и да не се ѕидат никакви инсталациски или други простори.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ОПШТИНА ШТИП**

**Број: 18-1791/2 од 26.02.2025 год.**

**Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,**

**комунални работи и заштита на животна средина**

**ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ**: 245

**ДУП**: **Измена и дополнување на ДУП за дел од населба "8-ми Ноември"**

**УП за село**:_____

**УП вон нас.место:**_____

**Одлука бр:** 07-4995/1 од 13.07.2012год.

**Намена за градба:**

**Улица:**

**КО:** Штип-3 **КП:**

**ДЛ:** **М= 1:** 1000

**ИЗВОД ЗА УП.**

**СОДРЖИ:**

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Табела
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
     - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица

**Изготвил:** Соња Ѓеоргиевска

**По овластување од Градоначалник**

**Раководител на сектор**

Лазар Хаџи-Николов

## НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

| Број на Градежна Парцела (Г.П.) | Група на класа на намена | Основна класа на намена | Поединечна Намена | Површина на парцела м² | Утврдена површина за градење м² | Максимална повр. за изградба во утврдениот простор за градење м² | Вкупна изградена површина на сите катови м² | Максимална висина на хоризонтален венец на кров | Катност | Висинска кота на приземна плоча во однос на кота на тротоар | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност (К) | Паркирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | А | А2 | Домување во станбени згради | 1772м² | 803м² | 803м² | 10439м² | 40м | П+12 | 15см | 45,3 | 5,33 | 118 (сопствена парцела) |
| 2 | Е | Е | Трафостаница | 39м² | 20м² | 20м² | 20м² | 4м | П | / | 51 | 0,5 | / |
| 3 | А | А2 | Домување во станбени згради | 986м² | 374м² | 374м² | 2150,5м² | постоечка | П+4+Пк | постоечка | 38 | 2,18 | Постојна состојба (јавни паркинзи) |
| 4 | А | А2 | Домување во станбени згради | 1302м² | 377м² | 377м² | 2167,5м² | постоечка | П+4+Пк | постоечка | 28,9 | 1,66 | Постојна состојба (јавни паркинзи) |
| 5 | А | А2 | Домување во станбени згради | 957м² | 348м² | 348м² | 2349м² | постоечка | П+5+Пк | постоечка | 36,4 | 2,45 | Постојна состојба (јавни паркинзи) |
| 6 | А | А2 | Домување во станбени згради | 1044м² | 393м² | 393м² | 2652,75м² | постоечка | П+5+Пк | постоечка | 37,6 | 2,54 | Постојна состојба (јавни паркинзи) |
| 7 | А | А2 | Домување во станбени згради | 1308м² | 804м² | 804м² | 10452м² | 40м | П+12 | 15см | 61,5 | 8,0 | 118 (сопствена парцела) |
| 8 | А | А1 | Домување во станбени куќи | 292м² | 253м² | 253м² | 696м² | постоечка | П+1+Пк | постоечка | 86,70 | 2,38 | Постојна состојба (јавни паркинзи) |
| 9 | А | А1 | Домување во станбени куќи | 271м² | 253м² | 253м² | 696м² | постоечка | П+1+Пк | постоечка | 93,40 | 2,57 | Постојна состојба (јавни паркинзи) |
| 10 | Е | Е2 | Трафостаница | 53м² | 15м² | 15м² | 15м² | постоечка | / | постоечка | 28,3 | 0,28 | / |
| 11 | Б | Б1 | Мали комерцијални и деловни намени | 184м² | 184м² | 184м² | 368м² | 7,2м | П+1 | 15см | 100 | 2,0 | 5 (јавни паркинзи) |
| 12 | Б | Б1 | Мали комерцијални и деловни намени | 98м² | 98м² | 98м² | 196м² | 7,2м | П+1 | 15см | 100 | 2,0 | 3 (јавни паркинзи) |
| 13 | Б | Б1 | Мали комерцијални и деловни намени | 111м² | 111м² | 111м² | 222м² | 7,2м | П+1 | 15см | 100 | 2,0 | 3 (јавни паркинзи) |
| 14 | Е | Е2 | Трафостаница | 65.6м² | 20м² | 20м² | 20м² | 4м | П | / | 30,5 | 0,3 | / |
| 15 | А | А2 | Домување во станбени згради | 1603м² | 521м² | 521м² | 5601м² | постоечка | П+10+Пк | постоечка | 32,5 | 3,5 | Постојна состојба (јавни паркинзи) |
| 16 | А | А2 | Домување во станбени згради | [illegible]4м² | 445м² | 445м² | 1669м² | постоечка | П+2+Пк | постоечка | 29,2 | 1,1 | Постојна состојба (јавни паркинзи) |
| 17 | А | А2 | Домување во станбени згради | 956м² | 413м² | 413м² | 1549м² | постоечка | П+2+Пк | постоечка | 43,2 | 1,62 | Постојна состојба (јавни паркинзи) |
| 18 | А | А2 | Домување во станбени згради | 130[illegible] | 449м² | 449м² | 5276м² | постоечка | П+10+Пк | постоечка | 30,6 | 3,6 | Постојна состојба (јавни паркинзи) |
| 19 | А | А2 | Домување во станбени згради | 1464[illegible] | 863м² | 863м² | 10356м² | 40м | П+12 | 15см | 58,9 | 7,07 | 103 (сопствена парцела) |
| 20 | Е | Е2 | Трафостаница | 15м² | 15м² | 15м² | 15м² | постоечка | / | постоечка | 100 | 1 | / |
| 21 | Е | Е2 | Гаражи | 275м² | 275м² | 275м² | 275м² | постоечка | / | постоечка | 100 | 1 | / |

КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ:




ПРЕСЕК 1-1 М=1:250
бул. Партизанска - градска магистрала
улица 6 - станбена улица

ПРЕСЕК 2-2 М=1:250
бул. Партизанска - градска магистрала
улица 3 - станбена улица

ПРЕСЕК 3-3 сервисна улица, М=1:250
ул. Боро Арсов

ПРЕСЕК 4-4 сервисна улица, М=1:250
ул. Енгелсова

ПРЕСЕК 5-5 станбена улица, М=1:250
улица 1

ПРЕСЕК 6-6 станбена улица, М=1:250
улица 2, улица 4, улица 5, улица 9

ПРЕСЕК 7-7 станбена улица, М=1:250
улица 7

ПРЕСЕК 8-8 станбена улица, М=1:250
улица 8

ПРЕСЕК 9-9 станбена улица, М=1:250
улица 10

ПРЕСЕК 10-10 станбена улица, М=1:250
улица 11

ПРЕСЕК 11-11 станбена улица, М=1:250
улица 12




| T01 | |
|---|---|
| α | 29° |
| L(m) | 65,6 |
| R(m) | 130,0 |
| B(m) | 4,29 |
| T(m) | 32,7 |

| T02 | |
|---|---|
| α | 26° |
| L(m) | 45,3 |
| R(m) | 100,0 |
| B(m) | 2,61 |
| T(m) | 22,6 |

| T03 | |
|---|---|
| α | 40° |
| L(m) | 7,0 |
| R(m) | 10,0 |
| B(m) | 0,64 |
| T(m) | 4,6 |

| T04 | |
|---|---|
| α | 10°30' |
| L(m) | 21,0 |
| R(m) | 129,5 |
| B(m) | 0,58 |
| T(m) | 7,4 |

| T05 | |
|---|---|
| α | 51° |
| L(m) | 114,8 |
| R(m) | 135 |
| B(m) | 14,8 |
| T(m) | 64,3 |

| T06 | |
|---|---|
| α | 38° |
| L(m) | 34,7,0 |
| R(m) | 50,0 |
| B(m) | 3,0 |
| T(m) | 17,3 |

| T07 | |
|---|---|
| α | 99° |
| L(m) | 39,2 |
| R(m) | 22,5 |
| B(m) | 12,20 |
| T(m) | 19,0 |

| T08 | |
|---|---|
| α | 16° |
| L(m) | 17,0 |
| R(m) | 60,0 |
| B(m) | 0,6 |
| T(m) | 8,5 |




граница на опфат

### КООРДИНАТИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ:

| | | |
|---|---|---|
| T1 | 599595,52 | 623269,99 |
| T2 | 599667,89 | 623298.26 |
| T3 | 599710.67 | 623200.80 |
| T4 | 599740.25 | 623134.04 |
| T5 | 599751.82 | 623104.11 |
| T6 | 599739.35 | 623022.66 |
| T7 | 599734.55 | 623013.31 |
| T8 | 599729.01 | 623004.37 |
| T9 | 599706.10 | 622969.52 |
| T10 | 599671.35 | 622920.38 |
| T11 | 599595.87 | 622912,41 |
| T12 | 599592.42 | 622912.64 |
| T13 | 599589.25 | 622914,05 |
| T14 | 599580,51 | 622919,91 |
| T15 | 599591.22 | 622939,81 |
| T16 | 599597.19 | 622961,61 |
| T17 | 599625.13 | 623141,75 |
| T18 | 599626.03 | 623174.46 |
| T19 | 599618.76 | 623206.36 |

### КООРДИНАТИ НА ОСОВИНСКИ ТОЧКИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

| | | |
|---|---|---|
| T1 | 599595,52 | 623269,99 |
| T2 | 599667,89 | 623298.26 |
| T10 | 599671,34 | 622920,39 |
| T14 | 599580,51 | 622919,91 |
| T20 | 599599,80 | 622978,50 |
| T21 | 599612,12 | 623057,97 |
| T22 | 599613,96 | 623219,51 |
| T23 | 599629,37 | 623225,61 |
| T24 | 599667,74 | 623240,75 |
| T25 | 599698,77 | 623170,26 |
| T26 | 599683,03 | 623080,58 |
| T27 | 599661,79 | 623050,44 |
| T28 | 599652,25 | 623051,89 |
| T29 | 599628,55 | 623055,55 |
| T30 | 599614,95 | 622964,88 |

### КООРДИНАТИ НА ТОЧКИ НА РАДИУСИ

| | | |
|---|---|---|
| T01 | 599630,26 | 623174,87 |
| T02 | 599593,66 | 622938,89 |
| T03 | 599592,26 | 622912,03 |
| T04 | 599736,37 | 623015,57 |
| T05 | 599766,31 | 623075,23 |
| T06 | 599702,79 | 623161,21 |
| T07 | 599731,36 | 623073,33 |
| T08 | 599717.89 | 623030.12 |

# Измена и дополнување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од населба "8 Ноември" Штип, општина Штип

Плански период 2012-2017
- Предлог план -
**СИНТЕЗЕН ПЛАН**
- Планска документација-

КЛАСА НА НАМЕНИ:

**Е - ИНФРАСТРУКТУРА**
Е1- Комунална инфраструктура - Сообраќајници

**Е - ИНФРАСТРУКТУРА**
Е2- Комунална супраструктура - трафостаница/гаражи

**А - ДОМУВАЊЕ**
А1- Домување во станбени куќи
А2- Домување во станбени згради

**Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**
Б1- Мали комерцијални и деловни намени

**Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА**
Д1- Парковско зеленило

ЛЕГЕНДА:
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
ГП 1 - БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
РЛ - РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
ГГП - ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
ГЛ - ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ИЛ -ИНФОРМАТИВНА ЛИНИЈА
ПГЛ - ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- УЛИЦА
- ОСОВИНИ НА УЛИЦА
- БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ ИЛИ ДЕЛОВИ ОД ОБЈЕКТИ
- ТС - 10кV
Електричен вод
-Водовод
Фекална канализација
Подземна телефонска инсталација
Кабловска инсталација
Атмосферска канализација

| | |
|---|---|
| ЃЃСерверЃдЃ01ЃПроектиЃВектор лого 2.jпг | Планер: **ДПГИ "ВЕКТОР 90" Томе ДООЕЛ** Струмица ул."Ленинова" бр. 12 Тел/факс (034) 331 210 mail:vektor90@mt.net.mk |

| | |
|---|---|
| **НАСЛОВ НА ПЛАНОТ:** | **Измена и дополнување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од населба "8- Ноември" Штип, општина Штип** |
| **НАРАЧАТЕЛ:** | СО Штип |
| **МЕСТО:** | населба "8 Ноември" Штип, општина Штип |
| **ПОДРАЧЈЕ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ:** КП бр. 4414, 4415, 4416, 4417, 4420, 4421, 4422, 4430, 4432, 4433, 4438, 4437, 4440, 4445, 4446, 4447, 4452, 4431/4, 4431/5,4431/6, 4431/7, 4431/8, 4431/9 и делови од КП бр. 4431/1 и 4441 | **СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ:** **СИНТЕЗЕН ПЛАН** - Планска документација- |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ОДГОВОРНО ЛИЦЕ: ТОМЕ ТИМОВ | ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР: ТОМЕ ТИМОВ д.и.а. Овластување бр. 0.0080 | | ФАЗА: **ПРЕДЛОГ ПЛАН** | |
| ПЛАНСКИ ПЕРИОД: 2012-2017 | | | ДОНЕСУВАЧ НА ПЛАНОТ **ОПШТИНА ШТИП** | |
| **СОРАБОТНИК:** | Билјана Христоманова, д.и.а. | ТЕХ. БРОЈ: 011-2802/2011 | РАЗМЕР: 1:1000 | Лист бр. 5 |
| **МЕСТО И ДАТУМ:** | Струмица; Ноември, 2012 | | | |

## АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ ПЛАН

Анализата е извршена за потребите на планската програма и е од информативен карактер, додека подетална анализа е предмет на работа на урбанистичкиот план.

Од увидот во постоечката состојба и важечкиот ДУП за населбата "8-ми Ноември" во Штип, може да се заклучи

- Од планираните нови градби реализирана е само градбата на ГП 1.16. Планираната градба на ГП 1.17 . е реализирана само до кота на подрум.
- Останатите околни градби се главно станбени згради.
- Улицата Енгелсова не е реализирана според новопредвидената траса .
- Градбата на ГП 1.17 е планирана со висина 7,5 м. со кои, имајќи ја во предвид конфигурацијата на теренот и висинската разлика од бул."Партизанска", објектот едвај ќе се изедначи со котата на улицата, односно се наоѓа во дупка во однос на неа.
- Целиот потег покрај бул. "Партизанска" е на пониско ниво од улицата кое предизвикува состојба на неуреденост и безличност на просторот.
- Планираните паркинзи пред станбените објекти не ги задоволуваат критериумите за минимален број паркинзи пропишани со постоечкиот Правилник, и не се обезбедени услови за пристап на автомобили кон задните дворишта и ПП возила од источната страна на постоечките градби.
- Границите на градежните парцели не се до крај дефинирани, а одредени дефинирани граници на парцели се такви што е неопходно нивно редефинирање ( според фактичките сопственички состојби).
- Градбата на КП 4447 со постоечкиот план се планира да се руши со планирање на зеленило на место постоечката станбена зграда, кое во никој случај не го решава проблемот, туку само ја остава фактичката состојба без нудење на решение.

## АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Од анализата на степенот на реализација на важечкиот план се гледа дека постои оправданост од преземање на активности за изработка на измена на постоечкиот ДУП за населбата "8-ми Ноември".

Постојат услови за обезбедување на сообраќаен пристап и зголемување на изграденоста во рамките на планскиот опфат, како и подобрување на уреденоста на просторот.

Можностите за просторен развој се имплементирани во целите на предметната планска програма.

Детална разработка на сите наведени анализи и плански решенија е предмет на работа на урбанистичкиот план.

## ЦЕЛИ

Цел на Измената на ДУП-от е промена на архитектонско-урбанистичките услови за градба на поединечните градежни парцели кај кои постојат услови, дефинирање на нивните граници, како и изработка на сообраќајно решение низ блокот кое ќе овозможи услови за несметан пристап до поединечните парцели и паркирање на возила во склад со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/10 и 64/11).

Каде што постојат услови да се предвиди зголемување на површината за градење и висината на планираните градби, во склад со важечките прописи и стандарди.

За градежната парцела 1.17 на КП бр.4431/9 да се предвидат следните измени:

-Предвидената намена- УД-услужни дејности да се дополни со намена домување со кое намената на објектот според важечката класификација на намени ќе гласи Б1-Мали комерцијални и деловни намени и А2-домување во станбени згради.

-Да се дефинираат граници на градежната парцелата со кои ќе се овозможи пешачки пристап до парцелата од бул. Партизанска.

ТОМЕ ТИЛЕВ
дипл.инж.арх.

- Да се зголеми површината за градење и висината на планираната градба во склад со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/10 и 64/11).

- Да се овозможи нормален сообраќаен пристап со возила до предметната парцела и планирана градба

За сите останати градежни парцели и градби во рамките на планскиот опфат да се дефинираат границите на градежните парцели (кај парцелите кај кои не се дефинирани границите, или се неадекватно дефинирани).

Да се изработи сообраќајно решение со кое ќе се создадат услови за автомобилски пристап и паркирање до сите постоечки или новопланирани градби.

Урбанистички да се уреди просторот со цел да се создадат услови за негово квалитетно уредување, со кое тој дел од градот ќе се уреди како квалитена амбиентална целина.

Сите поединечни елементи на планот да содржат текстуален дел со нумерички показатели за постојната и планираната состојба како и потребен број на графички прилози.

Условите за градење да се дефинираат во склад со важечките Закони и Правилници како и ГУП на град Штип, и детално се дефинираат сите урбанистички, архитектонски и комунални параметри за идни градежни активности во границите на планскиот опфат.

## НАМЕНИ

- **Плански опфат:** Границите на планскиот опфат се дефинирани со осовините на улиците бул "Партизанска" "Енгелсова" и "Боро Арсов" и истите во текстуалниот дел од ДУП-от да бидат опишани со координати по X и Y.
- **Класа на намена**: Класата на намени е дефинирана со постоечкиот ГУП на Штип и за подрачјето на планскиот опфат планирани се класи на намена А2 - Домување во станбени згради, А1- Домување во станбени куќи и Б1 - Мали комерцијални и деловни намени. Во однос на намената, не се планира промена на основните класи на намени дефинирани со ГУП-от и важечкиот ДУП.

## ИНФРАСТРУКТУРА

Да се изработи сообраќајно решение кое ќе овозможи услови за несметан пристап до секоја поединечна парцела како и паркирање на возила во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/10 и 64/11).

Да се прибаваат сите потебни податоци и мислења од надлежните комунални претпријатија, (Според Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) и да се вградат во планот. Да се предвидат приклучоци на електричната, водоводна и канализациона мрежа на сите планирани нови градби.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Основа за изработка на измената на ДУП-от ќе бидат Условите за градење од ГУП на град Штип и оваа Планска програма, а планот ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) и подзаконските акти што произлегуваат од него, односно Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на РМ бр. 78/06), и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/10 и 64/11), како и другата законска регулатива што го допира планирањето и намената на просторот.

**СОДРЖИНА НА ДУП-ОТ**

Измената на ДУП-от треба да се изработи согласно одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) и во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/10 и 64/11) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на РМ бр.78/06).

При изработката на ДУП-от потребно е да се почитува и другата законска регулатива што го допира планирањето и намената на просторот.

Изработил:
Томе Тимов, диа.

Прилог на Планската програма се:

- Ажурирана геодетска подлога со граници на планскиот опфат
- Извод од ГУП на град Штип
- Одлуката за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Штип за 2010 год.

## 5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ

Планскиот концепт е изработен во склад со зададената Планска програма, како и сознанијата од Документационата основа.

Со изработка на Измената и дополнување на Деталниот урбанистички план се менуваат архитектонско-урбанистичките услови за градба на градежни парцели кај кои постојат услови, со дефинирање на нивните граници, детално прикажани во графичките прилози, како и се изработува сообраќајно решение низ блокот кое ќе овозможи услови за несметан пристап до поединечните парцели и паркирање на возила во склад со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/10 ,64/11,169/11 и 45/12). Дополнително, со општите и посебни услови за градење дефинирани се условите за градење во предвидените градежни парцели.

Каде што постојат услови се предвидува зголемување на површината за градење и висината на планираните градби, во склад со важечките прописи и стандарди.

**За градежната парцела 1.17 на КП бр.4431/9 се предвидуваат следните измени:**

- Предвидената намена- УД-услужни дејности се дополнува со намена- домување со кое намената на објектот според важечката класификација на намени ќе гласи Б-комерцијални и деловни намени и А2-домување во станбени згради.

- Се дефинираат граници на градежната парцелата со кои ќе се овозможи пешачки пристап до парцелата од бул. Партизанска.

- Се зголемува површината за градење и висината на планираната градба во склад со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/10 ,64/11,169/11 и 45/12).

- Се овозможува соодветен сообраќаен пристап со возила до предметната парцела и планирана градба.

За сите останати градежни парцели и градби во рамките на планскиот опфат се дефинираат границите на градежните парцели (кај парцелите кај кои не се дефинирани границите, или се неадекватно дефинирани).

Се изработува сообраќајно решение со кое се создаваат услови за автомобилски пристап и паркирање до сите постоечки или новопланирани градби.

Урбанистички се уредува просторот со цел да се создадат услови за негово квалитетно уредување, со кое тој дел од градот ќе се уреди како квалитена амбиентална целина.

дипл.инж.арх.
овластен планер
0080

Приложени се плански решенија за комуналната инфраструктура, за приклучување на постојната водоводна, канализациона, телефонска и електрична мрежа.

Сите поединечни елементи на планот содржат текстуален дел со нумерички показатели за постојната и планираната состојба како и потребен број на графички прилози.

Условите за градење се дефинираат во склад со важечките Закони и Правилници како и ГУП на град Штип, и детално се дефинираат сите урбанистички, архитектонски и комунални параметри за идни градежни активности во границите на планскиот опфат.

## 6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА

### 6.1 Плански опфат

Измената и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од населба "8 Ноември" Штип, општина Штип, е изработена за плански опфат дефиниран со линија и прекршни точки дефинирани со координати, во рамки на земјиште кое е во приватна сопственост.

Планскиот опфат зафаќа вкупна површина од 4,066ха.

### 6.2 Регулациона линија

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичките прилози означена е регулационата линија со детално котирање на растојанија до градежните линии.

### 6.3 Градежна парцела

Планскиот опфат е составен од 21 градежни парцели. Со измената на планот се врши и измена на границите на градежните парцели- кај дел од постоечките станбени згради, како и дефинирање на граници на парцели кај градбите за кои не биле дефинирани или за новопланираните градби.

### 6.4 Наменска употреба на земјиште

Со Измената и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од населба "8 Ноември" Штип, општина Штип се потврдува класата на намени која е дефинирана со постоечкиот ГУП на град Штип како А1- Домување во станбени куќи, А2- Домување во станбени згради, Б1- Мали комерцијални и деловни намени, Д1-Парковско зеленило и Е2- Комунална супраструктура- трафостаница.

Дополнително, наведените класи на намени А2- Домување во станбени згради и Б1- Мали комерцијални и деловни намени, се надополнуваат со компатибилни класи на намени, до максимално вкупно 40%, односно 20% соодветно.

**6.4.1 Намена А2-** Домување во станбени згради

Голем дел од постоечките и планираните станбени градби во рамките на планскиот опфат се со намена А2 -Домување во станбени згради. Од нив девет објекти (изградени на ГП 3, 4, 5, 6, 15,16, 17 и 18) се задржуваат без измени во рамките на постоечките габарити и кантности. Кај нив интервенции се планирани само во дефинирањето на граници на градежните парцели.

**6.4.2** На **ГП 19** се дефинира со намена домување во станбени згради. На наведената парцела на КП бр. 4447 постои станбена зграда со катност С+П+1, која е во доста лоша состојба. Имајќи го во предвид масивниот систем на градба и лошата состојба на градбата, се предвидува рушење на постоечкиот и изградба на нов објект со катност П+12 со зголемени габаритни димензии. Со таквиот објект се создаваат и реални економски услови за реализација на планираната градба.

**6.4.3** На **ГП 1** се планира изградба на станбена зграда со катност П+12 на местото на постоечките приземни гаражи. На тој начин ќе се придонесе за уреденоста на комплетниот простор од една страна, а габаритните димензии и катност гарантираат

Овластен планер 0080

економски услови за реализација на градбата. Иако во постапката на усвојување на планот е поднесена забелешката дека *Зафаќањето на земјиштето за општа употреба (планирано за јавен паркинг и парковско зеленило) е спротивно за член 24 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.142/10 И 64/11)* остануваме на планираното решение од следните причини:

Во конкретниот случај не се работи за јавен паркинг туку за изградени гаражи на поединечни сопственици од кои некои се користат и за други намени.( сервиси, магацини и сл.) Затоа сметам дека во конкретниот случај наведениот член од Правилникот не се однесува на опишаната фактичка состојба.

Во Ставот (5) од чл. 24 од Правилникот е наведено дека:

Со оформувањето на градежната парцела да се обезбедува подобрување на условите за живот и работа на луѓето, зголемување на можностите за развој и градење и зголемување на вредноста на градежното земјиште.

Во планската документација фактички и тоа е направено. За сметка на еден комплетно неуреден простор (со впечаток на "слам" во непосредна близина на централното градско подрачје), се планира изградба на станбен објект со деловен простор во приземје кој урбанистички и архитектонски ќе придонесе за уреденоста на целиот блок.

Дополнително со планската документација на ниво на блок, наместо 40 постоечки гаражи се планира изградба на јавен паркинг за 101 возило. Од планираните паркинг места 53 се ориентирани кон постоечките станбени згради од кои и главно ќе бидат користени, и со местоположбата се многу подостапни од постоечките гаражи периферно поставени.

**6.4.4.** На **ГП 7 на КП бр.4431/9 се предвидуваат следните измени:**

- Предвидената намена со постоечкиот ДУП- УД-услужни дејности се дополнува со намена- домување со кое намената на објектот според важечката класификација на намени ќе гласи Б1- Мали комерцијални и деловни намени и А2- Домување во станбени згради.
- Се дефинираат граници на градежната парцелата со кои ќе се овозможи пешачки пристап до парцелата од бул. Партизанска.
- Се зголемува површината за градење и висината на планираната градба во склад со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/10 ,64/11,169/11 и 45/12).
- Се овозможува соодветен сообраќаен пристап со возила до предметната парцела и планирана градба.

**6.4.5** градбите на ГП 11,12 и 14 се задржуваат според предвидените габаритни димензии, катности и намени со постоечкот ДУП.

**6.4.6 Намена А1-** Домување во станбени куќи

- Предвидената намена со постоечкиот ДУП- УД-услужни дејности за парцелите 8 и 9 се менува со намената- домување, со кое намената на објектот според важечката класификација на намени ќе гласи А1- Домување во станбени куќи.

**6.5 Градежна линија**

Градежната линија претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница во која градбата може да се гради. Градежните линии на површината за градење на новопредвидените градби е дефинирана со градежни линии на начин прикажан во графичките прилози.

Во графичките прилози означени се градежните линии, со детално котирање на растојанијата помеѓу нив и регулационите линии како и кон границите на градежните парцели.

**6.6 Површина за градење**

На градежните парцели се предвидени површини за градење и со нив се дефинирани максималните граници во кои може да се движи габаритот на градбата, односно максималната површина од парцелата која може да биде зафатена со градба.

ТОМЕ ТИМОВ
дипл.инж.арх.
Овластен планер
0080

### 6.7 Максимална височина

Максимална височина на градба во урбанистички план се изразува како дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.

Максималната височина на градбата во урбанистички план се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

Предвидената максимална висина на сите поединечни градби е прикажана табеларно во нумеричките показатели за планираната состојба како и во графичките прилози.

### 6.8 Процентот на изграденост

Процент на изграденост на земјиштето (П) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Истиот се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежното земјиште изразен во процент.

### 6.9 Коефициентот на искористеност

Коефициент на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови под градбата и вкупната површина на градежното земјиште.

### 6.10 Сообраќај

Пристапот во предметните парцели е обезбеден од улица "Енгелсова" и од постоечките и новопланирани станбени улици во внатрешноста на блокот. Нивелетите на постоечките улици се задржуваат како реализирани и на нив се надоврзуваат нивелетите на новопланираните улици.

- Булеварот **"Партизанска"** е магистрална улица предвидена со регулациона широчина од **39м** (**2х7,5м** коловоз, **1х5,0м** разделен зелен појас, **2х2,5м** велосипедска патека, **2х3,0м** зеленило и **2х4,0м** тротоар).
- Улицата **"Боро Арсов"** во постоечкиот ДУП е категоризирана како собирна улица планирана со профил од **20,5м** (**2х6,5 м** коловоз, **1х1,5м** разделен појас и **2х3,0м** тротоар). Од изводот од ГУП на град Штип се гледа дека улицата не е категоризирана како дел од примарната улична мрежа, и со нејзината регулациона ширина не се вклопува ниту во еден од планираните профили на собирни улици. Затоа, почитувајќи го ГУП-от и дадената забелешка од страна на Министерството за транспорт и врски во постапката на усвојување на планот, улицата се задржува со планираниот попречен профил со постоечкиот ДУП од 20,5 м. со нејзина прекатегоризација во сервисна улица.
- Улицата **"Енгелсова"** е сервисна улица предвидена со профил од 12,0-12,5м (1х6,0-6.5 м коловоз и 2х3,0 м тротоар).
- **Улицата "1"** е станбена улица и е изведена во профил од 7,5м. Со Измената и дополнување на Деталниот урбанистички план се планира дооформување на нејзиниот профил со регулациона ширина од **12,0м** (**2х3,0м** коловоз и **2х3,0м** тротоар), како што е предвидена и со постоечкиот ДУП.

Дооформување на сообраќајно решение се состои од пробивање на систем на внатрешни станбени улици кои обезбедуваат услови за пристап на автомобили кон внатрешните дворишта и ПП возила од источната страна на постоечките градби.

Дополнително со предвиденото решение целиот потег покрај бул. "Партизанска" се планира за изградба на наткриени паркинзи. Имено, со постоечкиот ГУП, бул. "Партизанска" е планиран со регулациона ширина од 39,0 м. Со таквиот профил и фактичката висинска разлика на улицата и теренот покрај неа во рамките на планскиот опфат, би била неопходна изведба на армирано-бетонски потпорни ѕидови по целата

ТОМЕ ТАНЕВ
дипл.инж.арх.
Овластен планер 0080

должина на улицата. Со планското решение се планира користење на просторот под делот на планираниот тротоар на улицата со изведба на наткриени паркинзи. На тој начин се користи рационално земјиштето и се придонесува за неговата целокупна уреденост, а воопшто не се доведува во прашање можноста за реализација на инфраструктурни водови паралелно со улицата или нејзино идно проширување, затоа што велесипедската патека и зелениот појас со вкупна ширина од 5,5 м. ги овозможуваат тие услови.

Постојните паркинзи пред станбените објекти не ги задоволуваат критериумите за минимален број паркинзи пропишани со важечкиот Правилник, и затоа е предвидено дополнително нормално паркирање на внатрешните улици секаде каде што дозволуваат просторните услови.

- Новопланираните улици се предвидуваат со следните попречни профили. **Улица "2", Улица "4", Улица "5" и Улица "9"** (станбени улици) се предвидени со регулациона ширина од **8,5м** (**2х2,75м** коловоз и **2х1,5м** тротоар).
- **Улица "3"** (станбена улица) е предвидена со регулациона ширина од **12,0м** (**2х2,75м** коловоз, **1х1,5м** тротоар и **5м** паркинг простор).
- **Улица "6"** (станбена улица) е предвидена со регулациона ширина од **17м** (**1х1,5м** тротоар, **2х5м** паркинг простор, **2х2,75м** коловоз.
- **Улица "7"** (станбена улица) е предвидена со регулациона ширина од **18,5м** (**2х1,5м** тротоар, **2х5м** паркинг простор, **2х2,75м** коловоз).
- **Улица "8"** (станбена улица) е предвидена со регулациона ширина од **9,5м** (2х3,0м коловоз, 1х1,5м тротоар и 1х2м тротоар).
- **Улица "10"** (станбена улица) е предвидена со регулациона ширина од **12м** (2х2,75м коловоз, 1х1,5м тротоар, 1х5м паркинг простор).
- **Улица "11"** (станбена улица) е предвидена со регулациона ширина од **12,5м** (2х2,75м коловоз, 1х5м паркинг простор и 2м тротоар).
- **Улица "12"** (станбена улица) е предвидена со регулациона ширина од **14-16м** (2х2,75м коловоз, 1х1,5м тротоар, 1х5м паркинг простор и 1х2-4м тротоар).

Имајќи ги во предвид одредбите од чл.63 до чл.76 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/10 ,64/11,169/11 и 45/12) според предвидените ширини на сообраќајните ленти, растојанијата на крстосниците и планираните радиуси на хоризонталните кривини на крстосниците, новопланираните улици во рамките на планскиот опфат се дефинираат како станбени.

Радиусите на хоризонталните кривини и меѓусебните растојанија на планираните раскрсници се во согласност со чл. 74 и 75 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/10 ,64/11,169/11 и 45/12), освен на деловите реализирани според постоечкиот ДУП, кај кои не постојат услови за зголемување на радиусите односно за изместување на раскрсниците.

Потребата од паркинг простор се решава во рамките на поедините градежни парцели и на предвидените јавни паркинг простори. Бројот на паркинг места за автомобили се утврдува според класата на намена и во согласност чл. 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/10 ,64/11,169/11 и 45/12). Обезбедувањето на соодветниот број на паркинг места во сопствената парцела е предуслов за изведба на предвидените градби.

За сите новопланирани градби се предвидува паркирање во границите на градежните парцели. Кај постоечките градби за кои било планирано паркирање на јавни паркинзи и гаражирање во гаражи, се предвидува зголемување на планираните паркинзи како и услови за пристап со возила во задните делови од парцелите со кое се создаваат и услови за изградба на паркинзи и во рамките на парцелите.

Дополнително со планската документација на ниво на блок, наместо 40 постоечки гаражи на ГП 1, кои се планираат за рушење, се планира паркирање за 101 возило по должина на станбените улици "4" и "6".

ГОРАН ТИМОВ
дипл.инж.арх.
овластен
планер
0080

### 6.11 Нивелмански план

Со нивелманскиот план се дефинирани котите на нивелетата на сите осовински вкрсни точки на крстосниците на улиците, како и подолжните и попречните наклони на улиците.

Имајќи во предвид дека со Документацијата не се менува сообраќајното решение на улиците, не се менува ниту нивната нивелета. Новопланираните улици со своите нивелети се надоврзуваат на постојните сообраќајници. Нивните коти, попречни и подолжни падови се детално прикажани во графичките прилози-нивелмански план.

Котата на приземјето на градбите, пристапот и партерното уредување на дворовите ќе се усогласат со нивелетата на улиците и условите на теренот. Во графичките прилози прикажани се апсолутните коти и кординатите на осовинските точки.

### 6.12 Комунална инфраструктура

Во планот се прикажани предвидените приклучоци на постојната водоводна, фекална канализациона, телефонска и електрична инфраструктурната мрежа до предметните парцели.

Постоечките приклучоци на комуналната инфраструктурна мрежа се задржуваат.

Со новопланираните градби се зголемува густината на населеност, а со тоа и количината на вода која е неопходно да се обезбеди, како и одводот на фекални отпадни води. За реално решавање на зголемените потереби за довод на вода и одвод на фекални води, ќе биде неопходно приклучоците на новопланираните градби да се изведат кон колекторските инфраструктурни водови.

Големината на планскиот опафат се задржува како и од претходната измена на планот. Со тоа се задржуваат и планираните профили на атмосферската канализација. Како дополнително решение планирано е канализирање на постоечкиот отворен атмосферски канал кој поминува паралелно со бул. "Партизанска", односно негова замена со вкопана армирано-бетонска цевка НД 1400.

За обезбедување на квалитено снабдување со електрична енергија се предвидува изградба на две нови трафостаници по 630 kVA , планирани со посебни градежни парцели, како и појачување на постоечката трафостаница на јужниот дел од планскиот опфат.

Димензионирањето на електричната мрежа се врши според следниве електроенергетски параметри :

-Инсталирана снага по стан ... 20,0 kW
-Коефициент на едновременост ... $n_1$=0,3
-Коефициент на едновременост
за бесконечен број станови ... $n_2$=0,185
-Едновремена снага по стан
за затоплување и ладење на станови ... 3,0 kW

За планскиот опфат се предвидени нови 270 станови, па коефициентот е :
Едновременета снага за 270 станови изнесува :
Пед1=270 x 20 x 0,3 x 0,185 = 300 kW
Едновременета снага за греење и ладење на 270 станови изнесува :
Пед 2=270 x 3 = 810 kW
Вкупната едновремена снага за новопланираните содржини изнесува 1110 kW

### 6.13 Хортикултура и партер

Слободниот неизграден дел од градежните парцели се предвидува хортикултурно да се уреди со високо и ниско зеленило и да се затревни.

Пешачките патеки во локацијата се предвидува да се обработат со павер елементи.

## 7. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Реализацијата на планираната Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од населба "8 Ноември" Штип, општина Штип, ќе предизвика

Запастен пламер 0080

позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфаструктурна опременост и уредување на просторот како и на економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување. Со самата реализација на градбите се придонесува за развој на подрачјето, како и привлекување на нови инвестиции. Со тоа директно се поттикнува економскиот развој на Општината.

Ова се подразбира доколку се базира на принципите на одржлив развој и со максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

## 8. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

При проектирањето на градбите, неопходно е да бидат запазени прописите од Правилникот за суштински барања за градежни објекти (Сл. весник на РМ бр. 74/06).

### 8.1 Заштита на животна средина

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Градежните парцели се развиваат согласно современите урбанистички принципи со класа на намена "А" – Домување, "Б" – Комерцијални и деловни намени, "Д" – Зеленило и рекреација и "Е" – Инфраструктура и затоа проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се изразени.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

1. Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави.
2. Примена на соодветни техничко-технолошки мерки.
3. Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења.
4. Подигање и оформување на заштитни зелени појаси (дрвореди).

ТОМЕ ТИМОВ
дипл.инж.арх.
овластен планер
С080

5. Подобрување на состојбата со зелените јавни површини со правилен распоред и создавање на поврзан сиетем на зеленило во градот и вон-градските зелени простори.

Овој плански опфат нема негативно да влијае на околината.

Сите слободни површини од парцелите хорикултурно да се уредат со високо и ниско зеленило и да се затревнат.

Во смисол на заштита на подземните води, изведена е непропусна канализација за одводнување на надворешните површини.

Планирано е комплетирање на водоводната, канализациона, топлификациона, електрична и телефонска инфраструктурна мрежа.

Прашањето на одвоз на отпад да се реши во договор со надлежните институции за собирање на отпадот за осигуран континуиран одвоз, и да се постават контејнери према видот на одпадот. Просторот околу контејнерите да се уреди за овозможување услови за одржување и несметан пристап од сообраќајница.

Законска регулатива која ја уредува областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка на урбанистичкиот план е следната:

- Закон за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05; 81/05, 24/05, 159/09, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11)
- Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл. весник на РМ бр. 67/04; 92/07, 35/10 и 47/11)
- Закон за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр. 9/11 и 51/11)
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10 и 47/11)
- Закон за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04; 86/08, 124/10 и 18/11)
- Закон за водите (Сл. весник на РМ бр. 4/98; 87/08, 06/09, 161/09, 83/10 и 51/11)
- Уредба за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/99)
- Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10 и 47/11)
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/10 ,64/11,169/11 и 45/12) други законски и подзаконски акти.

За намената во планскиот опфат задолжително се изработува Извештај за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, согласно Уредбата за стратегиите, плановите, програмите, вкучувајќи ги и промените на тие стратегии, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина врз животот и здравјето на луѓето вСл.весник на РМ бр. 153/07г.

### *8.1.1 Заштита на почвата и подземните води*

Во смисол на заштита на подземните води потребно е изведба на непропусна канализација за одводнување на отпадните води.

1. Заштита на проточните и подземните води има приоритет и со соодветно техничко технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадни води, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и др.)
2. Неутрализирање на штетните отпадни материи пред испуштање во канализациона мрежа.

Имајќи во предвид дека во рамки на предметниот опфат постои изведена атмосферска канализациона комунална инфраструктура, има гаранции дека подземните води ќе бидат заштитени од загадување.

ТОМЕ ТИМОВ
дипл.инж.арх.
Овластен планер 0030

### *8.1.2 Заштита од бучава*

Емисијата на бучава кон околината треба да биде во рамките на пропишаните гранични вредности.

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајниците треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси по должина на тие сообраќајници и формирање на зелени коридори.

Во склоп на подобрување на условите за работа и живеење еден од битните фактори е подигањето на зелени насади во локалитетот и во неговото непосредно окружување.

### 8.2 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04 и 81/07) и Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остварувaат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

### *8.2.1. Заштита од природни и технолошки хаварии*

Врз основа на загрозеноста на регионот на Штип од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост на просторот на локалитетот и неговите физички структури. Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

### 8.2.2. *Мерки за заштита од урнатини*

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Во Измената и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од населба "8 Ноември" Штип, општина Штип е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на улиците, врз основа на што е изработено и планираното решение.

Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8°-10° по МЦС скалата.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

Просторот кој е предмет на анализа се наоѓа во зона загрозена со долготрајни воени дејствија, што наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)

ТОМЕ ТИМОВ
дипл.инж.арх.
Овластен инженер
0089

- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

### *8.2.3. Мерки за заштита од пожар*

Со планираното дооформување на сообраќајното решение се обезбедуваат услови за несметан пристап на ПП возила освен периметрално и кон внатрешните дворишта на постоечките и планирани градби.

Растојанијата на градежните линии на предвидените објекти гарантираат сигурност и заштита од ширење пожар од една на друга градежна парцела.

При изведба на водоводна мрежа ќе биде неопходно да се предвидат соодветен број противпожарни надворешни хидранти со кое ќе бидат задоволени мерките на превентива и заштита во случај на пожар. Останатите мерки за заштита од пожар се предвидуваат со изработката на техничката документација на објектот и треба да бидат во согласност со Законот и Правилниците за мерки за заштита од пожар.

При планирањето почитуван е Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) и Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04 и 81/07).

## 9. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Основните параметри за урбанистичко планирање се дефинирани според Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) и во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 142/10 ,64/11,169/11 и 45/12) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на Р.М. бр.78/06)

**Одобрението за градба ќе се издава врз основа на изработени Основни проекти.**

### 9.1 Плански опфат

Планскиот опфат опфаќа површина од 4,066ха.

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на Член 8, 9 и 10 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/10 ,64/11,169/11 и 45/12). Границата на планскиот опфат е дефинирана према логични разделници, дефинирани со член 8 од Правилникот. Во графичките прилози границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви прикажани табеларно.

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 19, а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по X и Y координати.

### 9.2 Регулациона линија, граница на парцела, градежна парцела и градежна линија

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичките прилози означени се регулационите линии кон улиците, со детално котирање на растојанија.

Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

Градежната парцела е ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на правото на градење.

Со градежните линии се дефинираат површините за градење во поединечните парцели, односно границите во кои може да се движат габаритите на поедините

ГОРАН ТИМОВ
дипл.инж.арх.
Овластен планер
0080

објекти. Во графичките прилози означени се градежните линии, со детално котирање на растојанијата помеѓу нив и регулационите линии.

### 9.3 Наменска употреба на земјиште

Во подрачјето на планскиот опфат, предвидени се основните класи на намени "А" – Домување, "Б" – Комерцијални и деловни намени, "Д" – Зеленило и рекреација и "Е" – Инфраструктура, и посебни класи на намени А1- Домување во станбени куќи, А2- Домување во станбени згради, Б1- Мали комерцијални и деловни намени, Д1- Парковско зеленило и Е2- Комунална супраструктура- трафостаница.

Дополнително, наведените класи на намени А2- Домување во станбени згради и Б1- Мали комерцијални и деловни намени, се надополнуваат со компатибилни класи на намени, до максимално вкупно 40%, односно 20% соодветно.

**За сите содржини во опфатот, одобрението на градба да се издаде врз основа на Основен проект за градбата.**

### 9.4 Површини за градење

Со градежните линии се утврдува максималната изградена површина на парцелата, односно рамките во кои може да се движи габаритот на градбата. Со градежните линии во внатрешноста на парцелата просторно се дефинирани максималните граници во кои може да се движи градбата по било која висина.

### 9.5 Височина на градбите

Максимална височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.

Максималната височина на градбата во урбанистички план се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

Предвидената максимална висина на сите поединечни градби е прикажана табеларно во нумеричките показатели за планираната состојба како и во графичките прилози.

Максималната висина на новите градби е условена одредба и се остварува до колку се исполнети останатите услови утврдени со планот особено во однос на потребниот број паркинг места.

Котата на плочата на приземје за новите градби на ГП 1, 7, 11, 12, 13 и 19 се утврдува на висина од 15 см. во однос на котата на готов тротоар на улицата од која е обезбеден сообраќаен пристап во парцелата.

### 9.6 Процент на изграденост

Процентот на изграденост на земјиштето (П) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Истиот се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежното земјиште изразен во процент.

### 9.7 Коефициент на искористеност

Коефициентот на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во проценти.

### 9.8 Сообраќај

Сите предвидени сообраќајници да се изведат спрема актуелните прописи стандарди и нормативи пропишани со погоре споменатиот Правилник (како што е предложено со Планот).

ТОМЕ ТИМОВ
дипл.инж.арх.
Овластен планер
0080

Уличната мрежа дефинирана со планот ќе се реализира со претходна изработка на основни проекти.

Планираното дооформување на сообраќајното решение создава услови за автомобилски пристап и паркирање до сите постоечки или новопланирани градби.

**Сообраќаен пристап до новопредвидените градежни парцели се планира од новопредвидените станбени улици.**

### 9.9 Паркирање

Потребата од паркинг простор се решава во рамките на градежните парцели. При планирањето на паркирањето да се почитуваат нормативите дадени во член 55 до 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/10 ,64/11,169/11 и 45/12).

Обезбедувањето на потребен број на паркинг места во сопствена парцела ќе биде основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина на градба.

### 9.10 Услови за движење на инвалидизирани лица

За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важат истите одредби од точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/10 ,64/11,169/11 и 45/12).

### 9.11 Зеленило

Слободниот неизграден дел од градежните парцели се предвидува хортикултурно да се уреди со високо и ниско зеленило и да се затревни.

Пешачките патеки во локацијата се предвидува да се обработат со павер елементи.

### 9.12 Водовод и канализација

При изработка на Основните проекти за градбите како и проектите за комуналната инфраструктура, обврзно да се почитуваат прописите за проектирање и градење, техничките стандарди за ваков тип на градба.

Снабдувањето со вода и одведувањето на фекалните и отпадните води од постојните и планираните објекти од локалитетот ќе се врши преку постојната и планираната водоводна и фекална канализација.

### 9.13 Електрична и телефонска мрежа

Приклучоците на електричната мрежа да се изведат во склад со условите кои ќе бидат зададени од надлежното електростопанско претпријатие, а се во склад со техничките прописи за ваков вид на инсталација.

Приклучоците на телефонска мрежа да се изведат во склад со условите дадени од надлежна институција и во склад со техничките прописи за ваков вид на инсталација.

### 9.14 Елементи за обликување на градбите

Сите предвидени градби да бидат проектирани со современи градежни материјали, во склад со нивната функција и важечките технички стандарди и нормативи. Да се почитува Правилникот за енергетска ефикасност на градбите (Сл. Весник на РМ бр. 143/08, 154/09 и 169/10) и Правилникот за суштинските барања на градежните објекти (Сл.Весник на РМ бр. 74/06).

Партерните површини завршно да бидат обработени со материјали кои обезбедуваат едноставно чистење, одводнување и одржување хигиена.

### 9.15 Заштита на културно наследство

До колку во текот на изведувањето на градежни работи на локацијата се дојде до археолошко наоѓалиште односно предмети од археолошко значење, ќе се постапува

според чл. 65 од Законот за културното наследство (Сл. весник на РМ 20/04, 115/07 и 18/11).

**9.16 Заштита и спасување**

Да се почитуваат мерките за заштита и спасување, дадени во текстот, а при изработката на основниот проект, да се почитуваат Планско оперативните документи односно Проценката на загрозеност и Планот за заштита и спасување на општината.

**9.17 Заштита на животната средина и природата**

Задолжително да се почитува Законот за заштита на животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07. 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11) и Законот за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10 и 47/11).

## 10. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Посебните услови за изградба се однесуват на планираните градежни парцели и истите се дадени за секоја градежна парцела посебно. За сите посебно недефинирани показатели важат одредбите од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/10 ,64/11,169/11 и 45/12).

***Градежната парцела со бр. 1***

Класа на намена: А2- Домување во станбени згради
Компатибилна намена: А4- Времено сместување, Б1- Мали комерцијални и деловни намени, Б2- Големи трговски единици, Б4- Деловни простори, В3- Култура, В4- Државни институции
Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот: 40%
Површина на градежна парцела: 1772м²
Површина за градба: 803м²
Вкупна површина по катови: 10439м²
Подземна градежна линија-дефинирана во графичките прилози, на растојание од 1,0м. од регулационата линија.
Коефициент на искористеност (К): 5.33
Процент на изграденост (%): 45.3
Максимална висина до завршен венец: 40м.
Максимален број на катови: П+12
Максимална висина на слеме изнесува 4.5м. во однос на котата на завршниот венец на градбата. Во рамките на дозволемната висина на слемето и силуетата на покривот може да се уреди потпокривен простор со мансарден покрив со максимален агол од 60°. Во потпокривот може да се искористи само една спратна височина.
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на тротарот на улица " 2" - 15см
Потребен број на паркинг места: 118 (во соствена парцела)
Колски пристап планиран од станбените улици " 2" и "3". **Реализацијата на паркинзите по ул "3" и "4". е услов за реализација на градба на предметната градежна парцела**.

***Градежната парцела со бр. 2***

Класа на намена: Е2- Комунална супраструктура- Трафостаница
Компатибилна намена: /
Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот: /
Површина на градежна парцела: 39м²
Површина за градба: 20 м²
Вкупна површина по катови: 20 м²
Коефициент на искористеност (К): 0.51
Процент на изграденост (%): 51%
Максимална висина до завршен венец: 4м
Максимален број на катови: П

ТОМЕ ТИТОВ
Дипл.инж.арх.
Овластен планер
0080

Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот /
Потребен број на паркинг места: /

***Градежната парцела со бр. 3***
Класа на намена: А2- Домување во станбени згради
Површина на градежна парцела: 986м²
Површина за градба: 374м²
Вкупна површина по катови: 2150,5м²
Коефициент на искористеност (К): 2.18
Процент на изграденост (%): 38
Максимална висина до завршен венец: постоечка
Максимален број на катови: П+4+Пк
Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот - постојна
Потребен број на паркинг места: Постојна состојба (на јавни паркинзи)

***Градежната парцела со бр. 4***
Класа на намена: А2- Домување во станбени згради
Површина на градежна парцела: 1302м²
Површина за градба: 377м²
Вкупна површина по катови: 2167м²
Коефициент на искористеност (К): 1.66
Процент на изграденост (%): 28.9
Максимална висина до завршен венец: постоечка
Максимален број на катови: П+4+Пк
Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот - постојна
Потребен број на паркинг места: Постојна состојба (на јавни паркинзи)

***Градежната парцела со бр. 5***
Класа на намена: А2- Домување во станбени згради
Површина на градежна парцела: 957м²
Површина за градба: 348м²
Вкупна површина по катови: 2349м²
Коефициент на искористеност (К): 2,45
Процент на изграденост (%): 36.4
Максимална висина до завршен венец: постоечка
Максимален број на катови: П+5+Пк
Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот- постојна
Потребен број на паркинг места: Постојна состојба (на јавни паркинзи)

***Градежната парцела со бр. 6***
Класа на намена: А2- Домување во станбени згради
Површина на градежна парцела: 1044м²
Површина за градба: 393м²
Вкупна површина по катови: 2652,75м²
Коефициент на искористеност (К): 2,54
Процент на изграденост (%): 37,6
Максимална висина до завршен венец: постоечка
Максимален број на катови: П+5+Пк
Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот - постојна
Потребен број на паркинг места: Постојна состојба (на јавни паркинзи)

ТОМЕ ТИМОВ
дипл.инж.арх.
Овластен планер
0080

***Градежната парцела со бр. 7***
Класа на намена: А2- Домување во станбени згради
Компатибилна намена: А4- Времено сместување, Б1- Мали комерцијални и деловни намени, Б2- Големи трговски единици, Б4- Деловни простори, В3- Култура, В4- Државни институции
Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот: 40%
Површина на градежна парцела: 1343м²
Површина за градба: 804м²
Подземна градежна линија-дефинирана во графичките прилози, на растојание од 1,0м. од регулационата линија.
Вкупна површина по катови: 10452м²
Коефициент на искористеност (К): 7.78
Процент на изграденост (%): 59.9
Максимална висина до завршен венец: 40
Максимален број на катови: П+12
Максимална висина на слеме изнесува 4.5м. во однос на котата на завршниот венец на градбата. Во рамките на дозволемната висина на слемето и силуетата на покривот може да се уреди потпокривен простор со мансарден покрив со максимален агол од 60°. Во потпокривот може да се искористи само една спратна височина.
Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча – 15 см во однос на кота на тротарот на станбената улица " 4"
Потребен број на паркинг места: 118 (во соствена парцела)
Колски пристап планиран од станбената улица " 4"

***Градежната парцела со бр. 8***
Класа на намена: А1- Домување во станбени куќи
Површина на градежна парцела: 292м²
Површина за градба: 253м²
Вкупна површина по катови: 696м²
Коефициент на искористеност (К): 2.38
Процент на изграденост (%): 86.7
Максимална висина до завршен венец: постоечка
Максимален број на катови: П+1+Пк
Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот - постојна
Потребен број на паркинг места: Постојна состојба (на јавни паркинзи)

***Градежната парцела со бр. 9***
Класа на намена: А1- Домување во станбени куќи
Површина на градежна парцела: 271м²
Површина за градба: 253м²
Вкупна површина по катови: 696м²
Коефициент на искористеност (К): 2.57
Процент на изграденост (%): 93.4
Максимална висина до завршен венец: постоечка
Максимален број на катови: П+1+Пк
Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот - постојна
Потребен број на паркинг места: Постојна состојба (на јавни паркинзи)

***Градежната парцела со бр. 10***
Класа на намена: Е2- Комунална супраструктура- Трафостаница
Компатибилна намена: /

ЈОВЕ ТИМОВ
дипл.инж.арх.
Овластен планер
0030

Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот: /
Површина на градежна парцела: 53м²
Површина за градба: 15м²
Вкупна површина по катови: 15м²
Коефициент на искористеност (К): 0.28
Процент на изграденост (%): 28,3
Максимална висина до завршен венец: Постоечка
Максимален број на катови: П
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот - постоечка
Потребен број на паркинг места: /

***Градежната парцела со бр. 11***
Класа на намена: Б1- Мали комерцијални и деловни намени
Површина на градежна парцела: 184м²
Површина за градба: 184м²
Вкупна површина по катови: 368м²
Коефициент на искористеност (К): 2.0
Процент на изграденост (%): 100
Максимална висина до завршен венец: 7.2
Максимален број на катови: П+1
Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот максимум до 15см
Потребен број на паркинг места: 5 (јавни паркинзи)

***Градежната парцела со бр. 12***
Класа на намена: Б1- Мали комерцијални и деловни намени
Површина на градежна парцела: 98м²
Површина за градба: 98м²
Вкупна површина по катови: 196м²
Коефициент на искористеност (К): 2.0
Процент на изграденост (%): 100
Максимална висина до завршен венец: 7.2
Максимален број на катови: П+1
Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот максимум до 15см
Потребен број на паркинг места: 3 (јавни паркинзи)

***Градежната парцела со бр. 13***
Класа на намена: Б1- Мали комерцијални и деловни намени
Површина на градежна парцела: 111м²
Површина за градба: 111м²
Вкупна површина по катови: 222м²
Коефициент на искористеност (К): 2.0
Процент на изграденост (%): 100
Максимална висина до завршен венец: 7.2
Максимален број на катови: П+1
Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот максимум до 15см
Потребен број на паркинг места: 3 (јавни паркинзи)

***Градежната парцела со бр. 14***
Класа на намена: Е2- Комунална супраструктура- Трафостаница
Компатибилна намена: /
Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот: /
Површина на градежна парцела: 65,6м²

ТОМЕ ТАШЕВСКИ
дипл.инж.арх.
Овластен
планер
0009

Површина за градба: 20 м²
Вкупна површина по катови: 20 м²
Коефициент на искористеност (К): 0.30
Процент на изграденост (%): 30,5
Максимална висина до завршен венец: 4м
Максимален број на катови: П
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот - постојна
Потребен број на паркинг места: /

***Градежната парцела со бр. 15***
Класа на намена: А2- Домување во станбени згради
Површина на градежна парцела: 1603м²
Површина за градба: 521м²
Вкупна површина по катови: 5601м²
Коефициент на искористеност (К): 3.5
Процент на изграденост (%): 32,5
Максимална висина до завршен венец: постоечка
Максимален број на катови: П+10+Пк
Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот максимум до 15см
Потребен број на паркинг места: Постојна состојба (на јавни паркинзи)

***Градежната парцела со бр. 16***
Класа на намена: А2- Домување во станбени згради
Површина на градежна парцела: 1524м²
Површина за градба: 445м²
Вкупна површина по катови: 1669м²
Коефициент на искористеност (К): 1.1
Процент на изграденост (%): 29.2
Максимална висина до завршен венец: постоечка
Максимален број на катови: П+2+Пк
Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот - постојна
Потребен број на паркинг места: Постојна состојба (на јавни паркинзи)

***Градежната парцела со бр. 17***
Класа на намена: А2- Домување во станбени згради
Површина на градежна парцела: 956м²
Површина за градба: 413м²
Вкупна површина по катови: 1549м²
Коефициент на искористеност (К): 1.62
Процент на изграденост (%): 42.3
Максимална висина до завршен венец: постоечка
Максимален број на катови: П+2+Пк
Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот - постојна
Потребен број на паркинг места: Постојна состојба (на јавни паркинзи)

***Градежната парцела со бр. 18***
Класа на намена: А2- Домување во станбени згради
Површина на градежна парцела: 1305м²
Површина за градба: 449м²
Вкупна површина по катови: 5276м²
Коефициент на искористеност (К): 3,6
Процент на изграденост (%): 30,6
Максимална висина до завршен венец: постоечка
Максимален број на катови: П+10+Пк

ТОМЕ ТИМОВ
дипл.инж.арх.
Овластен планер
0080

Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот максимум до 15см
Потребен број на паркинг места: Постојна состојба (на јавни паркинзи)

***Градежната парцела со бр. 19***
Класа на намена: А2- Домување во станбени згради
Компатибилна намена: А4- Времено сместување, Б1- Мали комерцијални и деловни намени, Б2- Големи трговски единици, Б4- Деловни простори, В3- Култура, В4- Државни институции
Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот: 40%
Површина на градежна парцела: 1464м²
Површина за градба: 863м²
Подземна градежна линија-дефинирана во графичките прилози, на растојание од 1,0м. од регулационата линија.
Вкупна површина по катови: 10356м²
Коефициент на искористеност (К): 7,07
Процент на изграденост (%): 58,9
Максимална висина до завршен венец: 40
Максимален број на катови: П+12
Максимална висина на слеме изнесува 4.5м. во однос на котата на завршниот венец на градбата. Во рамките на дозволемната висина на слемето и силуетата на покривот може да се уреди потпокривен простор со мансарден покрив со максимален агол од 60°. Во потпокривот може да се искористи само една спратна височина.
Максимална висина на кровна конструкција: 4.5
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот-15 см во однос на станбената улица " 9".
Потребен број на паркинг места: 103 (во соствена парцела)
Колски пристап планиран од станбената улица " 9"

***Градежната парцела со бр. 20***
Класа на намена: Е2- Комунална супраструктура- Трафостаница
Компатибилна намена: /
Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот: /
Површина на градежна парцела: 15м²
Површина за градба: 15м²
Вкупна површина по катови: 15м²
Коефициент на искористеност (К): 0.44
Процент на изграденост (%): 44.4
Максимална висина до завршен венец: постоечка
Максимален број на катови: П
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот- постоечка
Потребен број на паркинг места: /

ТОМЕ ТР МОЈ
дипл.инж.арх.
овластен планер
0080

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ОПШТИНА ШТИП**

**Број: 18-1795/2 од 26.02.2025 год.**

**Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,**

**комунални работи и заштита на животна средина**

**ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ**: 246

**ДУП:** измена на дел од нас. „8ми Ноември“

**УП за село**:_____

**УП вон нас.место:**_____

**Одлука бр:** 08-474/1 од 23.05.1997год.

**Намена за градба:**

**Улица:**

**КО:** Штип-3 **КП:**

**ДЛ:** **М= 1:** 1000

**ИЗВОД ЗА УП.**

**СОДРЖИ:**

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

- Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:

**Изготвил:** Соња Ѓеоргиевска

**По овластување од Градоначалник**

**Раководител на сектор**

Лазар Хаџи-Николов

34 ЈП ЗА УРБАНИЗАМ-ШТИП

ПРЕДЛОГ: ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТ.УРБ.ПЛ. НА ГР. ШТИП НА НАС 8 МЗ НОЕМ-РИ СО ПРЕДВИДУВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ЦЕНТАР



# 3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Со цел да се обезбеди натамошна планска изградба на градот, се пристапува кон изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на градот.

За град Штип има усвоен **Генералниот урбанистички план за град Штип** одобрен со одлука бр. **08-7987/1 од 31.12.2022** година. Измената и дополната се работи на урбан четврт ЦЕ 06, односно на ЦЕ 06.01, ЦЕ 06.02 и ЦЕ 06.03 согласно поделбата дефинирана со Генералниот урбанистички план од 2022 година.

Локацијата на предметниот плански опфат се наоѓа во централниот дел од градот Штип, на подрачјето на КО Штип 1, КО Штип 2 и КО Штип 3. Подрачјето е опфатено со постојни урбанистички планови и тоа:

### 2.1 Извод од ГУП

Според Генералниот урбанистички план за град Штип со одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год. издаден со извод број 18- 2258/2 од 28.03.2023 година, на предметниот плански опфат за урбан четврт ЦЕ 06 од ГУП на град Штип, се предвидува површина со намена А, Б, В, Г и Д3. Планскиот опфат согласно изводот од ГУП изнесува 19ха.

### 2.2 Извод од ДУП

ДУП: „Стари бунари – Туртел“ донесен со Одлука бр.0701-623/1 од 25.03.2004г., издаден со број 18-1792/2 од 26.02.2025 година, каде се планирани објекти со намена Б.

### 2.3 Извод од ДУП

ДУП: нас.„8-ми Ноември“ донесен со Одлука бр.0805-705/1 од 29.03.1990г., издаден со број 18-1790/2 од 26.02.2025 година, каде се планирани објекти со намена А,Б,В,Д.

### 2.4 Извод од ДУП

Измена и дополнување на ДУП за дел од населба „8-ми Ноември“ донесен со Одлука бр.07-4995/1 од 13.07.2012г., издаден со број 18-1791/2 од 26.02.2025 година, каде се планирани објекти со намена А, Б,Е.

### 2.5 Извод од ДУП

Измена на ДУП за дел од населба „8-ми Ноември“ донесен со Одлука бр.08-474/1 од 23.05.1997г., издаден со број 18-1795/2 од 26.02.2025 година.

### 2.6 Извод од соседен ДУП

ДУП: населба „Автокоманда“ УЕ33, донесен со Одлука бр.0701-7025/1 од 31.10.2011г., издаден со број 18-1799/2 од 26.02.2025 година.

### 2.7 Извод од соседен ДУП

ДУП за урбан четврт ЦЕ блок 03 од ГУП за град Штип, КО Штип 1, КО Штип 3 и КО Штип 5: донесен со Одлука бр.08-2767/1 од 23.04.2024г., издаден со број 18-1796/2 од 26.02.2025 година.

### 2.8 Извод од соседен ДУП

ДУП: дел од населба „Автокоманда“ УЕ28, донесен со Одлука бр.0701-2154/1 од 22.12.2004г., и Одлука бр. 0701-4981/1 од 26.07.2011год. издаден со број 18-1797/2 од 26.02.2025 година.

### 2.8 Извод од соседен ДУП

ДУП: за дел од УЕ 28, донесен со Одлука бр.07-5934/1 од 27.08.2014г. издаден со број 18-1798/2 од 27.02.2025 година.

### 2.9 Извод од соседен ДУП

ДУП: дел од населба Сењак, дел од УЕ.34, донесен со Одлука бр.0701-3298/1 од 31.10.2007г. издаден со број 18-1800/2 од 27.02.2025 година.

## 4. СТУДИИ, ЕЛАБОРАТИ И РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА КОНКРЕТНИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

Во граници на планскиот опфат, не постојат изработени студии, елаборати или било какви работни материјали од сите области релевантни за урбанистичко планирање, за конкретниот плански опфат.

# 5. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Локалитетот се наоѓа близу централно градско подрачје на Град Штип, на подрачјето на КО Штип 1, КО Штип 2 и КО Штип 3.

## 5.1 Географски карактеристики

Општина Штип се наоѓа во источниот дел на Република Македонија. Штип има централна положба во регионот на Источна Македонија и е во близина на главните поголеми сообраќајници артерии во Република Македонија и на Балканот. Градот и поширокото подрачје зазема простор помеѓу 41 степен 35мин. 15 сек. 13 мин. 41 степ.45 мин.и 25 сек северна географска ширина и 22степ 10мин. и 22степ. и 13мин. Географска должина по Гринич. Го зафаќа просторот околу Исарот со речни површини на река Отиња и река Брегалница. Ељефно поширокиот простор околу градот представува мозаик, ортографски доста разигран (Надморска висина помеѓу 300м. и 435м.). Релјефната структура ја демантира поволната положба на Штип во регионот во однос на сообраќајните врски кои се насочени во природно погодните простори за комуницирање.

Преку Штип поминуваат правци кои ја поврзуваат Вардарската долина и Скопје со источните делови на нашата Република и соседна Бугарија за што посебно погодува отвореноста на Овче Поле. Природно погодни коридори за комуницирање се правци Овче Поле- Кочанско поле - Делчевско поле на исток и Овче Поле - Криволакавичка котлина-Радовишко поле на југоисток. Споменатите два правца како природно погодни простори за насочување на сообраќајот на Штип му дава висок ранг на системот на населбите во Источна Македонија. Во Релјефната физиономија на територијата која ја зафаќа градот и неговото непосредно опкружување се издвојуваат три целини:

- ридчеста (околу 10%) расположени јужно и источно од постојното градско ткиво,
- падинска (околу 30%) од вкупна површина,
- рамничарска (околу 60%) од вкупната територија на градот, Просторот што го зафаќа овој опфат по својата релјефна физономија е ридчеста.

## 5.2 Геолошки карактеристики на теренот

Доминантно место во девонска серија заземаат филитичните шкрилци кои на теренот се откриени во мошне големи маси и во однос на другите литолошки членови тие имаат постепени преоди и формираат повеќе синклинални и антиклинални структури со разни димензии. По боја се темно сиви до црни. Главни минерали се кварц, серицит и графитично битуминозна материја. Метапесочниците се нешто помалку распространети од филитичните шкрилци и се јавуваат во разни хоризонтални траги. Тоа се ситно до едрозрнести карпи, темно сиви по боја, составени претежно од кварц, а помалку од преодни асоцијации, на

теренот е понекогаш да се издвојат и затоа се третираат како една геолошка средина.

### 5.3 Сеизмички карактеристики

Подрачјето на Штип како дел од Источна Македонија се граничи со две сеизмички најмаркантна, а може да се рече најпознати зони на Балканот, Вардарската сеизмогена зона на запад и Струмичката сеизмогена зона на исток. За подрачјето на градот и непосредното опкружување пресметан е долгорочниот максимален степен на очекувани земјотреси, кој изнесува 8° по МЦС скала. Бидејќи не постои сеизмичка микрореонизација за овој простор, меродавна е картата на макросеизмичка реонизација. Природно нестабилните и сеизмички неповолните терени - местата каде се сменуваат геолошките формации, треба да се исклучуваат од градежните зафати, а за поголемите инвестициони објекти потребно е извршување на детални инженерско - геолошки и сеизмолошки истражувања на теренот.

### 5.4 Климатските карактеристики

Подрачјето на општина Штип се карактеризира со умерено-континентална клима, со одредено влијание на изразито медитеранска клима преку долината на река Брегалница.

### 5.5 Температура

Просечната годишна температура на воздухот изнесува 13,00С. Просечен годишен минимум од 11,70С и просечен годишен максимум од 14,30С. Најтопол месец е јули со 24,10С, а најстуден јануари со 1,30С. Апсолутен максимум на температурата на воздухот е забележан на 24-07-2007 година од 43,50С, апсолутен минимум на температура на воздухот е забележан на 26-01-1954 година од -22,70С, апсолутно годишно колебање од 76,20С. Просечната зимска температуре изнесува 2,60С, пролетната температура изнесува 12,60С, летната просечна температура изнесува 23,20С и просечна средна есенска температура изнесува 13,60С. Просечно есенските температури се повисоки од пролетните. Просечен последен пролетен мраз е на 28-03, апсолутен последен пролетен мраз бил на 28-04-1984год.

Просечен прв есенски мраз е на 6-11, а апсолутно последен есенски мраз бил на 16-10-1961год. Мразниот период просечно трае 142 дена. Пејсажите во пониските делови во Плачковица не се особено вредни поради еродираноста на површините и оголеноста. Пејсажите во повисоките делови на Плачковица се многу поинтересни, а вегетациоиите, климатските и вкупните амбиентални вредности го создаваат најатрактивниот излетничко рекреативен простор во Општината. Најинтересни и најважни пејсажи во градот се речните текови на реките Брегалница и Отиња.

### 5.6 Врнежи

Просечната годишна сума на врнежите изнесува 473,3mm, и тоа најмногу во мај со 56,0mm, а најмалце во февроари 29,8mm, додека апсолутниот максимум на врнежите е забележан на 06-08-2007 година од 77,9ММ или l/m2. Зимскиот период паѓаат просечно 34mm по месец или вкупно за зимскиот период просечно 101,9mm., пролетниот период просечно паѓаат 42,7mm или вкупно за 3, 4, и 5 месец просечно паѓаат 128,2mm, летниот

период просечно паѓаат 37,2mm или вкупно за 6, 7 и 8 месец 111,7mm, а во есенскиот период просечно во месеците септември, октомври и ноември паѓаат по 44,3mm или вкупно за сите месеци просекот е 132,9mm. Годишен просек на влажноста на воздухот изнесува 67%. Број на денови со снег годишно има 19, денови со град има 35, годишен број на денови со магла е 12, просечната снежна покривка изнесува 9,7cm. Просечна должина на траење на периодот со снег е 95 дена. Просечен број на ведри денови е 87, просечен број на облачни денови е 194 дена и просечен број на тмурни денови е 84.

### 5.7 Ветрови

Во Штипската котлина најчест ветер е од северозападниот правец кој дува со честина од 196‰, брзина од 3,6m/s и јачина до 10 бофори што е и најсилен ветер заедно со југоисточниот ветар кој е втор по честина од 179‰ и со брзина од 3,8m/s што е најголема брзина. Ветер со најмала честина е источниот со честина од 18‰, 2,9m/s и јачина од 8 бофори. Честината на време без ветар - тишина е 395‰ што значи дека повеќе од третина од денонокието е без ветар.

### 5.8 Осончување

Должината на траењето на сончевиот сјај изнесува 2376,9 часа годишно или просечно дневно 6,5 часа што овозможува и поголем избор на ориентации на објектите.

### 5.9 Вегетација и пејсаж

Вкупниот впечаток кој од вегетационен аспект го создава пределот е сиромашен, пуст, обесшумен со доминантно земјоделско обележје.

### 5.10 Хидролошки карактеристики

Терените на кои е распространета општината и неговото непосредно окружување, слабо се издажни со вода, поради што се јавува мал број на извори и мала издашност (до 1l/s) на постоечките. Подземните води се присутни само во алувјиалните седименти, а насоката на природниот одвод го следи движењето на површинските води и речниот тек. Појавите се на длабочина од 0-1m и малку се истражени. Хидрографската мрежа ја чинат река Отиња и река Брегалница. Реката Брегалница во овој дел е типично рамничарска со мноштво на меандри и изразито инундационо корито. Поради ова при големи води доаѓа до изливање на речниот тек вон границите на инундационото корито и предизвикува поплави, па е присутна потреба за регулација на речниот тек. Од посебно значење за градот се појави на термоминерални води во Кежовица, кои имаат лечилишко-балнеолошки особини. Со дупчење на овој локалитет постојат можности за добивање поголеми количини вода и веројатност за нејзина висока температура од досега утврдената (околу 57°C), со што се создава изразита можност за развој на бањскиот туризам.

## 6. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ И НАЧИН НА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ОД СТРАНА НА КОРИСНИЦИТЕ

Анализата неопходна за утврдување на можностите и погодностите за развој ги опфаќа следниве елементи: културно-историски, демографски, економски, стопански, сообраќајни, законодацно-административни, здравствени-социјални и други создадени вредности и чинители од страна на корисниците.

Човекот се смета како најважен елемент на урбанистичкото планирање, бидејќи се јавува насекаде и е способен да се активира себеси и сè околу себе, со цел да создаде подобар живот во средината каде што живее.

Покрај согледувањата на демографскиот развој, како и факторите кои влијаат на истиот, за целосно согледување на постојната состојба извршена е детална анализа и севкупно истражување и увид на самото место со спроведена инвентаризација на објектите и населението во рамките на планскиот опфат.

## 7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА СО ОДРЕДЕНА НАМЕНА, СОСТОЈБА, СТРУКТУРА, КАКО И НА ГРАДБИТЕ ШТО СЕ ВО ФАЗА НА ГРАДЕЊЕ

За целосно согледување на постојната состојба извршено е детално истражување по пат на директен увид на лице место – теренска работа и направена е детална анализа на добиените податоци од ажурираната геодетска подлога.

На земјиштето на предметниот простор со површина од 310 061,1 м2 постојат следните градби:

| Број на објект | Катастарска парцела | Намена согласно катастар | Намена на објект | Катност на објект | Површина на градба m2 | Конструктивен систем | Состојба |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4431/10 | Б1 | Деловна зграда вон стопанство | П+1 | 654,79 | СК | Добра |
| 2 | 4431/5 | Е2.1 | Бензински пумпи | П | 153,05 | СК | Добра |
| 3 | | Е2.1 | Бензински пумпи | П | 353,77 | СК | Добра |
| 4 | | Е2.1 | Подземни резервоари | По | 4,79 | МА | Добра |
| 5 | 4447 | А2 | Станбени згради | П+2 | 393,65 | СК | Добра |
| 6 | 4446 | А2 | Станбени згради | П | 75,4 | СК | Добра |
| 7 | 4445 | А2 | Станбени згради | П+11 | 421,29 | СК | Добра |
| 8 | 4438 | А2 | Станбени згради | П+3 | 858,2 | СК | Добра |
| 9 | 4430 | А2 | Станбени згради | П+11 | 521,45 | СК | Добра |
| 10 | 4431/4 | А1 | Станбени куќи | П+2 | 252,61 | СК | Добра |
| 11 | 4431/2 | А2 | Станбени деловни згради | П+2 | 276,31 | СК | Добра |
| 12 | 4421 | А2 | Станбени згради | П+7 | 405,41 | СК | Добра |
| 13 | | А2 | Станбени згради | П+7 | 438,34 | СК | Добра |
| 14 | | А2 | Станбени згради | П+7 | 348,39 | СК | Добра |
| 15 | 4415 | А2 | Станбени згради | П+5 | 376,82 | СК | Добра |
| 16 | | А2 | Станбени згради | П+5 | 374,05 | СК | Добра |
| 17 | 4431/9 | А2 | Станбени згради | П+12 | 747,28 | СК | Добра |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | 4420 | Б4 | Деловна зграда во стопанство, Деловни простори | П+1 | 668,88 | СК | Добра |
| 19 | 4422 | Б1 | Дуќани | П | 11,84 | МО | Добра |
| 20 | | Б1 | Дуќани | П | 20,16 | МО | Добра |
| 21 | 4423 | А2 | Станбени згради | П+1 | 219,13 | СК | Добра |
| 22 | 4428 | А2 | Станбени згради | П+4 | 643,42 | СК | Добра |
| 23 | 4434 | А2 | Станбени згради | П+4 | 649,04 | СК | Добра |
| 24 | 4435 | А2 | Станбени згради | П+9 | 1124,12 | СК | Добра |
| 25 | 4410 | А2 | Станбени згради | П+5 | 955,78 | СК | Добра |
| 26 | 4426 | А2 | Станбени згради | П+5 | 1031,85 | СК | Добра |
| 27 | 4418 | Б1 | Други деловни простори | П+2 | 779,49 | СК | Добра |
| 28 | 4412 | А2 | Станбени згради | Су+П | 1137,93 | СК | Добра |
| 29 | 4419 | А2 | Станбени згради | П+4 | 313,25 | СК | Добра |
| 30 | | А2 | Станбени згради | П+4 | 319,78 | СК | Добра |
| 31 | 4396 | А2 | Станбени згради | П+4 | 341,66 | СК | Добра |
| 32 | | А2 | Станбени згради | П+4 | 315,87 | СК | Добра |
| 33 | 4407 | А2 | Станбени згради | П+5 | 1088,62 | СК | Добра |
| 34 | 4385 | А2 | Станбени згради | П+4 | 331,76 | СК | Добра |
| 35 | 4384 | А2 | Станбени згради | П+4 | 328,81 | СК | Добра |
| 36 | 4378 | А2 | Станбени згради | П+4 | 335,32 | СК | Добра |
| 37 | 4365 | А2 | Станбени згради | П+4 | 330,7 | СК | Добра |
| 38 | 4360 | А2 | Станбени згради | П+4 | 390,75 | СК | Добра |
| 39 | 4347 | А2 | Станбени згради | П+4 | 326,76 | СК | Добра |
| 40 | 4343 | А2 | Станбени згради | П+4 | 359,35 | СК | Добра |
| 41 | 4334 | А2 | Станбени згради | П+4 | 334,22 | СК | Добра |
| 42 | 4359 | А2 | Станбени згради | П+4 | 194,65 | СК | Добра |
| 43 | 4364 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 264,51 | МО | Добра |
| 44 | 4395 | Е1.8 | Трансформаторска станица | П | 20,61 | МА | Добра |
| 45 | 4382 | А2 | Станбени згради | П+4 | 327,66 | СК | Добра |
| 46 | 4380 | А2 | Станбени згради | П+4 | 330,59 | СК | Добра |
| 47 | 4361/2 | А2 | Станбени деловни згради | П+1 | 137,33 | СК | Добра |
| 48 | 4405 | Е1.8 | Трансформаторска станица | П | 20,61 | МА | Добра |
| 49 | 4403 | А2 | Станбени згради | П+4 | 322,77 | СК | Добра |
| 50 | 4402 | А2 | Станбени згради | П+4 | 355,51 | СК | Добра |
| 51 | 4400 | А2 | Станбени згради | П+4 | 322,73 | СК | Добра |
| 52 | 4399 | А2 | Станбени згради | П+4 | 329,38 | СК | Добра |
| 53 | 4344 | А2 | Станбени згради | П+4 | 306,98 | СК | Добра |
| 54 | 4345 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 145,76 | МО | Добра |
| 55 | 4346 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 136,98 | МО | Добра |
| 56 | 4362 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 160,2 | МО | Добра |
| 57 | 4363 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 174 | МО | Добра |
| 58 | 4401 | В2.8 | Детска градинка | П | 1109,54 | СК | Добра |
| 59 | 4404/5 | Е2.1 | Катни гаражи | П-По-1 | 1072,62 | СК | Добра |
| 60 | 4404/2 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 15,99 | МО | Средна |
| 61 | 4404/3 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 16 | МО | Средна |
| 62 | 4404/4 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 15,99 | МО | Средна |
| 63 | 2726 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 94,13 | МО | Средна |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 64 | 2723 | А2 | Станбени згради | П+5 | 361,99 | СК | Добра |
| 65 | | А2 | Станбени згради | П+5 | 390,67 | СК | Добра |
| 66 | | А2 | Станбени згради | П+5 | 372,86 | СК | Добра |
| 67 | 2592 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 122,98 | МО | Средна |
| 68 | 2724 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 178,95 | МО | Средна |
| 69 | 2722 | А2 | Станбени згради | П+4 | 347,16 | СК | Добра |
| 70 | 2721 | А2 | Станбени згради | П+4 | 287,23 | СК | Добра |
| 71 | 2595 | А2 | Станбени згради | П+4 | 324,97 | СК | Добра |
| 72 | 2591 | А2 | Станбени згради | П+4 | 342,89 | СК | Добра |
| 73 | 2589 | А2 | Станбени згради | П+4 | 334,38 | СК | Добра |
| 74 | 2588 | Е1.8 | Трансформаторска станица | П | 20,83 | МА | Добра |
| 75 | 2587 | А2 | Станбени згради | По+П | 109,42 | СК | Добра |
| 76 | 2596 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 513,16 | МО | Средна |
| 77 | 2602 | В1.1 | Основно образование | По+П+1 | 3346,24 | СК | Добра |
| 78 | 2601 | А2 | Станбени згради | П | 307,43 | СК | Добра |
| 79 | 4359/2 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 218,82 | МО | Средна |
| 80 | 4431/8 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 166,66 | МО | Средна |
| 81 | 4431/7 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 324,5 | МО | Средна |
| 82 | 4431/6 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 168,26 | МО | Средна |
| 83 | 4424 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 154,74 | МО | Средна |
| 84 | 4427 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 108,09 | МО | Средна |
| 85 | 4429 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 183,62 | МО | Средна |
| 86 | 4442 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 363,24 | МО | Средна |
| 87 | 4444 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 216,37 | МО | Средна |
| 88 | 4432 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 20,16 | МО | Средна |
| 89 | 4431/17 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 20 | МО | Средна |
| 90 | 4433 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 110,58 | МО | Средна |
| 91 | 4437 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 98,32 | МО | Средна |
| 92 | 4440 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 92,99 | МО | Средна |
| 93 | 4431/13 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 30,26 | МО | Средна |
| 94 | 4431/18 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 26,55 | МО | Средна |
| 95 | 4431/15 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 29,16 | МО | Средна |
| 96 | 4431/1 | По | Помошни објекти, гаражи | П | 177,33 | МО | Средна |
| 97 | 4448 | Б4 | Пошта | П+2 | 1692,95 | СК | Добра |
| 98 | 4413/3 | Б4 | Други деловни простори | П+2 | 442,09 | СК | Добра |
| 99 | 4413/4 | Б5 | Хотели | По+П+1 | 1117,39 | СК | Добра |
| | | | **ВКУПНО:** | | **38011,87** | | |

Во предметниот опфат при инвентаризацијата на содржините и функциите на теренот евидентирани се вкупно 99 објекти. Анализата на инвентаризираниот градежен фонд, во поглед на намената на објектите, состојбата на амортизираност, конструктивниот систем во кој се изведени и височината, односно катноста, ги презентира следниве резултати:

**Намена на објекти**

А1 –Домување во куќи
А2 – Станбени згради
По - Помошни објекти
Б1 – Мали комерцијални и деловни дејности
Б1 - Дуќани
Б4 – Други деловни простори
Б5 – Хотели

В1 – Основно образование
В2 – Детска градинка
Е1 – Трансформаторска станица
Е2 – Бензински пумпи, Катна гаража

**Состојба на објекти**

Објектите кои се со намена домување се во добра и зачувана состојба, објектите кои се категоризирани како помошни објекти и гаражи се воглавно во средна состојба. Објектите со намена деловни и комерцијални дејности, образование и детска градинка се во добра состојба.

**Конструктивен систем**

Конструктивниот систем на објектите воглавно е скелетен и монтажно - демонтажен.

**Висини на објекти**

Висината на објектите е од П (приземје) до П+11

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА | | | |
|---|---|---|---|
| **БРОЈ** | **НАМЕНА НА ПОВРШИНА** | **ПОВРШИНА (м2)** | **ПРОЦЕНТ %** |
| 1 | Изградено земјиште | 38011,87 | 12,26 |
| 2 | Неизградено земјиште | 272049,28 | 87,74 |
| **Вкупно (на опфат)** | | **310061,1** | **100,00** |

| БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА | | | |
|---|---|---|---|
| **БРОЈ** | **НАМЕНА НА ПОВРШИНА** | **ПОВРШИНА (м2)** | **ПРОЦЕНТ %** |
| 1 | **(А1)** Домување во куќи | 252,61 | 0,08 |
| 2 | **(По)** Помошни објекти, гаражи | 4348,3 | 1,40 |
| 2 | **(А2)** Станбени згради | 21921,31 | 7,07 |
| 3 | **(Б1)** Мали единици за комерцијални и деловни дејности | 1466,28 | 0,47 |
| 4 | **(Б4)** Деловни згради | 2803,92 | 0,90 |
| 5 | **(Б5)** Хотели и хотелски комплекси | 1117,39 | 0,36 |
| 6 | **(В1.1)** Основно образование | 3346,24 | 1,08 |
| 7 | **(В2.8)** Детска градинка | 1109,54 | 0,36 |
| 8 | **(Е1.8)** Трансформаторска станица | 62,05 | 0,02 |
| 9 | **(Е2.1)** Бензински пумпи | 511,61 | 0,17 |
| 10 | **(Е2.1)** Катна гаража | 1072,62 | 0,35 |
| **Вкупно изградено земјиште** | | **38011,87** | **12,26** |
| **Опфат** | | **310061,1** | |

Урбанистичките показатели од документационата основа укажуваат дека предметниот локалитет е со процент на изграденост од **12,26**%.

На земјиштето на предметниот простор евидентирани се вкупно 99 градби и тоа:
**А1 – Домување во куќи** – евидентиран е 1 објект во добра состојба, односно 0,08%
**А2 – Домување во згради** – евидентирани се 51 објекти во добра состојба, односно 7,07%
**Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности** - евидентирани се 4 објекти во добра состојба, односно 0,47% од опфатот,
**Б4 – Деловни згради** - евидентирани се 3 објекти во добра состојба, односно 0,9% од опфатот,
**Б5 – Хотели и хотелски комплекси** – евидентиран е 1 објект во добра состојба, односно 0,36% од опфатот
**В1.1 – Основно образование**– евидентиран е 1 објекти во добра состојба, односно 1,08% од опфатот
**В2.8 – Детска градинка**– евидентиран е 1 објект во добра состојба, односно 0,36% од опфатот
**Е1.8 – Трафостаница** – евидентирани се 3 објекти во добра состојба, односно 0,02% од опфатот
**Е2.1 - Бензинска станица** - евидентиран е 1 објект во добра состојба, односно 0,17% од опфатот
**Е2.1 – Катна гаража** - евидентиран е 1 објект во добра состојба, односно 0,35% од опфатот
**Помошни објекти** – евидентирани се 30 објекти во средна состојба, односно 1,40% од опфатот
**Изградени објекти** – 12,26%
**Неизградено земјиште** – 87,67%

## 8. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА УРБАНОТО И ДРУГО ЗЕЛЕНИЛО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Во рамки на планскиот опфат постои уредена површина која се инвентаризира како зеленило околу коритото на река Брегалница. Останатото зеленилото кое е застапено се наоѓа во рамки на дворните места, а неизграденото земјиште е девастирано и неуредено земјиште.

# 9. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ И ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ

Согласно побараните податоци и информации до Управа за заштита на културно наследство со допис бр. 17-1883/2 од 03.06.2025 г. се констатира дека во близина на подрачјето на предметниот плански опфат евидентирано е недвижно културно наследство:

- Кучук Емир султанов мост – XVIII век (КП832/3) – реш.бр.1101-27/1 од 23.02.1994 од Завод за заштита на спомениците на културата и Народен музеј – Штип
- Архив на Македонија – Подрачно одделение Штип (КП4574) – заштитено добро Ex-Lege

Согласно добиеното мислење од НУ – Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип со допис бр. 08-194/5 од 23.06.2025, по извршениот теренски увид констатирано е дека на просторот од предметниот урбанистички план постои евидентирано културно наследство.

Евидентирано културно наследство е мост на река Брегалница – Кучук Емир султанов мост во Штип – 4-832-073/040 РНД, решение бр. 1101-27/1 од 23.02.1994 од Завод за заштита на спомениците и културата и Народен Музеј – Штип, КП 832/3, КО Штип 1, КО Штип. Споменикот на културата е настанат пред 1672 година односно XVII век и претставува мост со шест окна. Првобитно врз окната имало дрвена конструкција која била срушена, а подоцна обновена со камена конструкција. Во 2018 година од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип, изработени се и одобрени со решение Заштитно конзерваторски основи за детален урбанистички план за дел од населба „Осми Ноември“, Штип (бр.11-240/11 од 18.12.2018год.).

Според горенаведеното во Заштитно конзерваторски основи за детален урбанистички план за дел од населба „Осми Ноември“, Штип (бр.11-240/11 од 18.12.2018 год.) точка 6. Мерки и заштита и точка 7.Посебни мерки на заштита, определен е режимот на заштита на културното добро Кучук Емир султанов мост.

Во прилог фотографии и Извадок од графички прилози од ЗКО за дел од населба „Осми Ноември“, Штип (бр.11-240/11 од 18.12.2018 год.)

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита и културно наследство ( Службен весник на Република Македонија бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19).

# 10. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ДОБИЕНИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ

## 10.1 Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје

Согласно податоците добиени од „ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје - Друштво за дистрибуција на електрична енергија“ со допис бр. 10-24/2-144 од 15.05.2025, Акционерското друштво за дистрибуција и снабдување на електрична енергија EVN Македонија АД Скопје, **на предметниот плански опфат има постоечки електроенергетски мрежи во сопственост на ЕВН**. Евидентирани се надземни и подземени електрични водови и истите се прикажани во графичкиот прилог.

## 10.2 Дирекција за заштита и спасување

Согласно податоците добиени од ДЗС Подрачно одделение Штип, со допис бр. 09-98/2 од 16.05.2025 година, информирани сме дека на наведениот плански опфат, ДЗС не располага со податоци и информации од домен на нивно работење. Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат во изработката на ДУП и да се достави до Дирекцијата за заштита и спасување за добивање на мислење.

## 10.3 Македонски Телоком АД-Скопје

Согласно добиените податоци од Македонски Телеком АД-Скопје, со допис бр.71600 од 16.05.2025 констатирано е дека на предметниот плански опфат **има постојни ТК инсталации** и се прикажени во графичките прилози.

## 10.4 МЕПСО – Скопје

Согласно добиените податоци од МЕПСО, со допис бр. 11-2943/1 од 19.05.2025 година, констатирано е дека предметниот плански опфат **не се пресекува** со ЕЕ објекти во сопственост на МЕПСО и истите се прикажени во графичките прилози.

## 10.5 Јавно претпријатие за државни патишта

Според податоците добиени од ЈПДП, со допис бр.10-5766/2 од 28.05.2025 Скопје, констатирано е дека предметниот плански опфат **граничи со регионалниот пат Р2334,** за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Во понатамошните активности да се запази Законот за јавни патишта. (Службен весник на Република Македонија, број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и Службен весник на РСМ бр.174/2021, 253/2023, 224/2024).

## 10.6 Јавно претпријатие за железничка инфраструктура

Според податоците добиени од ЈП-ЖРСМ, со допис бр.20-2019/2 од 22.05.2025 Скопје, констатирано е дека предметниот плански опфат **се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга,** нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје.

## 10.7 ЈП Исар

Според податоците добиени од ЈП-ИСАР, со допис бр.15-149/2 од 22.05.2025 Скопје, констатирано е дека предметниот плански опфат **има постоечки инсталации на водовод и фекална канализација и истите се прикажени во графичките прилози.**

Доколку при планирањето и изведбата се наиде на непредвидени постоечки инсталации, потребно е да се извести ЈП „Исар“ Штип (изместувањето на инсталациите ќе биде на трошок на Инвеститорот.

ЈП „Исар“ Штип дава мислење дека во овој плански опфат може да се планира без посебни ограничувања, бидејќи во предвидениот опфат подземните инсталации од водовод и фекална канализација може да се вклопат во новото планирање.

## 10.8 НОМАГАС Скопје

Според податоците добиени од НОМАГАС Скопје, со допис бр. 08-2444 од 16.05.2025 г. се констатира на наведениот плански опфат нема изградено ниту има планирано гасоводна мрежа.

## 10.9 Агенција за електронски комуникации Скопје

Според податоците добиени од Агенција за електронски комуникации, со допис бр. 1404-1352/2 од 16.06.2025 г. се констатира на наведениот плански опфат има постојни инсталации во сопственост на АЕК и истите се прикажени во графичките прилози.

## 10.10 Агенција за цивилно воздухопловство

Според податоците добиени од АЦВ со допис бр. 12-8/380 од 19.05.2025 г. се констатира дека предметниот опфат се наоѓа во зона на спортскиот аеродром Штип, на 3550-4190м ЈЗ од референтната точка на аеродромот, во рамки на т.н. конусна рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 390-410 мнв, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го во предвид претходното, а согласно член 88 од Законот за воздухопловство (Сл.весник на РСМ бр. 14/24, 224/24 и 3/25), потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запази/ вметне следната одредба:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не ги надминува елевациите дадени во прилог на овој допис.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со висина над претходно наведената, или изградба/поставување на:

1. Издвоени антенски столбови или оџаци со височина поголема од 30м.

2. Други објекти со височина поголема од 100м или

3. Хелидром

Потребно е да се изработи Воздухопловна студија/ Безбедносна проценка и да се обезбеди согласно со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај од Агенцијата за цивилно воздухопловство, согласно член 80, став 1 и став 2 од Законот за воздухопловство (Сл.весник на РСМ бр. 14/24, 224/24, 3/25).

## 10.11 Управа за заштита на културното наследство

Според податоците добиени од УЗКН, со допис бр. 17-1883/2 од 03.06.2025 г. се констатира дека во близина на подрачјето на предметниот плански опфат евидентирано е недвижно културно наследство:

- Кучук Емир султанов мост – XVIII век (КП832/3) – реш.бр.1101-27/1 од 23.02.1994 од Завод за заштита на спомениците на културата и Народен музеј – Штип
- Архив на Македонија – Подрачно одделение Штип (КП4574) – заштитено добро Ex-Lege

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита и културно наследство ( Службен весник на Република Македонија бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19).

## 10.12 НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Штип

Согласно добиеното мислење од НУ – Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип со допис бр. 08-194/5 од 23.06.2025, по извршениот теренски увид констатирано е дека на просторот од предметниот урбанистички план постои евидентирано културно наследство.

Евидентирано културно наследство е мост на река Брегалница – Кучук Емир султанов мост во Штип – 4-832-073/040 РНД, решение бр. 1101-27/1 од 23.02.1994 од Завод за заштита на спомениците и културата и Народен Музеј – Штип, КП 832/3, КО Штип 1, КО Штип. Споменикот на културата е настанат пред 1672 година односно XVII век и претставува мост со шест окна. Првобитно врз окната имало дрвена конструкција која била срушена, а подоцна обновена со камена конструкција. Во 2018 година од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип, изработени се и одобрени со решение Заштитно конзерваторски основи за детален урбанистички план за дел од населба „Осми Ноември“, Штип (бр.11-240/11 од 18.12.2018год.).

Според горенаведеното во Заштитно конзерваторски основи за детален урбанистички план за дел од населба „Осми Ноември“, Штип (бр.11-240/11 од 18.12.2018 год.) точка 6. Мерки и заштита и точка 7.Посебни мерки на заштита, определен е режимот на заштита на културното добро Кучук Емир султанов мост.

## 10.12 Сообраќај

Во планскиот опфат кој е предмет на изработка на овој ДУП, постои изведена улична мрежа. Инвентаризацијата е прикажена во графичкиот прилог бр.3 од документационата основа.

## 11. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Еден од важните фактори за создавање на концепција на планот е анализата на постојната состојба на теренот. При изработка на деталниот урбанистички план извршена е инвентаризација на градежниот фонд, согледување на состојбата на теренот и согледување на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план.

Делот кој е изграден е со запазена урбана логика и стандарди. Комуналната инфраструктурна мрежа - хидротехничката (водовод, фекална и атмосферска канализација), електро - енергетската и телекомуникациската - делумно го покрива подрчјето на планскиот опфат.

Според **Генералниот урбанистички план за град Штип** со одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год. издаден со извод број **18- 2258/2 од 28.03.2023** година, на предметниот плански опфат за урбан четврт ЦЕ 06 од ГУП на град Штип, се предвидуваат површини **со намена А, Б, В, Д1 и Д3.** Планскиот опфат согласно изводот од ГУП изнесува 31ха.

## 12. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО ПРОГРАМСКИ ПРОЕКЦИИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД АНАЛИЗАТА НА СОСТОЈБИТЕ НА ПРОСТОРОТ

На предметниот простор, кој е делумно реализиран, потребно е предвидување содржини со цел за нивна реализација и решавање на нивниот статус во склад со потребите на корисниците и Општината, во согласност со одредбите на ГУП на Град Штип и состојбата на терен.

Сите предвидени комунални приклучоци потребно е да се реализираат.

Можностите за просторен развој ги дефинираат насоките поставени како дел на развојот.

Со анализата на постојна состојба, потребите на Општината и сопствениците на градежните парцели од предметниот локалитет, треба да се оценат и одредат можностите на просторниот развој:

- во која насока е неопходниот развој;
- кои се ограничувачките фактори (тесни грла) на развојот;
- кои се реалните можности за развој.

Потребно е да се предвиди решение кое би ги оформило намената и карактерот на функциите.

Во поглед на системот на градба и стандардите треба да се градат економско исплатливи градежни зафати на објектите.

Потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:

- површини;
- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- поголеми естетски вредности;
- соодветни инсталации;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот

во мирување;

- поврзување со инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи.

Во поглед на инфраструктурата потребно е:

- Паралелно со реализација на планските документи и оформување на квалитетни простори да се изведе примарната и секундарната мрежа на сите постојни инфраструктурни системи (водовод, фекална и атмосферска канализација, електрика, телефонија).

Реални можности за развој за локалитетот претставуваат:

- градба на објекти во оформени градежни парцели.

Степенот на искористеност на градежно земјиште ќе биде економски оправдан, доколку се обезбеди потребно ниво на сообраќајна услуга.

Во согласност со нормативите за планирање на сообраќајот, примарната сообраќајна мрежа треба да обезбеди:

- секундарната сообраќајна мрежа во согласност со нормативите треба да се реализира;
- паркирањето на возилата да се обезбеди во рамките на парцелите.

Треба да се предложи такво просторно решение што ќе обезбеди поголем степен на искористеност на градежното земјиште со потребно ниво на сообраќајна услуга.

## 13. ДРУГИ ПОДАТОЦИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВОТО ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ

Согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, /171/24, 224/24, 40/25, 101/25,127/25), пристигнати се информации и податоци од релевантни државни и јавни институции и стручни служби на јавни претпријатија, кои се приложени како дел од оваа точка.

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" бр. 119 - ШТИП тел. 032 383 - 033 studio@atrium.mk

# ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

**Република Северна Македонија**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**ДО:** **СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип** Бр. 12-8/380

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на податоци и информации Скопје, 19.05.2025г.

**ВРСКА:** Ваш бр. 0302-132/25-2 од 15.05.2025 година
*e-urbanizam, постапка бр.71600*

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

**ОБЕДИНЕТА ПОСТАПКА НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06 СО ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП**

при што утврдија дека предметниот опфат се наоѓа во зона на спортскиот аеродром ШТИП, на 3.550-4.190м ЈЗ од референтната точка на аеродромот, во рамки т.н.конусна рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува од 390-410мнв, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го во предвид претходното, а согласно чл.88 од Законот за воздухопловство (Сл.весник на РСМ бр.14/24, 224/24 и 3/25), потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запази/вметне следната одредба:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не ги надминува елевациите дадени во прилог на овој допис.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со висина над претходно наведената, или изградба/поставување на:

1. Издвоени антенски столбови или оџаци со височина поголема од 30м.
2. Други објекти со височина поголема од 100м или
3. Хелидром

потребно е да се изработи Воздухопловна студија/Безбедносна проценка и да се обезбеди согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај од Агенцијата за цивилно воздухопловство, согласно чл.80, став (1) и (2) од Законот за воздухопловство ("Сл.весник на РСМ" бр.14/24, 224/24 и 3/25).

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

**Билјана Јованова**
Советник на директорот за безбедност и сигурност на аеродроми и навигација
*(по овластување од Директорот бр.02-452/1 од 28.03.2025 година)*

Biljana Jovanova Digitally signed by Biljana Jovanova
Date: 2025.05.19 09:07:55 +02'00'

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 (2) 3 114 046 т.: + 389 (2) 3 181 601
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

Наш број: 1404-1352/2
Скопје 16 . 06.2025 г.

ДО:
**АТРИУМ СТУДИО**
**Ул.„Никола Нехтенин" бр. 1**
**2000 Штип**

**Предмет**: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
**Врска:** Ваше барање преку е- урбанизам.

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи потребни за **ОБЕДИНЕТА ПОСТАПКА НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06 СО ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП,** према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
-Податоци на изградени јавни
електронски комуникациски мрежи -во електронска форма

Со почит,

Сектор за телекомуникации
Изработил : А.Јовановски
Раководител на сектор: Д-р Борис Арсов

ДИРЕКТОР
Jeton Akiku

АЕК-401.03

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје

T: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813

f: + 389 (0) 2 3 111 160

www.mepso.com.mk

**До**

**Атриум студио**

**ул. Ванчо Прќе бр. 119**

**Штип**

Бр.11-2943/1

19.05.2025

**Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти**

Врз основа на Вашето барање бр.0302-132/25-2 од 15.05.2025 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 15.05.2025 година со број на постапка 71600 (наш број 11-2943 од 16.05.2025 година) за податоци и информации потребни за изработка на Измена и дополна на Генерален урбанистички план на град Штип за урбана четврт ЦЕ 06 со изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбана Четврт ЦЕ 06 од ГУП на Град Штип, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Јасмина Ставрова

Одобрил: Semijal Ziberi

Генерален Директор

Doc.d-r Burim Latifi

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ–
Сектор за Оперативa и Логистика
Подрачно одделение за Заштита и Спасување-Штип

16.05.2025

Архивски број: 09-98/2

До ,,Студио Атриум,,Штип

Предмет: Податоци,услови доставува;

Врска: Ваш акт бр.0302-132/25-2 од 15.05.2025 година.-

Согласно чл. 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение Штип информира:

**Почитувани,**

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка на **Обединета постапка на измена и дополна на Генерален урбанистички план на град Штип за Урбана Четврт ЦЕ 06 со изработка на Детален урбанистички план за Урбана Четврт ЦЕ 06 од ГУП на град Штип-Општина Штип.**

Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат при изработка на **Обединета постапка на измена и дополна на Генерален урбанистички план на град Штип за Урбана Четврт ЦЕ 06 со изработка на Детален урбанистички план за Урбана Четврт ЦЕ 06 од ГУП на град Штип-Општина Штип.**

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

**1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ**

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.


Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативa и Логистика
Подрачно одделение-Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош,,ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.mк

## 2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

## 3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

## 4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистичката документација за изработка на **Обединета постапка на измена и дополна на Генерален урбанистички план на град Штип за Урбана Четврт ЦЕ 06 со изработка на Детален урбанистички план за Урбана Четврт ЦЕ 06 од ГУП на град Штип-Општина Штип,**да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ -Штип

Овластено лице

Перикли Лазаров

Perikli Lazarov

Digitally signed by Perikli Lazarov
Date: 2025.05.16 07:50:36 +02'00'



Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение за Заштита и Спасување-Штип

ул. „Христијан Тодоровски Карпош,,ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија

+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.mk

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение за Заштита и Спасување-Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош,,ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.mk

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
**Бр. 10-24/2-144 од 15.05.2025**
Скопје

Одговорно лице: Ѓорѓи Цветковски

Контакт телефон: 072/931-355

**Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 0302-132/25-2 од 15.05.2025 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на ОБЕДИНЕТА ПОСТАПКА НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06 СО ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☒ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☒ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☒ 10(20)kV Надземна мрежа

☒ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго – Во рамки на дадениот опфат поминуваат новопланирани високонапонски, среднонапонски и нисконапонски подземни водови – дадени во прилог.

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

**НАПОМЕНА:** Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

GjORGjI CVETKOVSKI

Digitally signed by GjORGjI CVETKOVSKI
Date: 2025.05.23 10:00:25 +02'00'

EVN Group

Датум: 5/21/2025

**Легенда**

- Постоечка мрежа
- Новопланирана мрежа
- Демонтирана мрежа

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија-Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut-Shkup
Бр./Nr. 20-2019/2
22-05-2025 год./vit
Скопје-Shkup

До
СТУДИО АТРИУМ - ДОО
Ул.„Ванчо Прќе“ бр.119
2000 Штип

**Предмет:** Одговор на Барање

Во врска со Вашиот допис со број 0302-132/25-2 од ден 15.05.2025 година и број на постапка: 71600 од Е-урбанизам со кој барате податоци и информации, а кои Ви се потребни за изработка на **„ ОБЕДИНЕТА ПОСТАПКА НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06 СО ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП “**, Ве известуваме:

По разгледување на Вашето барање и доставената ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје.

Со почит,

Помошник директор за пруги

Зоран Стојанов

Изработил: Каролина Анастасовска
Проверил: м-р Марјан Арсовски
Согласен: Дритон Руси

Ул. Јордан Мијалков бр. 50-б, 1000 Скопје. П. фах 543 | Тел. +389 (0) 23 227 903 | Факс: +389 (0) 22 462 330
Rr. Jordan Mijalkov nr. 50-b, 1000 Shkup, K. Postal 543 | Tel. +389 (0) 23 227 903 | Faks: +389 (0) 22 462 330
www.mzi.mk | e-mail:info@mzi.mk

# Ј П "И С А Р"

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ - ШТИП, МАКЕДОНИЈА


Јавно претпријатие за комунално производни и услужни работи "ИСАР" п.о
Бр. 15-149/2
22.05.2025 год.
ШТИП

До
"СТУДИО АТРИУМ" ДОО ШТИП
ул. "ВАНЧО ПРЌЕ " бр.119 , Штип

Врска : Ваш бр.0302-132/25-2 од 15.05.2025 год.

ПРЕДМЕТ : **Информација за подземен катастар - водовод и канализација**

Во врска со Вашето барање на податоци и информации добиено преку информацискиот систем за е-урбанизам каде барате податоци за постоечки и планирани подземните инсталации водовод и канализација а кои Ви се потребни за изработка на **ОБЕДИНЕТА ПОСТАПКА НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06 СО ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06 Д ГУП НА ГРАД ШТИП , Општина Штип** " , ЈП "ИСАР" Штип ја дава следната :

## И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

Во овој плански опфат ЈП "ИСАР" Штип има постоечки инсталации на водовод и фекална канализација истите се уцртани во прилог на ситуацијата .

Доколку при планирањето и изведбата се наиде на непредвидени постоечките инсталации потребно е да се извести ЈП "Исар" Штип ( изместувањето на инсталациите ќе биде на трошок на Инвеститорот ).

ЈП " Исар " Штип дава мислење дека во овој плански опфат може да се планира без посебни ограничувања , бидејќи во предвидениот опфат подземните инсталации од водовод и фекална канализација може да се вклопат во новото планирање .

***Ова Информација има важност 6 месеци од денот на издавањето*** .

16.05.2025 год.

РЕ " Сектор за стратешко планирање и развој "
ИЗРАБОТИЛ :
д.г.и. Валери Симов

ЈП " Исар " Штип
в.д.директор
Александар Арсовски

Јавно претпријатие за комунално производни и услужни работи "ИСАР" п.о. Штип


УЛ."Г.М.АПОСТОЛСКИ" БР.37 - 2000 ШТИП,
тел.++389 32 391-125, факс ++389 32 392-671
e-mail: jpisar@mt.net.mk

Бр/Nr. 10-5766/2

Скопје/Shkup 28-05-2025 година/viti

ДО СТУДИО АТРИУМ ДОО
ул.Ванчо Прќе бр.119
2000 Штип

**Предмет:Податоци и информации**

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0302-132/25-2 од 15.05.2025год. со број на постапка во системот е-урбанизам 71600 за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Обединета постапка на измена и дополна на генерален урбанистички план на град Штип за Урбана Четврт ЦЕ 06 со изработка на детален урбанистички план за дел од урбана четврт ЦЕ 06 од ГУП на град Штип, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-5766/1 од 19.05.2025 година:

- Ажурирана геодетска подлога со означени граници на проектен опфат.

## 1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД, ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ОПШТИНА НА КОЈА ПРИПАЃА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

### 1.1 ВОВЕД

Задачата за изработка на ГУП Штип е добиена по престанокот на постоење на ЈП Штип Проект кое го има отпочнато изработувањето на ГУП Штип.

Изминатото време, во кое континуирано се одвива процесот на транзиција, носи крупни економски промени кои генерираат структурни промени во развојните планови на градот. Динамиката на овој процес има свои импликации врз создавање нови просторни односи и ја условува потребата од планска артикулација на просторот на Градот.

Промената на просторните констелации нужно налага евалуација на процесот на урбанизација, територијалниот и морфолошки развој на Градот, преиспитување на урбаните процеси, просторна консолидација и воспоставување конзистентен урбан модел.

Генерален урбанистички план е стратешки развоен план со општи елементи на просторниот развој и воедно основен документ за насочување и артикулација на функционалниот, содржинскиот, капацитативниот и обликовниот израз на Градот.

Основни причини заради кои се пристапува кон изготвување на нов Генерален урбанистички план на Град Штип се:

- планско усогласување на основниот документ за просторниот развој на Градот со промените матрица настанати во периодот после донесувањето на претходниот ГУП на Град Штип (1999год.);
- преиспитување на актуелните развојни потреби на Градот и вградување на современи урбанистички и планерски принципи;

Планската документација е изработена во согласност со Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16). Согласно Член 7 и Член 10 пристапено е кон изработка на Генерален урбанистички план.

Предмет на изработка е **ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06 од Измена и дополна на генерален урбанистички план на град Штип за урбана четврт ЦЕ06 и детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ 06 од ГУП на Град Штип, Општина Штип** кој во основа е работен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25) и Правилникот за урбанистичко

планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21,104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25), како и друга релевантна законска и подзаконска регулатива.

Планот се изработува за урбана четврт ЦЕ 06 во К.О. Штип 1, К.О. Штип 2, К.О. Штип 3, Општина Штип.

Согласно член 22 став (2) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25), Планскиот период за Генерален урбанистички план изнесува десет години, согласно тоа планскиот период на ГУП-от е од 2025 до 2035 година.

**Основна цел на Изменувањето и дополнувањето на Генералниот урбанистички план е да се преиспитаат планираните намени и да се планираат намени согласно можностите за развој и реализација на просторот, како и потребите на сопствениците на земјиштето. Основна цел на Деталниот урбанистички план е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат, односно да се направи усогласување со новопланираните намени со Изменување и дополнување на ГУП.**

**Усогласувањето се однесува и за клучните плански одредби во Генералниот урбанистички план, со кои се уредуваат планскиот опфат, намената на земјиштето и објектите,регулационите линии, односно примарната мрежа насообраќајници и комунални инфраструктури, како и за сите други нумерички плански параметри што се однесуваат на урбан четврт ЦЕ 06, при што ќе се почитуваат и донесените Детални урбанистички планови.**

Основа за изработка на ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН и предмет на оваа планска документација ќе бидат:

-Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 година бр.08-8117/1 од 20.12.2024 год.

-Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога; Постојната состојба утврдена на лице место од страна на стручните лица од правното лице,изработувач на планот;

-Просторните можности на локалитетот;

-Одредбите кои произлегуваат од Генералниот план на град Штип;

-Податоците и информациите од органите на државната управа и другите субјекти;

-Потребите на нарачателот

## 1.2 ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ОПИС НА НЕГОВИТЕ ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА

*Почетната точка на опфатот на урбаното подрачје на гр. Штип се наоѓа на пресекот на патиштата Струмица-Кочани (обиколен пат покрај Штип) и стариот пат Штип-Велес, железничкиот патен правец Велес-Штип и тоа по осовината на патот. Понатаму оди на североисток по осовината на железничката пруга Велес-Кочани до долниот ќош на КПбр.140, движејќи се на север по катастарската граница помеѓу КО Три Чешми и КО Штип се до северното ќоше на КПбр 1061/1 (КПбр.од катастарска подлога 2500), па се спушта на југозапад по границата на КПбр.1061/1 (КПбр. од катастарска подлога 2500) до границата со КПбр.7/1 (катастарска подлога 2500), па се движи на северозапад по границата на КПбр.7/1 (КПбр.од катастарска подлога 2500),свртува кон североисток по КПбр.7/1, КПбр.1039/1, и доаѓа до КПбр.1062/1.Овде границата на опфатот на урбаното подрачје на гр.Штип ја*

*заобиколува КПбр.1039/2 и КПбр.1063/2 по обиколниот пат се до северната граница помеѓу КПбр.137(нов КП број),и КПбр.139(трафостаница) (нов КП број), се спушта на југ по КПбр.139 и по северозападната граница на КПбр.138 (нов КП број), се до осовината на железничката пруга Велес-Кочани. Овде поминува по осовината на железничката пруга се до сезерозападниот ќош на КПбр.2216 (нов КП број). Потоа се движи по северната граница на истата парцела , доаѓа до патот Штип - Кочани (А-58)М5 движејќи се по неговата осовина се до северниот ќош на КПбр.2241(колски пат). Границата оди се по колскиот пат со КПбр.2241(нов КП број), се до границата со колските патишта КПбр.2232 и КПбр.1159 (катастарска граница со КО Чардаклија). Се движи на југоисток по КПбр. 1159(нов КП број), се до КП бр.291(нов КП број), (колси пат)се движи по него покрај КПбр. 95 (нов КП број), вртејќи на југ се до северозападниот ќош на КПбр. 1131,свртува на југ по западната страна на КПбр.1131 и КПбр.1125 и стигнува до осовината на реката Брегалница.Се движи по осовината на река Брегалница спротивно од течението на реката до североисточниот ќош на КП бр.1415/1 па свртува на југ по источната граница на КПбр.1415/1, КПбр.1416, КПбр.1428, КПбр.1431/1 (се нови КП броеви), доаѓајќи до Патот Штип-Плачковица(601) . Овде го сече патот и продолжува на југ по источната граница на КПбр.1461/1, северната граница на КПбр.1443, КПбр,1444 ,КПбр.1460, КПбр.1435, КПбр.1432 ја заобиколува ,КПбр.1434 (се нови КП броеви). Доаѓа до источната граница на КПбр.1433 , КПбр.1439 (нови КП броеви) во м.в.",Бабите",па се движи по североисточната граница на КПбр.2001(нов КП број).Од овде границата на опфатот продолжува по североистчочната граница на КПбр.1954 (нов КП број),во м.в."БАБИ",врти на југ по источната граница на КПбр.2129/1 па до југоисточното ќоше на КПбр.2131 до пат со КПбр.2136 (се нови КП броеви).одовде се движи по осовината на патот со КПбр.2136 (нов КП број), се до североисточниот ќош на КПбр.2138 (нов КП број),па свртува на југ по границата на истата парцела се до патот за филтер станица Баби со КПбр.2140. Овде го сече патот продолжувајќи на југ по источната страна на КПбр.2145, КПбр,2151, КПбр,2307, КПбр.2316, КПбр.2133 (се нови КП броеви), свртувајќи на југ по источната страна на КПбр.2317, КПбр2318, КПбр.2319 (се нови КП броеви), во м.в."Дузлак". Продолжува на југ по источната граница на КПбр.2134 (нов КП број), па движејќи се по долот со КПбр.2688 (нов КП број). Од југоисточниот ќош на КПбр.2688 границата на опфатот продолжува кон југ сечејќи го долот со КПбр.822 (КПбр.одкатастарски подлоги 2500) за да стаса по долот до јужната граница на КПбр.539 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) одејќи по неа за пак да продолжи по долот КПбр.822 (КПбр.одкатастарски подлоги 2500). Доаѓа до КПбр.540 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) се движи по нејзината јужна граница се до јужната граница на КПбр.542 (КПбр.од катастарски подлоги 2500)-колско патче , продолжувајќи по долот над манастир",Св Недела"во м.в. "Мирјанина црква". Ја заобиколува црквата со КПбр.3381 (нов КП број) до спојот со КПбр.3382 (нов КП број), ја заобиколува оваа КП по нејзината источна страна и стигнува до стариот пат Штип-Радање со КП бр.3410 (нов КП број). Продолжува кон запад се до југозападниот ќош на КПбр.3402 (нов КП број), па свртува на југоисток по источната граница на КПбр.754, КП бр.755 и двете (КПбр.од катастарски подлоги 2500) стигнувајќи до патот со КПбр758 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Границата на опфатот продолжува на запад по патот се до северозападниот ќош на КПбр.781(КПбр.од катастарски подлоги 2500), па се движи на запад сечејќи го ридот со КПбр.783 во м.в."Базлк" (Св.недела) постепено спуштајќи се кон југ се до северниот ќош на патот за резервоарот со КПбр.5522 (нов КП број) во м.в. "Леваците". Продолжува на исток по југоисточната граница на КПбр.783 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) во м.в ".Црвени Брегишта" и сечејќи го долот со КПбр.781 стигнува до границата помеѓу КПбр.2294 и КПбр,2295 и двете (КПбр.од катастарски подлоги 2500),па оди по источната граница на КПбр.2292 до водотекот со КПбр.2298(и двете КПбр.од катастарски подлоги 2500),во*

*м.в."Калдрма". Границата на планскиот опфат продолжува по водотекот се до спојот на најсеверниот ќош на КПбр.2257 и КПбр.2305 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) продолжувајќи на исток по јужната граница на КПбр.2305 и КП.бр.2306 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Се искачува према север по западната граница на КПбр.2307, ја заобиколува истата се до пресекот на патот со КПбр.4666 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) во м.в. Калдрма. Од овде се движи на североисток по патот се до границата помеѓу КПбр.2255, КПбр.2542 и КП бр 4666 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500) па свртува на југ одејќи по КПбр.2255 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) по нејзината источна граница. Продолжува по источната граница на КПбр.2543 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) па свртува на исток по северната граница на КПбр.2548 ,КПбр.2553, КПбр.2554 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500) вртејќи на југ по истата граница до КПбр.2559 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) и доаѓа до долот со КПбр.4609(КПбр.од катастарски подлоги 2500)во м.в." Отиња". Го сече долот вртејќи на исток по северната граница па на југ по источната граница на КПбр.2706 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) се до пат со КПбр.4468 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Се движи на исток по патот се до североисточниот ќош на КПбр.2604 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Од овде се спушта на југ по КПбр.2604, КПбр.2603, КПбр.2738, КПбр.2739, (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500) па свртува на југ по истата граница се до КПбр.2740 (КПбр.од катастарски подлоги 2500).Границата на опфатот продолжува на југ по источната граница на КПбр.2746, КПбр.2745 (двете КПбр.од катастарски подлоги 2500) свртувајќи на запад по јужната граница на КПбр.2745( КПбр.од катастарски подлоги 2500) се до река ОТИЊА. Ја сече реката под прав агол и стигнува до североисточниот ќош на КПбр.2670 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) заобиколувајќи ја по северната граница, доаѓа до југозападниот ќош на КПбр.2669 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Продолжува на запад по источната и јужната граница на КПбр. 2666 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) и јужната граница на КПбр.2667.Од овде свртува на југ по источната граница на КПбр.3011, КПбр.3012, КПбр.3018 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500), па свртува на југозапад по јужната граница на КПбр.3018 , КПбр.3020, КПбр,3026 ја сече КПбр.3025 стигнувајќи до стариот пат за Липов Дол со КПбр.4671 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500)во м.в."Ајнато". Го сече патот продолжувајќи на југозапад по јужната граница на КПбр.3057,КПбр.3055,КПбр,3056,источната граница на КПбр.3066,КПбр.3069, на југ по границата на КПбр. 3069 се до југоисточниот ќош на КПбр.3075 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500). Овде свртува на запад по јужната граница на КПбр.3075,источната граница на КПбр.3076, КПбр.2183 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500) во м.в." Орта Колиба" ја заобиколува оваа парцела и продолжува по источната граница на КПбр.3515, КПбр.3517, КПбр.3516 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500). Свртува на западната страна по јужната граница на КПбр.3518,КПбр.3519,КПбр.3524/2 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500)во м.в".Каваклија", свртувајќи на запад по КПбр.3523, КПбр.3522/1 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Стигнува до стариот пат за Струмина Чешма со КПбр.4664 (КПбр.од катастарски подлоги 2500), се движи на север по патот се до северниот ќош на КПбр.3578/1 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Од овде границата на опфатот свртува на југ по КПбр. 3578/1, КПбр.3579/1 (КПбр.од катастарски подлоги 2500),па се движи на северозапад по КПбр.3679/2, КПбр.3580, КПбр.3583 , КПбр2112, КПбр.2111, КПбр.2110, КПбр.2089 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500) м.в.Каваклиски рид.*

*Границата на планскиот опфат на уребаното подрачје на град Штип свртува на југ по источната границата на КПбр.2088, КПбр.2085/2, КПбр.2084, КПбр.2085/1, КПбр.2083, КПбр.2081 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500), ја сече КПбр.2071, го сече патот со КПбр.2079 (КПбр.од катастарски подлоги 2500)во м.в."Шардаван Баши" , ја сече КПбр.2073 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) и стигнува до стариот пат*

*за с.Љуботен со КПбр.4662 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Овде го сече долот и доаѓа до долот со КПбр.3656,го сече и стигнува до северозападниот ќош на КПбр.3672 (КПбр.од катастарски подлоги 2500). Границата на планскиот опфат свртува на југ по западната граница на КПбр.3672, КПбр.3674, КПбр.3673, (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500) ја заобиколува северната граница на КПбр.3675 и движејќи се на југ го сече долот со КПбр.3687 (КПбр.од катастарски подлоги 2500), од овде свртува на север се до југоисточниот ќош на КПбр.3711 (КПбр.од катастарски подлоги 2500).Ја заобиколува оваа КП вртејќи на север минејќи по КПбр.3712 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) и доаѓа до северозападниот ќош на оваа КП.каде што го сече долот со КПбр.3705 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) по неговиот тек во м.в."Кадидаре".Од овде се движи на североисток по границата на КПбр. 2002 (КПбр.од катастарски подлоги 2500),врти на северозапад по западната граница на КПбр.1056 (нов КП број) па по јужната граница на КПбр.1051 (нов број), КПбр.10491 (нов број). Од КПбр.10491 свртува на југ по источните граници на КПбр.10558, КПбр.10559, КПбр.1065, КПбр.10566, КПбр.10567 (се нови КПброеви). Границата на опфатот се движи на запад по јужната граница на КПбр.10569(нов КП број), па свртува на северозапад по јужната граница на КПбр. 10564(нов КП број),движејќи се на југ по долчето со КПбр.10575/4 (нов КП број) се до јужната граница на КПбр.10578 (нов КП број). Од овде свртува на северозапад по осовината на патчето со КПбр.10646 (нов КП број),се до спојот на патчето со границата на КПбр.10643 (нов КП број). Потоа свртува на југ по истата парцела ја заобиколува нејзината јужна граница, па ја пресекува КПбр.10645/1 (нов КП број) во м.в."Кумлак" доаѓајќи до патчето до КПбр.10635 (нов КП број). Се движи на север по него се до спојот на КПбр.10635 и КПбр.10617(нов КП број).Продолжува на север по западната граница на КПбр.10617 (нов КП број), КПбр.1990 (КПбр.од катастарски подлоги 2500),КПбр.1989 (КПбр.од катастарски подлоги 2500), го сече ридот на КПбр.9232/1 (нов КП број), Одејќи на север се до западниот ќош на КПбр. 9546 (нов КП број), во м.в."Хисар" ,па врти на запад се по ридот во близина на објектите нас.Ново Село во м.в. "Клисура" се до југоисточниот ќош на КПбр.9230 (нов КП број). Ја сече оваа парцела м.в. "Клисура"и се спушта до патот НовоСело-Бања Кежовица со КПбр.9085/1 (нов КП број), се движи по него се до близината на КПбр.9171 (нов КП број).Одовде се спушта на југ ,искачувајки се по ридот со КПбр.10649 и КПбр.9232/1 (нови КП број),во м.в. "Еврејски Гробишта" се до североисточниот ќош на КПбр.10668 (нов КП број) .Границата продолжува на исток по северната граница на КПбр.10650 (нов КП број), па свртува на југ по источната граница на КПбр.10650, КПбр.10669 ,КПбр.10670, КПбр.10673, КПбр.10674 (се нови КП број), стигнувајќи до долчето со КПбр.10671 (нов КП број). Од долчето во м.в." Клонкова Сеница" свртува на исток по северната граница на КПбр.501 (КПбр.од катастарски подлоги 2500),па на југ по источната и јужната граница на КПбр.502 (КПбр.од катастарски подлоги 2500), источната граница на КПбр.10875 (нов КП број),па свртува на југ по долот со КПбр.10678(нов КП број),се до северниот ќош на КПбр.10876 (нов КП број). Од овде свртува по источната граница на КПбр.10880 (нов КП број), се до границата со КПбр.10893 (нов КП број) м.в"Клонкова Сеница".*

*Од КПбр.10893 свртува по јужната граница на КПбр.10893, КПбр.10897, КПбр.10900, КПбр.10899 (се нови КП броеви).Па границата на планскиот опфат свртува на северозапад по долот со КПбр.10963 и КПбр.10930 (нови КП броеви),по неговото течение,сечејќи го патот со КПбр.10919 (нов КП број), вртејќи на северозапад по јужната граница на КПбр.10913 (нов КП број),се до пресекот со патчето со КПбр. 10839/1 (нов КП број),во м.в. "Чеперганова Црква".Од овде границата свртува на југ се по патот со КПбр.10839/1(нов КП број), до јужниот ќош на КПбр.10873 (нов КП број), се движи по јужната граница на оваа парцела и на парцелата со КПбр.11010 (нов КП број),се до патчето со КПбр.11077 (нов КП број)во м.в." Плуждино".Потоа се движи по него качувајќи се на север се до КПбр.10830 (нов КП*

*број),па свртува на југ по колскиот пат со КПбр.10793/1 (нов КП број). Границата на планскиот опфат продолжува да се движи по колскиот пат се до најјужното ќоше на КПбр.11076 (нов КП број), продолжувајќи на југ по источните граници на КПбр.359, КПбр.356, КПбр.355, КПбр.354, КПбр.1099, КПбр.1120 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500)стигнувајќи до тромеѓието на КПбр.1120,КПбр.1103 и КПбр.1113/2 (сите КПбр.од катастарски подлоги 2500).Од овде свртува на запад по средината на долчето со КПбр.1119 (КПбр.од катастарски подлоги 2500), во м.в." Шамов Дол" се до Регионалниот пат М-526 Штип-Радовиш. По патот свртува во правец на север се до југоисточното ќоше на КПбр.341 (КПбр.од катастарски подлоги 2500) во м.в. "Рибнички Чешми".Од парцелата со КПбр.341 свртува на десната страна од патот по јужната граница на КПбр. 341, КПбр.338 и КПбр.337(сите КПбр.од катастарски подлоги 2500), стигнувајќи до средината на течението на река Брегалница. Границата на планскиот опфат продолжува да се движи на север по средината а спротивно од течението на река Брегалница, се до м.в.'Калимерово", каде што свртува на запад по северната граница на КПбр336 (КПбр.од катастарски подлоги 2500), и сечејќи ја КПбр.327 (КПбр.од катастарски подлоги 2500), стигнува до асфалтираниот патот за новата депонија бо м.в. "Калимерово".Се движи по тој патот на север се до долот со КПбр.10720 (нов КП број), продолжува по долот се до пропустот на регионалниот пат М 526.*

*Границата на опфатот од пропустот свртува на север и продолжува да се движи по осовината на регионалниот пат М-526 се до почетната точка на опфатот на урбаното подрачје на гр.Штип.*

Големината на опфатот на вака опишаните граници изнесува 2292.28 ха.

Границата на Генералниот Урбанистички план за ГРАД ШТИП 2014-2024, Општина ШТИП е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 636, согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени заверен со бр. 1110-13 од 06.03 2013 година.

## 2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

При изработка на ГУП Штип 2014-2024 најважни цели при изработката на Планот беа:

- формирање на идентитетот на Градот како целина и на поедини делови,
- ефикасна организација на елементите во просторот, во функција на потребите на граѓаните.
- ефикасна организација на сообраќајот,
- заштита на животната средина,
- Активирање на деловите од градот во кои досега не е спроведуван досегашниот ГУП на Град Штип 1999,
- подигање на квалитет на урбаната инфраструктура,особено во недоволно урбанизираните делови,

а во склад со одредбите на ГУП на Град Штип, позитивната законска и подзаконска регулатива од областа на урбанистичкото планирање и постојната состојба.

Предложениот плански опфат за ИЗМЕНУВАЊЕТО И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06 е дефиниран и се совпаѓа со граница на урбаната четврт ЦЕ 06 даден во ГУП на град Штип,

графички прилог од ГУП 'Граници на детални урбанистички планови.

Планскиот опфат на кој е вршена потребната анализа за изработка на **ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06 од Измена и дополна на генерален урбанистички план на град Штип за урбана четврт ЦЕ 06 и детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ 06 од ГУП на Град Штип,** е ограничен со следниве улици:

- од север граничи со новоизграден локален пат
- од југ граничи со осовина на ул. „Вардарска"
- од исток граничи со осовина на ул. „Партизанска"
- од запад граничи со осовина на река Брегалница

Границата на извршената анализа на планскиот опфат е дадена и во графичкиот прилог, согласно геодетки елаборат за геодетски работи за посебни намени, ажурирана геодетска подлога изработен од Друштво за геодетски работи ГЕО-СИГМА ГРУП ДОО - ШТИП со деловоден број 139/25-4 од 28.05.2025 година и Известување за електронска заверка во АКН со број 1110-43/2025 од 29.05.2025 година. Површина на предметниот плански опфат изнесува **31ха.** Планскиот опфат кој е предмет на работа се наоѓа во северозападниот дел од градот Штип.

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка, и тоа:

X=7599748.768 Y=4623102.950
X=7599610.774 Y=4623079.338
X=7599738.773 Y=4623136.049
X=7599661.516 Y=4623310.423
X=7599835.230 Y=4623387.387
X=7599677.291 Y=4623493.007
X=7599688.070 Y=4623509.125
X=7599604.945 Y=4623564.714
X=7599704.931 Y=4623563.074
X=7599706.702 Y=4623670.989
X=7600006.662 Y=4623666.067
X=7599713.909 Y=4623731.608
X=7599741.062 Y=4623852.924
X=7599713.330 Y=4623857.864
X=7599692.285 Y=4623739.724

**Основна цел на Изменувањето и дополнувањето на Генералниот урбанистички план е да се преиспитаат планираните намени и да се планираат намени согласно можностите за развој и реализација на просторот, како и потребите на сопствениците на земјиштето. Основна цел на Деталниот урбанистички план е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат, односно да се направи усогласување со новопланираните намени со Изменување и дополнување на ГУП.**

**Усогласувањето се однесува и за клучните плански одредби во Генералниот урбанистички план, со кои се уредуваат планскиот опфат, намената на земјиштето и објектите,регулационите линии, односно примарната мрежа насообраќајници и**

**комунални инфраструктури, како и за сите други нумерички плански параметри што се однесуваат на урбан четврт ЦЕ 06, при што ќе се почитуваат и донесените Детални урбанистички планови.**

Планираната намена во граници на планскиот опфат да биде усогласена со класификацијата на намените утврдени во чл. 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25) и усогласена со потребите на Инвеститорот.

Системот на класи на намени согласно Законот за урбанистичко планирање е составен од шест групи на класи на намени и тоа: - А - домување и престој - Б - деловни и комерцијални намени - В - јавни дејности и институции - Г - производство, рударство, енергетика и индустрија - Д – зеленило, рекреација и меморијални простори - Е – инфраструктури. Дозволени класи на намени кои можат да се планираат во рамките на планскиот опфат согласно ГУП се следните:

А - ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ
Б - ДЕЛОВНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ НАМЕНИ
В - ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ
Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ –
Д1 - Парковско и пејзажно зеленило –
Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини
Е – ИНФРАСТРУКТУРИ –
Е2 – Згради и комплекси на инфраструктурните системи

Намените кои се планираат на ниво на плански опфат на изработка на Детален урбанистички план се намени согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25) и согласно намените планирани со Измената на Генералниот урбанистички план.

Компатибилните и комплементарните класи на намени се планирани согласно Закон и Правилник за урбанистичко планирање.

**Главна промената во рамките на предметниот плански опфат е дислокација на веќе планираните намени согласно важечкиот ГУП. Нумеричките параметри нема да претрпат промени. Во важечкиот ГУП постојат површини на кои не се усогласени фактичката состојба и планирана намена. Потребите и можностите за изработка на Изменување и дополнување на ГУП и ДУП е уредувањето на просторот на кој не постојат детални планови, формирање на градежни парцели кои ќе овозможат лесна комуникација во планскиот опфат како и утврдување на намена која согласно инвентаризација на просторот претставува намна Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори.**

**Планот, кој е основен развоен документ, ги утвдрува планираните општи и посебни услови, преку параметри, кои се потребни за изработка на урбанистички проекти и основни проекти. Урбанистичката документација ќе создаде градежни парцели со повисок коефициент на искористеност и процент на изграденост согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25).**

Намената е дефинирана согласно Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. ДУП-от кој е предмет на донесување треба да овозможи изградба на објекти од втора категорија на градба.

При планирањето на градежните парцели, да се обезбеди мин. 20% зеленило, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (‘Службен весник на Република

Македонија“ бр. 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20).

Потребен број на паркинг места да се обезбедат во склоп на градежната парцела, како услов за градење до максимално утврдената површина за градба.

Сите потребни инфраструктури да се водат подземно во ровови според пропишаните прописи за конкретните инфраструктури. Со планот да се овозможи доуредување на сообраќајната, водоводната, електроенергетската и други инфраструктури, според насоките од јавните претпријатие за стопанисување со истите.

Планската документација сеизработува согласно со издадениотИзвод од детален урбанистички план, извод одсоседните урбанистички документации и извод од генерален урбанистички план.

Конфигурацијата на теренот заедно со урбанистичките стандарди и нормативи во планирањето на просторот како и насоките од условите во голем дел ја насочуваат концепцијата на разработката.

## 2.1 ПОСЕБНИ ПРОЕКЦИИ ОД ОБЛАСТИТЕ

### 2.1.1 СОЦИО-ПРОСТОРНИ И СОЦИОЛОШКИ ПЕРСПЕКТИВИ НА РАЗВОЈОТ НА ШТИП

Населението е основен влезен параметар при изработката на секој Генерален урбанистички план.

За да се добие податок за бројот на население на крајот од планскиот период направена е анализа на податоците од Државниот завод за статистика во последните 10 години и тие се:

Според податоците порастот на населението по 2005 година и трендот на пораст до граница на планскиот период е прикажан на следниот графикон






Со интерполација со трендлинија за наредните десет години се доаѓа до бројка од околу 49400 жители на крајот на овој период. Меѓутоа ова се бројки кои во предвид го земаат само природниот прираст на населението во Градот Штип. Во градот Штип егзистира и Универзитет Гоце Делчев со приближно 8000 студенти . Голем дел од нив не се од Штип но поголем дел од годината го минуваат во градот . Исто така може да се очекува и развој и експанзија на универзитетот со што и бројот на студенти ќе се наголеми.

Земајќи ги во обзир овие факти вкупниот број на жители на крајот од овој плански период е проценет на 58427 жители кои се земени како појдовна основа за пресметките.

Урбанистичкиот план мора да ги идентификува и вклопи во стартегијата за решавање пред се преку санација, ревитализација или целосно отстранување на оние делови од градот кои опасно го загрозуваат здравјето на луѓето. Тоа особено се однесува во сферата на подобрување на станбените услови.

Приоритет при изградбата на Градот треба да добијат оние делови кои се најзапоставени во досегашниот развој, на кои им недостига по некој важен елемент на урбана комунална инфраструктура или социјална опрема.

Системот на управување мора да обезбеди претпоставки за работа и квалитетен живот. Несомнено, под тоа се мисли на ефикасен транспорт, здрава животна средина, нормално снабдување и десетици други потреби и активности и погодности кои го формираат добриот живот во Градот, а во кој влегуваат и културните потреби, уреденоста на средината, елементи кои не признаваат вештачки создадени граници, виртуелни меги, во рамките на една неделива целина.

Управувањето со Градот претставува развивање на менаџмент кој обезбедува сигурни резулати а во себе вклучува:

- *маркетинг;*
- *операцинален менаџмент;*
- *информационен менаџмент;*
- *финансиски менаџмент;*
- *менаџмент со човекови ресурси;*

Во суштина концептот за одржлив град претставува интегрален пристап во планирањето и управувањето, со нагласена тенденција на развој на локалната демократија, на граѓанинот како субјект на реализација на планот.

Центарот на Градот претставува единствено место каде неговите жители може да почувствуваат некое доживување, место богато со содржини каде историјата и културата на еден народ се збиени во нивното најсуштинско значење низ најразлични симболички форми и кои одредуваат дел од сликата на еден народ.

Штип е град со низок степен на етничка измешаност на населението каде не е проблем како да се одржи нивото на толеранција каде луѓето делат еден заеднички простор. За да биде еден град, здрав, здрав за живот на неговите граѓани секако дека треба многу труд, знаење, организација, пожртвуваност, волја, политичка волја. Планот мора да обезбеди гаранција дека тоа што треба да се прави се прави во интерес на мнозинството и долгорочно. Одржливоста на интервенцијата во просторот мора да биде јасно поставена, долгорочно насочена и во интерес на мнозинството. Градот, од субјектите на неговата изградба, најчесто се доживува како механички збир на мноштво неповрзани делови, а не органска целина која би требало да функционира како сложена просторно-физичка и социјална средина. ГУП е идеална прилика многу недоследности од развојот да се вратат на вистинскиот пат.

## 2.2 СИСТЕМ НА ЦЕНТРИ НА ГРАД ШТИП

Просторниот и комерцијалниот развој на Центрите, зависи од потребата, а пак таа директно се врзува со конзументот и неговиот социолошки аспект, менталитетот, навиките на луѓето итн... Ако зборуваме за метода на проекција на концептот за развој на Центрите сигурно дека зборуваме за оригинални решенија кои потекнуваат од ова поднебје, одговараат на менталитетот, навиките и потребите на овие луѓе. Но, голем придонес во просторниот и комерцијален развој можат да имаат и туѓуте искуства, позитивните светски искуства третирани како идеја, инспирација која ќе поттикнува решенија соодветни за спецификите на нашето поднебје. До таквите резултати методолошки може да се стигне секако преку социолошки студии и истражувања за потребите на луѓето, преку просторни анализи и истражувања на просторните капацитети за намена на Центри, и преку согледување на светски искуства применливи на нашето тло и прифатливи за нашите граѓани. Во теоретска смисла уште еднаш треба да бидат подвлечени принципите на проекција на концептот за просторен и комерцијален развој на Центрите, а тоа се: функција, безбедност, естетика, поврзување и придружни културни содржини.

Имајќи ја во предвид систематизацијата на просторните единици во град Штип има еден главен центар, два центри во населбите „Сењак“, „Баби“ и планираниот центар во населбата за идно домување „Пребег“. Во центрите се сконцентрирани поголем дел од комерцијалните, деловни и јавни објекти во реонот околу центарот.

Воедно, во оваа прилика треба да се спомене и тоа дека мислењето на граѓанинот може и треба да биде релевантно во формирањето и креирањето на Центрите. Преку анкети, јавни промоции, презентации треба статистички да се извлече оцената на граѓанинот на посточките Центри, преку детални прашалници кои аспекти ги задоволуваат нивните потреби, а кои аспекти не ги задволуваат. Само така, земајќи го предвид судот и

мислењето на жителите кои веќе ги ползуваат Центрите може да се стигне до повисоки резултати кои ќе го унапредат развојот на Центрите. Впрочем, граѓанинот како краен корисник на јавниот простор и Центрите треба да се чувствува добро и да го сака јавниот простор. Ваквиот принцип не само што дава резултати во однос на севкупниот клавитет на јавниот простор туку тој на некој начин го доближува граѓанинот до јавниот простор и до градските власти кои со овој гест даваат до знаење дека им е значајно мислењето на жителите. Така со една постапка се добиваат повеќе придобивки: мислење за јавниот простор, комуникација на градските власти со граѓаните, но и можност од ваквото истражување да се создаде културен настан, ивент кој ќе ги привлече жителите.

Проекцијата на комерцијални структури и просторната организација на комерцијалните активности во центрите, се состои во почитувањето на параметри за проектирање на јавен простор од отворен и затворен тип. Основна функција при обмислувањето на јавниот простор е тој да обезбеди услови за негова јавна употреба и да обезбеди доволно простор за сите учесници: станарите и посетителите. Овозможување комфорни места за седење во јавниот простор. (клупи, надsидоци, подвижни столици, отворени скалишта и сл.). Овие простори за седење треба да се направени на тој начин што ја стимулираат употребата на јавниот простор и истите треба да се видливи со цел да ги поканат оние што го познаваат веќе овој простор но посебно за оние кои што за прв пат се запознаваат со дадениот јавен отворен простор.

Центарот треба да обезбеди услови за одржување и развој на социјалните активности на учесниците во отворениот урбан простор (играње на колективни игри), сончева заштита на отворениот простор и неговите елементи и адекватно осветлување во ноќните часови на разгледуваниот простор.

Присуство на „landmark“ и репери во јавниот простор претставуваат јадро со силна карактеристика за привлекувањето на посетителите како и присуство на мобилни и ефемерни ресторани и киосци, од трговски- угостителски и друг јавен карактер. Секоја полова, национална и старосна струкура на население треба да биде комфорна при употребата на овој простор.

Лесното пронаоѓање на влезовите и главните пристапи преку поставување на директни патеки во определен јавен простор е од исклучително значење во формирањето на квалитетна урбана површина. Поставување на соодветна сигнализација која ги објаснува на јасен начин сите потребни информации за намената на градбите од јавниот простор и овозможуваат добра ориентација на новите корисници. Исто така, новите корисници на разгледуваниот простор на лесен начин би се ориентирале во него и на лесен начин би ги осознале градските содржини.

Директна поврзаност на пешачките патеки со организираните јавни површини. Местата за снабдување на локалите од угостителско-трговски и друг јавен карактер, треба да бидат соодветно означени и да не претставуваат пречка во пешачката комуникација. Местопложбата на јавните паркиралишта за автомобили како и станиците на јавниот превоз, треба да бидат јасно одбележани и јасно видливи за корисниците на заедничкиот

простор. Безбедноста на сите учесници во јавниот живот при поврзувањето на заедничките содржини и јавниот превоз играат важна улога во развојот и одржувањето на урбаните простор.

## 2.3 ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

Оценката на туристичките потенцијали на Штип треба да се базира на валоризациските карактеристики на просторот. Врз основа на овие карактеристики и содржински елементи може да се определи користењето на просторот за туристичка намена. Најважни критериуми во оваа смисла се следниве:

- положба и простапност на просторните елементи погодни за туристички развој
- атрактивност;
- коплементарност на просторните содржински елементи за формирање интегрална туристичка понуда;
- инфраструктурна приспособливост;
- постојно ниво на изграденост на просторот и
- интегративност на туристичките потенцијали и животната средина.

Положбата и пристапноста на елементите на просторот претставуваат критериум кој е од круцијална важност за определување на содржинските потенцијали за развој на туризмот. Во оваа смисла, како предност треба да се смета отвореноста на Штип кон окружувањето и неговата релативно добра поврзаност. Овде постојат просторни услови за унапредување на поврзаноста и пристапноста до локациите за туристичка намена.

Атрактивноста на потенцијалите за развој на туризмот треба да се оценуваат низ неговите квалитативни валоризациски компоненти какви што се: рекреативност, естетичност, куриозитетност, монументалност и едукативност. Врз основа на вака утврдените својства можат да се определи карактерот на туристичките потенцијали и да се утврдат можните активности во просторот. Утврдените можни активност преставуваат за дефинирање на намената на просторот и диференцијација на туристичките просторни единици.

Како оценка на поволност на туристичките потенцијали треба да се земе и можноста за унапредување на инфраструктуните решенија. Инфраструктурата треба да биде основа на супраструктурален развој и афирмација на туристичките и угостителски потенцијали.

Имајќи ја во предвид систематизацијата на просторните единици во рамките на ГУП на град Штип можеме да ги издвоиме следниве локалитети:

- Бања „Кежовица“ - каде има можност за изградба на поголем комплекс со повеќе функции од оваа дејност;
- Штипско Ново Село со црква „Св. Богородица“ од XIX век.
- Тврдината „Исар“

Постојното ниво на изграденост може да се искористи за осовременување и подобрување на квалитетот. Меѓутоа, како поволност треба да се искористат не зафатените просторни целини.

Интегративноста на туристичките потенцијали и заштитата и унапредувањето на животната средина претставува основна претпоставка во оценувањето на значењето на овие вредности. Туристичките потенцијали имаат вредност колку што нивното активирање претставува можност за придонес во зачувувањето на автентичната природа на просторот.

## 2.4 ЈАВНИ ФУНКЦИИ

***B1 - образование***

Образованието на населението се обавува преку системот на образовните установи училишта (за основно, средно и вишо и високо образование). Од сите наброени степени на образование единствено основното образование, за деца од 6- 18 години и средното образование се задолжителни и бара целосно вклучување на сите ученици, додека пак во останатите степени корисниците се вклучуваат зависно од можностите и желбите. Училишната мрежа за основно образование ја сочинуваат училиштата „Гоце Делчев“, „Ванчо Прќе“, „Димитар Влахов“, „Тошо Арсов“, „Славејко Арсов“ и Основното Музичко училиште „Сергеј Михајлов“ како и три новопланирани основни училишта во населбата Пребег.

Функцијата средно образование во градот Штип се одвива во шест објекти. Гимназија „Славчо Стојменски“, Средно медицинско училиште „Јане Сандански“, Државно електро машинско училиште „Коле Нехтенин“, Средно музичко училиште „Сергеј Михајлов“ и Државно средно текстилно училиште „“Димитар Мирасчиев“ како и едно новопланирано средно училиште во населбата Пребег.

**Просторна диспозиција на објекти од образование**

***Основни училишта***

Планирањето на површини и градби од основно образование се остварува според територијалниот принцип, односно за едно и/или неколку градски подрачја во кои бројот на децата според гравитационото подрачје го оправдува постоењето на основното училиште. Градбите на училиштето се градат како самостојни градби со локација до која е обезбеден сигурен пристап на учениците до училиштето во никој случај непопречен со оображајници со висок интензитет. **Основните училишта** треба да се планираат и градат согласно територијалниот принцип, односно за едно или повеќе градски подрачја кои согласно бројот на деца во рамките на популацијата и гравитационото подрачје го оправдува постоењето на основно училиште. Учеството на деца од 7-14 години е 8% од вкупната популација. Локацијата и градбата за основно училиште се планираат согласно следните нормативи: 30 ученици во училна (пожелно 20-25), (25)30-50м2 градежна парцела/ученик, а оптималниот капацитет вообичаено се димензионира за 480-600 ученици. Погодно е сместување на локација која ќе има 20-30% поголема површина заради доградба или промена на педагошките стандарди. Воедно, (максимална дистанца во единица време 15 мин, или 1500 м) Зеленилото во рамките на училишниот двор треба да биде од 6-8 м2/ученик, односно школскиот двор од 3-5 м2/ученик.

Од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование донесен е Норматив за простор за деветгодишно училиште кој е во согласност со член 17 став 1 алинеја 3 од Законот за основно образование во кој се наведени следните нормативи:

- Училиште со 7 училници (тип1) -зграда со површина од 1428 м2 за 238 ученици, површина на училишен двор 7140м2.
- Училиште со 8-9 училници (тип 2а)-зграда со површина од 1850 м2 за 306 ученици, површина на училишен двор 9000м2
- Училиште со 10-14 училиици (тип 2б)-зграда со површина од 3500 м2 за 306 ученици, површина на училишен двор 18000м2
- Училиште со 15-18 училници (тип 3)-зграда со површина од 4500 м2 за 306 ученици, површина на училишен двор 18500м2

Воедно, во рамките на планираните површини за градби од основно образование треба да се определи минимален број на паркиралишни места, според нормативот одреден во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник бр.142/20 и 64/11), Член 61, кој за основно и средно образование 1 паркинг место на секои 100м2 од вкупно изградената површина.

**Средно образование**

Бројот и видот на средните училишта ќе се утврди согласно општиот принцип на потребна површина според бројот на ученици во задожителното средно образование според територијален принцип и стандардите.

Воедно, во рамките на планираните површини за градби од средно образование треба да се определи минимален број на паркиралишни места, според нормативот одреден во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник бр.142/20 и 64/11), Член 61, кој за основно и средно образование 1 паркинг место на секои 100м2 од вкупно изградената површина.

Градењето на средни училишта е можно на површини одредени за оваа класа на намена со пропишани просторно-педагошки стандарди.

Во планирањето на површините и локациите светската практика упатува на се поголемо напуштање на крутиот гравитациски модел, по кој досега беа во планирањето примануванi растојанија од 800 до 1100 м., средна мерка 950m.; зависно од пристапноста и времето потребно да се стигне пеш до средните училишта. Тие се темелат на следните нормативи и критериуми на просторни стандарди за градбата и локацијата: најмалку 20-25 м2/ученик за постојните училишта, и 30-50 м2 за новите училишта, односно 8-10 м2 развиена површина за градбата. Секоја средношколска градба треба да има спортска сала и отворени спортски терени димензионирани по бројот на корисници, а локацијата да има барем минимална просторна резерва за понатамошен развој и ширење.

***Високо образование***

Организирање на мрежата на градбите за високо образование и наука се темели на следните нормативи за димензионирање и лоцирање, и тоа: гравитациониот модел со кој во планирањето се алоцираат градби од овој вид на намена, каде дистанцата на

опслужување изнесува 1500 м, се напушта во функција на просторен модел со кој се обезбедува добра поврзаност со другите градски функционални делови, кластирање на намената и компатибилните класи на намена. за Високообразовните институции при планирање на Градежни парцели со Класа на намена В1- за високо образование треба да се почигува Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи за вршење на високообразовна дејност објавен во Службен весник број 103 од 30.07.2010 год според кој:

- норматив за студии од подрачјето на општествените науки 3,5 м2 по студент;
- норматив за студии од подрачјето на природните и хуманистичките науки 4,5 м2 по студент;
- норматив за студии од подрачјето на технички и биотехнички науки 7,5 м2 по студент;
- норматив за студии од подрачјето на медицински науки 8.5 м2 по студент;

Воедно, во рамките на планираните површини за градби од високо образование и научни институции треба да се определи минимален број на паркиралишни места, според нормативот одреден во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник бр.142/20 и 64/11), Член 61, кој за градби за високо образование изнесува 1 паркинг место на секои 80м2 од вкупно изградената површина; а за научните институции 1 паркинг место на секои 150м2 од вкупно изградената површина.

## 2.5 В2 – ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Организацијата на здравствените содржини и објекти се дели на примарна секундарна и терциерна здравствена заштита. Дејноста функционира како мрежа на здравствени објекти која почнува од малите здравствени амбуланти, диспанзери, и медицински центар како трерциерна здравствена организација во систем на здравстото.



**Просторна диспозиција на објекти од здравсво и социјална заштита**

Здравствен дом со површина од 5000м2 се планира во станбен реон од 30000-90000жители. 10 посети годишно по жител во една амбуланта Стандардот кој треба да се достигне е 70м2/болничко легло, а тенденцијата треба да биде 80-100м2/болничко легло.

За станица за брза помош потребни се за корисната површина од градбата од 120м2 на 5000 жители а за површина на парцелата 150м2 на 5000 жители. Воедно, во рамките на планираните површини за градби од високо образование и научни институции треба да се определи минимален број на паркиралишни места, според нормативот одреден во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник бр.142/20 и 64/11), Член 61, кој за градби за здравствена заштита изнесува 1 паркинг место на секои 60м2 од вкупно изградената површина.

Предучилишното воспитување на децата како дел од социјалните грижи претставува една од темелните функции во градењето и развојот на детската личност. На

територијата на градот Штип оваа дејност се одвива во детски установи - градинки. Градинките се градат според бројот на деца во одредена популациона група во рамките на гравитациско подрачје. Гравитационото подрчје според претходните стандарди за овој вид предучилишни институции (1 – 5 години) - изнесува 200 до 300 m. Сегашните дистанци се одредуваат според 10 минути пешачка дистанца пристапна преку пешачки патеки на локацијата до која корисниците треба да поминуваат без да се вкрстуваат со улици до поинтензивен сообраќај, а тоа е 800-1000м, одноно 400-500 м за јасли. Мрежата на градинки се темели на претпоставениот процент на учество од 4% на деца од 1-6 години од вкупниот број на население, како и на очекувањата дека ќе бидат сместени 60% деца од предучилишна возраст.

Локацијата, градежната парцела, и градбата за детска градинка се базира на следните стандарди:

3 м2 затворен простор / дете

15 м2 отворен простор (игралишта, зелени површини) / дете

40 м2 вкупна површина на парцела/дете, односно 35 м2 за поголеми градинки од 100 деца,

најмала површина за секоја првпат планирана парцела е 2000 м2

Центарот за социјална работа, работи врз определбите на програмата за развој на социјалната заштита и законот за социјалната заштита и другите позитивни законски прописи. Динамиката за развојот на социјалната заштита е во непосредна зависност од општествено економскиот развој на општината и интензитетот на социјалните појави и проблеми настанати како последица на општествените движења. Во основа, напорите кои на овој план општеството ги вложува ориентирани се на создавање услови за јакнење на материјалната положба и животниот стандард на корисниците на социјалната заштита.

Согласно Правилникот за нормативите и стандардите за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита за стари лица (Сл.Весник на РМ, бр. 50/97, 16/2000, 17/2003 и 65/2004), пропишани се стандарди за простор, опрема и стручни кадри за работа на установите за социјална заштита на стари лица.

Во овие установи се одвива сместување, исхрана, помош и нега, здравствена заштита, културно-забавни, работни, рекреативни активности, услуги на социјална работа и други услуги зависно од потребите, способностите и барањата на корисникот, се обезбедува за најмногу 150 корисници по градба.

Установата треба да е сместена во населено место или во близина на населено место со развиени сообраќајни врски и друга инфраструктура, со можност ориентација на градбата Исток - Југ.

Установата треба да располага со слободно земјиште и други отворени простори, хортикултурно дизајнирани и уредени со рекреативни терени и патеки, опремени со клупи, стреи, светилки и друго. Односот на изграденоста на локацијата да биде минимум 1:1,5, доколку не се граничи со јавни отворени простори.

Овие установи редовно ги пратат станбени единици и придружни простории кои можат да бидат проектирани како:

а) Станбени единици за стари лица; и

б) Станбени единици за лица со потреба од помош и нега од друго лице.

Минималната површина за станбените единици изнесува:

| | |
|---|---|
| еднокреветна соба со бања | 15.0 м2 |
| двокреветна соба со бања | 18.0 м2 |
| гарсониера | 18.0 м2 |
| апартман за едно лице | 27.0 м2 |
| апартман за две лица | 27.0 м2 |

Доколку во станбените единици нема бања, минималната површина изнесува 6 м2 по корисник. За станбените единици на девет лица треба да се обезбеди просторија за лична хигиена и бања со туш кабина или када. Доколку станбените единици се сместени на кат, треба да имаат и заеднички отворени површини (лоѓии, тераси) со минимум 15.0 м2.

Административните простории во социјалните установи треба да бидат со минимална површина од по 6м2 по вработен.

Согласно Правилникот за нормативите и стандардите за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита, Дневен центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци (Сл. Весник на РМ. бр. 50/97, 16/2000, 17/2003, 65/2004, 62.2005 и 111/2005), пропишани се стандардите и нормативите за основање на ваков тип установи. Услугите во овие установи се обезбедуваат преку индивидуална и групна работа, при што, една група треба да има 8-12 корисници, со престој на корисниците од најмалку 2 часа во текот на работниот ден.

Дневниот центар треба да е сместен во населено место или во близина на населено место со развиени сообраќајни врски и друга инфраструктура, со можност за користење на обезбеден јавен превоз.

Дневниот центар може да е сместен и во рурална средина, ако се исполнат нормативите и стандардите, согласно Правилникот.

Согласно Правилникот за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост (Сл.Весник на РМ бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05 и 111/05) пропишани се стандардите и нормативите за основање на ваков тип установи. Дневниот центар обезбедува дневно згрижување, работно производна активност, работна терапија, психосоцијална рехабилитација и други активности (реедукација и стекнување вештини за осамостојување и социјализација) на лица со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој и на лицата со потешки пречки во телесниот развој, најмногу за 25 корисници во еден градба, при што една група во зависност од возраста на корисниците треба да има најмногу 12 корисници. Дневниот центар треба да располага со слободно земјиште,

хотрикултурно дизајнирано и уредено, опремено со клупи и маси за двор, а по можност и со обоена лизгалка лесна за качување со широки скали и рачки за држење, како и лулашка со граничник и сугурносен појас.

***B3 култура***

Културата и уметноста функционираат како дејности со забавен и културно воспитен карактер. Вкупна површна за култура изнесува 15610.01 м2 што претставува 0,08% од вкупната површина на градот.

**Просторна диспозиција на објекти од здравсво и социјална заштита**

Во градот освен веќе постоечките објекти за култура, предвидени се нови објекти, чии локации ќе се одредат со план од пониско ниво. Штип е град на кој му недостасува кино сала. Освен означените локации во ГУП, кино сали може да бидат испланирани во склоп на трговски центри или други деловни целини чии локации ќе се одредат со план од пониско ниво.

## 2.6 B2 – ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Со Генералниот урбанистички план на град Штип (2014-2024) се планира подигање на нови зелени површини и тоа паркови, реонски паркови, скверови, зеленило долж улиците и реките, цветни алеи, зеленило со ограничено користење, градските и приградски шуми, заштитни шуми и сл.

Така, бројчаните податоци за новопланираните зелени урбани површини внатре во границите на планскиот опфат би биле следни:

Нови урбани зелени површини околу 870ха. (има 505,18ха постојни) Во новиот ГУП треба да се предвидат нови:

- паркови 180ха
- да се обезбеди простор за реонски паркови во површина од 165ха (преку пренамена на одредени простори)
- скверови и скверови паркови околу 20,0ха,
- дрвореди и зелени коридори 260,0ха, од кои само дрвореди и зелени коридори 60,00ха, а останатото е зелен коридиор по крајбрежје на реките повеќе од 200,0ха,
- цветни алеи 5,0ха

односно нови 630ха зеленило. Останите површини околу 240ха ќе ги пополне зеленилото со ограничено користење, а најмногу зеленило врзано за домувањето (постојното блоковското - станбеното зеленило кое со трансформацијата премина од катастарска во градежна парцела, односно од корисник во сопственик, во новиот ГУП полека, делумно преминува во зеленилото со ограничено користење), односно зеленилото во дворовите на заедничките станбени згради, зеленилото во дворовите на семејните куќи, зеленило во состав на административни, управните згради, комерцијални градби и други специјализирани градби, зеленило во состав на индустриски градби и комплекси и шумите.

Во сите четврти покрај постојното зеленило се предвидува подигање на нови дрвореди, зелени поврзувања, мали зелени површини, уредување на пешачките зони, подигање на цветни површини, жардинерии и др.

Постојните шуми ("Мирјанина црква", и "Пребег") добиваат статус на градски шуми, со приоритет на заштитна и рекреативна функција.

Здравствената корист од редовната физичка активност е добро позната. Таа ја унапредува менталната, физичката и социјалната благосостојба кај луѓето и помага во отстранување и заштита од разни болести, инвалидитети и сл.

Без оглед на зголемениот број на граѓани што се баваат со рекреација или врвен спорт сметаме дека тоа не е доволно бидејќи податоците од извештаите на светската здравствена организација во однос на европскиот регион недвосмислено говорат за проблемите со физичката неактивност. Две третини од луѓето во европскиот регион на 15 години и постари не се физички активни на препорачаното ниво. Во државите членки на WHO, од европскиот регион, еден од пет жители се малку или не се физички активни, со повисоко ниво на неактивност во источниот регион. Низ цела Европа, само една третина од испитаните деца се вклучени во физичка активност. Ниското учество во здравата физичка активност, суштествено влијае во јавното здравје. Физичката неактивност предизвикува околу 600.000 смртни случаи годишно во Европа. Физичката неактивност го зголемува ризикот на многу хронични болести – вклучувајќи ги кардиоваскуларните заболувања, дијабетес, различни типови рак и т.н. (Edvards, P., Tsouros, A. (2006).

Promoting physical activity and active living in urban environments. Tho role of local governments. WHO, Kopenhagen)

Што значи здрав и активен град?

Здрав град е оној град кој има постигнато посебен позитивен здравствен статус. Град кој е свесен за потребите на сопственото население и свесно се труди да ги унапреди. Здрав и активен град кој во континуитет ќе создава услови за унапредување на друштвената околина, но и да им овозможи на граѓаните да бидат активни во секојдневниот живот.

За да го зголемиме бројот на активни лица и да создадеме здрав и активен град, пристапот треба да биде повеќе партнерски, како на пр.

- Јавен сектор

Спорт и рекреација
Здравство
Превоз
Урбанизам
Образование
Законодавство
Туризам

- Приватен сектор

Спонзори
Медиуми
Фитнес клубови и т.н.

Општествена и економска корист од спортот и рекреацијата

Вклучувањето во спортот и рекреацијата може да резултира со менувањето на инфраструктурата, зголемени ресурси, зголемени капацитети, возобновени градби и сл.

Спортот, рекреацијата и спортските површини на кои тие се изведуваат може да биде корисен во смалувањето на криминалот и социјалното однесување.

Можностите за пешачење и возење велосипед можат да допринесат за намалување на загадувањето од јавниот превоз.

Спортските градби кои можат да се искористат за организација на големи натпреварувања (балкански, европски и светски првенства) можат да бидат важни за развој на политички, економски, општествен и културен начин на живеење.

Со планот се задржуваат постојните спортски градби и комплекси, со можност за реконструкција и зголемување на техничките и просторните опремености во склад со меѓународните стандарди на поедини категории на спортски градби.

Потребно е да се формира мрежа на спортско-рекреативни градби и центри на општинско и градско ниво кои треба рамномерно да ја покријат територијата на Градот и да овозможат омасовавување на рекреативниот и натпреварувачкиот спорт.

Новите спортски површини и градби, како и детските игралишта, се планираат во склоп на просторот кој е определен за таа намена, како и покрај сите идни детски установи, школски градби, станбени зони, деловни градби предвидени во регулациските планови дадени заедно со услови за уредување на овие простори.

Во првиот плански период развојот на спортско-рекреативните градби треба да се насочи кон реконструкција, обнова, доизградба на постојните капацитети и тоа така да градбите кои имаат предуслови се доведат до стандарди пропишани за меѓународно такмичење, а останатите да се доведат до ниво за квалитетни подготовки, локални натпреварувања и различни спортски и рекеативни активности. Со пренамена на одредени напуштени или неактивни сали од индустријата исто така можат да се добијат простори за спорт и спортски активности. Во исто време треба да се створат и плански предуслови за изградба на нови спортско-рекреативни центри и капитални спортски градби.

Во развиените урбани средини различните типови меѓусебно се поврзани и сочинуваат мрежа на градско зеленило. Покрај овие јавни простори, постојат многу значајни зелени површини, кои се поврзани со живеењето, индустријата, специјализираните центри, општите градски центри, здравствени и образовни центри, спортските градби, сообраќајот и земјоделието. Во единствениот систем на зелени површини во Генералниот урбанистички план на Град Штип влегуваат следните основни категории на зеленило:

- паркови
- скверови
- дрвореди
- зелените коридори
- заштитно зеленило
- шуми (градски, приградски, заштитни, приватни)
- посебни зелени комплекси
- неуредени земјишта, копови и депонии

Планирањето на систем на зелени површини во Градот Штип е замислен и организиран и со помош на другите типови на зелени површини кои се наоѓаат во состав на некои основните градски сектори како што е:

зеленило во состав на индивидуално и колективно (заедничко) домување

зеленило во состав на административни, управни згради, комерцијални градби и други специализирани градби

зеленило во состав на индустриски градби и комплекси односно тоа е зеленило со

ограничено користење (во сите дворови на градбите односно во простори со ограничено користење)

**Паркови**

Под поимот парк се подразбираат сите зелени површини изградени во градското ткиво, за градски парк со големина повеќе од 2ха, а за реонски со големина повеќе од 0,5ха и се користат за одмор, шетање, разонода и игра. По основ на големината, стилот и времето на подигањето, односно настанувањето во Штип можат да се издвојат следните типови паркови:

Паркови по течението на реките Отиња и Брегалница подигнати со регулирањето на речното корито

Локација за нови паркови (во кои можат да влезат и тематски паркови) во Штип можат да се обезбедат со пренамена на одредени простори

За реконструкцијата на парковите важат следните услови:
- зачувување на паркот во постојните граници
- отстранување на времените градби
- изградба на нови градби не е дозволена
- реконструкција на паркот во стилот во кој е подигнат.

За подигање на нови паркови важат следните услови:
- законска обврска да биде да за секој парк се изработи партерно и хортикултурно, решение со точно утврдени граници
- зенилото да биде квалитетно, декоративно, репрезентативно, во корелација со функцијата на градбата, примена на автохтони видови и нивни декоративни форми
- да се планира место за поставување на споменици
- да се планира место за водени површини
- содржината во паркот (согласно функцијата) потребно е да обезбеди мирен одмор, разонода, детска игра и мини спортски градби
- содржината на спортските градби треба ги опфати сите групи
- во паркот можат да бидат подигнати угостителски градби со отверени тераси, пратечки градби со спортска содржина, градби во функција на одржување на паркот, градби за култура, мали отворени амфитеатри за културни манифестации, инфраструктурни градби и парковски инвентар
- можна е изградба на мали поединечни јавни или комерцијални градби во комплексите на зеленило врз основа на детални планови, водејќи сметка за големината на зелените површини, микролокацијата, значењето во просторната целина и друго

Во постојните паркови е дозволена:
- санитарна сеча на одредени стебла
- реконструкција на цвеќарници

- нови насади (дополнување)
- реконструкција на градинарско-архитектонските елементи,
- реконструкција на патеки
- реконструкција на постојни градби
- подигање на нови градинарско-архитектонски елементи
- изградба на фонтани, жардинерии, чешми
- реконструкција и поправка на градби и детски игралишта
- оградување на паркот
- подигање на систем за наводнување
- подигање на потребна инфраструктура во функција на паркот.

**Скверови**

Под сквер се подразбираат зелените површини кое се наоѓаат во изградено градско ткиво, со големина под 1ха и се користат за пешачки транзит, краткотраен одмор и игра.

Постојат повеќе типови на скверови:
- скверови во административно-деловниот центар на Градот
- сквер пред јавните градби
- сквер во станбени населби
- сквер во склоп на улица

Според типот на озеленување можат да бидат:
- партерен тип (тревници и цвеќарници)
- полуотворени (засадени дел со дрва и жбунови)
- затворени (засадени со високо зеленило)

Локациите за нови скверови треба да се обезбедат во склоп на пешачките зони, на новите сообраќајни решенија, со уредување на неуредени простори од Градот, пренамена на градежен опфат или парцела
- при реконструкција на делови од Градот

При реконструкција на скверовите важат следните услови:
- да се зачува скверот во постојните граници
- да се отклонат времените градби
- да се реконструира скверот во исти стил како бил подигнат
- да се почитуваат пешачките движења

При подигање на нови скверови важат следните услови:

- да се почитуваат пешачките движења
- патеките можат да завземат 35% од територијата на скверот
- изборот на материјалот и композицијата стриктно да се детерминира во проектното решение

- градбите можат да завземат само 5% од територијата на скверот
- на скверот може да биде подигнат угостителски и инфраструктурен објект од општ интерес согласно со закон
- можат да се планираат детски игралишта
- зеленилото треба да биде репрезентативно
- цветните површини можат да земат површина од 2-4%
- можат да се планираат, чешми, фонтани и водени површини
- жардинерии, перголи

Во скверовите е дозволено:
- санитарна сеча на одредени стебла
- реконструкција на цвеќарници
- дополна со нови насади
- реконструкција на градинарско-архитектонските елементи,
- реконструкција на патеки
- реконструкција на постојни градби
- подигање на нови градинарско-архитектонски елементи
- изградба на фонтани
- реконструкција и поправка на градби и детски игралишта
- оградување на скверот
- подигање на систем за наводнување
- подигање на потребна инфраструктура во функција на скверот

**Дрвореди**

Под поимот дрвореди се подразбира линиски облик на зеленило, долж сите типови на сообраќајници, во зависност од расположивиот простор изградени и можат да се градат:
- едностранi
- двострани
- дрвореди во средина на улица и по врста:
- хомогени и
- хетерогени по композиција:
- дрвореди со тревници
- дрвореди со други билни елементи

Постојните дрвореди треба да се задржат со постепена замена на сувите стебла со ист вид на растенија.

Секаде каде е можно треба да се прошири мрежата на дрвореди. По новите улици да се предвидат дрвореди.

Кај обновата на дрворедите важат следните услови:
- дрворедите да се обновуваат со видови на дрва кои доминираат во дрворедот

- да се подигаат на профил од улица со ширина од 12м
- садењето да биде со ориентацијата на улицата
- изборот да се прилагоди со висината на зградата
- да се согледа можноста за подигање на дрвореди по едносмерни улици
- да се согледа можната за подигање на дрвореди по пешачки улици
- да се согледа можноста за формирање на дрвореди со тревници
- најмалото растојание измеѓу садниците да биде согласно врста на дрвата
- При подигањето на дрвореди во новите населби важат следните услови:
- приоритет да им се даде на повеќередните дрвореди
- најмало растојание меѓу садници е 5м
- да се предвидат садници школувани за дрворед
- да се води сметка на постојна изведена инфраструктура

Дозволени се следните работи:
- санитарна сеча на одредени стебла
- отклонување на стебло заради општ интерес согласно закон
- садење на нови стебла
- стандардна нега на стеблата
- поставување на потребна инсталација за наводнување

**Зелени коридори**

Под зелен коридор се подразбира поширока трака од зеленило кое во системот на зелени површини треба да обезбеди поврзување на зелените површини.

Овие коридори можат да имаат и пешачки и велосипедски патеки со пратечка опрема и градби. Тие можат да имаат и спортски градби, или парковски површини и друго.

Зелените коридори можат да се постават долж реките (крајречно зеленило), долж улици и сл. При реконструкција на овие површини важат следните услови:
- зачување на зелените коридори во постојните граници
- да се отклонат времените градби
- да се почитуваат правците на пешачкото движење и движењето на велосипедите

При подигањето на зелените коридори важат следните услови:
- кај повеќенамскотоо користење на зелениот коридор изборот на садниците да биде прилагоден на примарната намена

Во новите зелени коридори дозволени се следните работи:
- садење
- провлекување на пешачки и велосипедски патеки
- подигање на пратечки градби
- (место за одмор, угостителски градби, надстрешници и др) до 5% од површината на коридорот,
- Изградба на спортски градби

- подигање на паркови
- поставување на потребна инсталација за наводнување и осветлување

**Заштитно зеленило**

Заштитното зеленило се поставува како заштита од ветер, подземни води, свлечилишта, терени подложни на ерозија, заштита од бука, а најмногу за заштита од стопански и индстриски комплекси кои шират непријатни мириси, прав, пепел, бучава, и сл.

**Зеленило со ограничено користење**

Под поимот зеленило со ограничено користење се подразбираат сите зелени површини изградени во градското ткиво, односно тоа е зеленило во состав на индивидуално и колективно (заедничко) домување, зеленило во состав на административни, управни згради, комерцијални градби и други специализирани градби и зеленило во состав на индустриски градби и комплекси.

Промента на општествениот систем го смени владеењето на правото на користење на земјиштето во право на сопственост, што доведе до формирање на градежни парцели со точно утврден сопственик. Ова многу битно влијае и ќе влијае врз зеленилото кое до скоро беше заедничка сопственост и носеше назив блоковско (станбено) зеленило, а сега дел преминува во зеленило со ограничено користење и во парковско зеленило, посебно во реонски паркови. Со ова се променети и условите за подигање на зеленилото во овие простори кои сега место корисник имаат сопственик.

Она зеленило кое сеуште се води како станбено (блоковско) зеленило и е под надлежност на ЈП "Исар", полека преминува во приватна сопственост.

Заради тоа битно е да големите површини под ова зеленило се задржат и понатаму преминат во парковски површини.

**Неуредени земјишта, копови, депонии**

Под неуредено зеленило во Генералниот урбанистички план се подразбираат напуштени површински копови, напуштени депонии, напуштени земјишта и сл. Вакви површини има на дел од територијата на Град Штип, така да овие земјишта во Генералниот урбанистички план треба да бидат пренаменети во парковски и заштитни зеленила.

**Дефинирање на зелени просторни Целини**

Урбаните зелени површини имаат социјални, планерски, економски и еколошки функции. Во корист на функциите на зелените површини, важно е да се обезбеди доволно квалитетен и кванитетен зелен простор во рамките на урбаниот простор.

Просторната застапеност на зелените површини во претходниот ГУП беа планирани

на 17,1% од вкупниот плански опфат, или ??м2/жител, а резултатите покажаа дека во границите на планскиот опфат има реално околу 6,0% зеленило, што покажува дека постојните зелени површини не прават придонес за урбаниот живот, а тоа пред се должи на непропорционална дистрибуција низ Градот.

Согласно истражувања направени на светско ниво се очекува да 65% од светската популации во 2025год, да живее во градовите. Природните екосистеми се заменуваат со урбани системи и урбан развој. Природната средина е експлоатирана за поддршка на економскиот раст. Сепак зелените површини се дел од природата и играат клучна улога во подобрувањето на квалитетот на животната средина и одржливоста на градовите.

Придобивките од урбаните зелени површини можат да се групираат во четри класи согласно функциите:

- социјални
- плански
- економски
- еколошки

Многуте истражувања наведуваат да факторите како што се: големина, облик, достапност, разновидност, историја и дистрибуција на зелените површини во Градот имаат одлучувачка улога во дефинирањето на функциите дизајн и менаџмент.

Податокот за тоа колку зелени површини има во Град Штип може да се добие само од ЈП “Исар”, така да оваа бројка е ориентациона. Недостасуваат податоци за зелените површини со ограничено користење и за приватните зелени простори и дворови и покрај тоа што нивната застапеност може да биде доста голема.

Во град Штип нема интензивен раст на населението, па така во 2024год. не се очекува видно да се зголеми бројот на население. Моментално територијата на Град Штип која ја опфаќа овој ГУП е 2.292ха (плански опфат – документација). Населението со попис од 2002год. е 42000 жители, Со ГУП Штип на крај од планскиот период се очекува бројка од 58427 жители така да густината би била околу 25 ж/ха.

Зелените простори имаат за цел обезбедување естетски квалитет и неформални активности на отворено како што се кровните градини, тераси и балкони. Тоа подразбира физички пасивни и активни рекреативни активности како на пример седење, читање и работа во градина.

Отворените зелени простори во соседството ги вклучува градините во дворовите-домашните градини, игралиштата за деца, мали спортски активности, кои простори обезбедуваат одмор, игра, дружење.

Отворените зелени површини во населба ги вклучува спортските терени и станбеното зеленило кое со трансформацијата од корисник во сопственик поголемиот дел од истите препарачуваме да премине дел во реонска парковска површина. Овие простори се

користат за социјални, културни, физички и воспитно-образовни активности. Вакви површини треба да има повеќе во соседство.

Отворените зелени простори во Градот ги сочинуваат и дворовите на административните, управните згради, комерцијалните градби и други специализирани градби. Тука спаѓа и градскиот парк, реонскиот парк, излетничките места, речните брегови, специјализираните простори за спорт и рекреација кои треба да создадат културни и природни подрачја.

Значи големината на активните зелени површини во урбаните средини мора да се дефинира со норми и стандарди.

Без стандарди и нормативи отворените зелените просторни целини не можат да се дефинираат. Тие можат да се групираат во повеќе класи.

| На ниво на град | На ниво на населба (маало) до 5.000жители | До 15.000 жители | Над 15.000 жители | Над 50.000 жители | Над 100.000 жители |
|---|---|---|---|---|---|
| | детски игралишта | спорт и рекреација 4м$^2$/жител реонски парк | градски парк | скверови, дворореди, зелени коридори и | |

Друг фактор кој влијае на животната средина, а има важна улога во донесувањето на ГУП е растојанието меѓу зелените површини. Растојанието од 300-400м се смета како праг на кој корисните фрекфенции почнуваат да се намалуваат. Во следната табела е дадено просечно растојание изразено во потребно време, одејќи пешки до урбаните зелени површини.

Дистанца и потребно време до зелените површини

| | Игралишта и детски | Спорт и помали | |
|---|---|---|---|
| пешачка дистанца | 400м | 800м | 1.200м |
| потребно време за одење | | | |

# 3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

## 3.1 ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Планскиот опфат на Генералниот урбанистички план на Град Штип 2014 -2024 еподелен на единици на градежното земјиште согласно член 11 од Правилникот и тоа:

Четвртта или урбаната единица е најголема единица на градежното земјиште која се состои од повеќе блокови и земјиште за општа употреба. Границата на четврт се совпаѓа со границите на блоковите од нејзиниот периметар.

Блокот е посложена единица на градежното земјиште која се состои од една или повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба. Границата на блокот се совпаѓа со оски на улици, регулациони линии, наменски зони, граници на градежни парцели и граници на катастарски парцели.

Наменска зона е ограничена површина на градежно земјиште со иста наменска употреба на земјиштето.

Иста наменска употреба на земјиштето зоната има кога е составена од:

- една иста намена при што зоната е хомогена,
- слични и истородни намени чијашто меѓусебна компатибилност овозможува релативна наменска хомогенизација,
- различни, но компатибилни намени при што едната е преовладувачка, односно повеќе застапена и станува именител на зоната и
- различни намени без преовладувачка застапеност ниту на една од нив, при што мешањето на повеќе намени на ист простор станува основна карактеристика и именител на зоната (зона на мешана намена) освен за намени од групите класи на намени А и Г.

Во рамките на наменската зона со урбанистички план и урбанистичко-планска документација се утврдуваат исти општи услови за градење и режим на користење на земјиштето.

Градот Штип е поделен на 6 (шест) Урбани единици, формирани по сообраќајници, по природни бариери и сл. Секоја Урбана единица содржи одреден број блокови, така што планскиот опфат е поделен на 27 блока.

Дефинирањето на урбаниот опфат и основната територијална поделба извршено е со измена на поставките на претходните плански документи - Генералниот урбанистички план од 1999 година и измените и дополнувањата на истиот. Според нив, вкупната површина на урбаниот опфат на градот е поделена на сто и три урбани единици.

Основната територијална поделба е извршена според дефинираната примарна улична мрежа на реони, четврти и блокови. Градот е поделен на пет реони (исток, запад, север, југ и центар), а секој реон е поделен на соодветен број на четврти. Во рамките на

четвртите се формираат помали просторни целини односно Блокови. Помалите организациони целини (Блокови) воедно претставуваат и единици за изготвување на Детални Урбанистички планови. Доколку четвртта е со површина помала од 30 ха. нема поделба на блокови туку се пристапува кон изготвување на Детален урбанистички план на целата четврт. Деталните планови се изготвуваат врз основа на Регулациски план за четврт каде четвртта се дели на блокови или врз основа на поделбата дадена во овој ГУП со кој се дефинирани опдати на Детални урбанистички планови, при што истите претставуваат логички целини и се дефинирани со осовини на улици од понизок ранг (сервисни, станбени, индустриски, пристапни) или природни граници (реки).




**Шема на организација на Штип по урбани четвртти**

**Наменска зона** е ограничена површина на градежно земјиште со иста наменска употреба на земјиштето.

Иста наменска употреба на земјиштето зоната има кога е составена од:

- една иста намена при што зоната е хомогена,
- слични и истородни намени чијашто меѓусебна компатибилност овозможува релативна наменска хомогенизација,
- различни, но компатибилни намени при што едната е преовладувачка, односно повеќе застапена и станува именител на зоната, и
- различни, но компатибилни намени без преовладувачка застапеност ниту на една од нив, при што мешањето на повеќе намени на ист простор станува основна карактеристика и именител на зоната (зона на мешана намена).

Во рамките на наменската зона со урбанистички план се утврдуваат исти општи услови за градење и режим на користење на земјиштето. Границата на наменската зона се уредува како планска одредба во генерален урбанистички план.

## 3.2 КЛАСИ НА НАМЕНИ

Уредувањето на намената на земјиштето се врши со системот на класи на намени. **Системот на класи на намени** е инструмент на урбанистичкото планирање со кој се врши класификација на дејностите и активностите во рамките на планските опфати на урбанистичките планови, обележување на постојните намени и одредување на планираните намени на земјиштето. Под **намена** се подразбира начинот на уредувањето, изградбата и употребата на градежното земјиште и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив. Системот на класи на намени е составен од поединечни намени, класи на намени и групи на класи на намени, при што сродни намени со заеднички функционални и просторни карактеристики се групираат во класи на намени, а сродни класи на намени се групираат во група на класи на намени. Класите на намени се формираат врз основа на заеднички физички карактеристики на просторите и градбите во кои дејностите и активностите се одвиваат како и просторните реперкусии од нивното градење и употреба**. Класата на намени** се обележува со име, голема буква од кирилското писмо кое ја означува групата класи на намени на која и припаѓа и со арапска цифра, додека групата класи на намени се обележува со име и со голема буква од кирилското писмо.

**Системот на класи на намени** е составен од шест групи на класи на намени:
А Домување
Б Комерцијални и деловни намени
В Јавни институции
Г Производство, дистрибуција и сервиси
Д Зеленило и рекреација
Е Инфраструктура

**Групите на класи на намени** се составени од следните класи на намени:
**- А Домување**
А0 домување во станбени куќи со посебен режим
А1 домување во станбени куќи

А2 домување во станбени згради
А3 групно домување
А4 времено сместување –

**Б Комерцијални и деловни намени**

Б1 мали комерцијални и деловни намени
Б2 големи трговски единици
Б3 големи угостителски единици
Б4 деловни простори
Б5 хотелски комплекси
Б6 градби за собири

**- В Јавни институции**

В1 образование
В2 здравство и социјална заштита
В3 култура
В4 државни институции
В5 верски институции

**- Г Производство, дистрибуција и сервиси**

Г1 тешка и загадувачка индустрија
Г2 лесна и незагадувачка индустрија
Г3 сервиси
Г4 стоваришта

**- Д Зеленило и рекреација**

Д1 парковско зеленило
Д2 заштитно зеленило
Д3 спорт и рекреација
Д4 меморијални простори

**- Е инфраструктура**

Е1 комунална инфраструктура
Е2 комунална супраструктура
Е3 некомпатибилна инфраструктура

**Класите на намени** се составени од следните поединечни намени:

**А ДОМУВАЊЕ**

**- АО домување во станбени куќи** со посебен режим на користење и заштита ги опфаќа сите видови станбени куќи со висок стандард за кои минималната површина на градежната парцела изнесува 500 м2.

**- А1 семејно домување во станбени куќи** ги опфаќа сите видови станбени куќи со дворови: самостојни, двокуќи, куќи во низови, атриумски куќи, како градби со максимум три станбени единици.

**- А2 семејно домување во станбени згради** ги опфаќа сите видови семејно домување во повеќеетажни станбени згради со повеќе од три станови, комуникациски вертикали и големи густини на населеност, во блоковски низи, самостоечки и други.

**- А3 групно домување** ги опфаќа сите видови домување во кои станарите дел од своите потреби - најчесто исхраната, ги задоволуваат во заеднички простории, како што се домови за престој на ученици, студенти, стари лица, самци, деца без родители, незгрижени лица и др.

**- А4 времено сместување** во кое спаѓаат сите видови хотели, пансиони, преноќишта и слични видови градби, освен големи хотелски комплекси со повеќе придружни намени.

**Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**

**- Б1 мали комерцијални и деловни дејности** во кои спаѓаат и услужни и угостителски дејности кои се изведуваат во дуќани со или без витрини и имаат директен контакт со јавни пешачки површини како што се продажба, продажба и излагање, поправка на лични предмети, храна, предмети за домаќинство, ресторани, кафулиња, слаткарници, банки, пошти, интелектуални услуги, адвокатски и поштарски канцеларии, аптеки, мали ординации, салони, козметички студија и др.

**- Б2 големи трговски единици** во кои спаѓаат сите видови трговија на мало која се остварува во самостојни објекти или во значителни делови од објектите како што се трговски центри, стоковни куќи, големи специјализирани продавници, супермаркети, затворени пазари и пазари на отворено.

**- Б3 големи угостителски единици** во кои спаѓаат сите видови угостителски дејности кои се вршат во самостојни градби или во значителни делови од градбите како што се ресторани, таверни, ноќни клубови, казина и дискотеки.

**- Б4 деловни дејности** кои се одвиваат во големи канцелариски простори од трговски друштва, акционерски друштва, управни згради, професионални и финансиски сервиси и др.

**- Б5 хотелски комплекси** сите видови хотели и хотелски комплекси кои имаат различни содржини од услужен карактер.

**- Б6 простори за собири** во кои спаѓаат сите видови градби со трибини за гледачи како што се стадиони, спортски, конгресни и повеќенаменски сали, саеми и сл.

**В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ**

**- В1 образование и наука** во кои спаѓаат сите видови, основно, средно и високо образование, континуирано и дополнително образование, како и сите видови научни институции.

**- В2 здравствени и социјални институции** со сите видови клиники, амбуланти, клинички центри, болници, здравствени домови, лечилишта и др, како и сите видови на социјални установи и детски градинки.

**- В3 култура** со сите видови дејности кои се одвиваат во специјални градби како што се театри, киносали, музеи, галерии, кинотеки, домови на културата, филхармонии, опери и др.

**- В4 државни институции** во кои спаѓаат сите органи на извршната, судската и законодавната власт, државни институции, заводи, агенции и дирекции,дипломатски претставништва како и органи на локалната самоуправа.

**- В5 верски институции** во кои спаѓаат цркви, џамии, синагоги, манастири, текиња и др.

**Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ**

**- Г1 тешка и загадувачка индустрија** во која спаѓаат сите видови индустриски погони кои имаат големи енергетски барања, голем промет на суровини и материјали,

создаваат голем обем на сообраќај и создаваат отпад и штетни еманации.

**- Г2 лесна и незагадувачка индустрија** во која влегуваат сите видови производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманации.

**- Г3 сервиси** за одржување и поправка на опрема и индустриски производи како што се сервиси за автомобили и други возила, машини, алати и инструменти, хемиско чистење и др.

**- Г4 стоваришта** во кои спаѓаат сите видови стоваришта за складирање на стока на отворен или затворен простор, во специјални услови за чување, отпади, автопазари и др.

**Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА**

**- Д1 парковско зеленило** во кое спаѓаат сите видови површини со садено зеленило и уреден пејсаж како паркови, паркови-шуми, градини, ботанички бавчи, фитории и др. –

**- Д2 заштитно зеленило** во кое спаѓаат уредени зелени површини чија основна намена е да ги изолираат зоните со инкомпатибилни намени и имаат улога на тампон зони.

**- Д3 спорт и рекреација** во кои спаѓаат сите видови активности за спорт, рекреација или забава на отворено или затворено како спортско - рекреативни сали и базени за пливање без трибини, рекреативни езера, забавни паркови, тематски паркови, зоолошки градини и сл.

**- Д4 меморијални простори** во кои спаѓаат: меморијален парк, спомен парк, верски објект со гробишта, гробишта и сл.

**Е ИНФРАСТРУКТУРА**

**- Е1 комунална инфраструктура** во кои спаѓаат: сообраќајна, водоводна, канализациона, инфраструктура и сл.

**- Е2 комунална супраструктура** во која спаѓаат градбите на комуналната инфраструктура како: терминали од секаков вид, аеродроми, гранични премини, катни гаражи, бензински пумпни станици, мерни станици, трафостаници до 20 К\А/, резервоари за вода, противпожарни домови и сл.

**- Е3 некомпатибилна инфраструктура** во која спаѓаат: депонии, пречистителни станици, резервоари за деривати со капацитет над 200 тони, трафостаници над 20 К\Л/, главни мерно - регулациони станици и сл.

Системот на класи на намени се употребува во генерален урбанистички план во функција на флексибилноста која треба да биде вградена во планот при одредувањето на намената на земјиштето.

Најголема флексибилност обезбедува одредувањето на намената до нивото на група на класи на намени. Средна флексибилност на генерален урбанистички план се обезбедува со употребата на класи на намени, а најголема ригидност се постигнува со одредување на конкретни сингуларни намени.

Намената на земјиштето во генерален урбанистички план се одредува со употреба на наменски зони кои се хомогенизираат врз основа на една група на класи на намени, врз основа на една класа на намени или со употреба на зони со мешани намени каде што

зоната ја формираат две или повеќе компатибилни класи на намени или групи на класи на намени. Поединечната намена се употребува во генерален урбанистички план со симбол за поединечна намена кога е неопходно да се заштити функција од јавен интерес утврден со закон или градба од значење за републиката која треба да се лоцира во зона со друга намена.

Заради флексибилност на планот, во урбанистичките планови од став 1 од овој член при одредување на намената на земјиштето како планска одредба со алтернативи може да се употребуваат две или повеќе меѓусебе компатибилни класи на намени во рамките на наменската зона одредена со план од повисоко ниво. Под компатибилни класи на намени се подразбираат две или повеќе класи на намени кои можат да егзистираат во иста наменска зона, блок или градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето. егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите и да не го надминува максимално дозволениот процент на учество даден во табела 2 која е составен дел на овој правилник.

Со важечката планска документација од повисоко ниво, за планскиот опфат предвидени се следните групи на класи на намени:

**А – ДОМУВАЊЕ**

**Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**

**В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ**

**Д1 – ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО**

**Д3 – СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**

**Е2 – СУПРАСТРУКТУРА**

а согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21,104/22, 99/23, 07/25, 143/25) и одобрената планска програма, групи на класи на намени кои се планираат во рамки на планскиот опфат, како дел од обединетата постапка, се:

**А – ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ**

**Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**

**В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ**

**Д1 – ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО**

**Д3 – СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**

**Е2 – СУПРАСТРУКТУРА**

со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21,104/22, 99/23, 07/25, 143/25).

Параметрите, смерници и стратешки определби за **ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06** како дел кој го дефинира опфатот за разработка од **Измена и дополна на генерален урбанистички план на град Штип за урбана четврт ЦЕ 06 и детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ 06 од ГУП на Град Штип** произлегуваат од развојни стратегии дадени во: **Генералниот урбанистички план** за град Штип, 2022 (**Одлука бр. 08-7987/1 од**

**31.12.2022 год.)** каде јасно се дефинирани специфичните услови за планирање и развој на урбана четврт ЦЕ06.

Просторниот концепт на планот се задржува ист како и во важечкиот ГУП. Истиот се темели на максимално почитување на оформениот плански опфат. Исто така концепцијата на решението произлегува од потребите на инвеститорот, постојната состојба и увидот на лице место.

**Главна промената во рамките на предметниот плански опфат е дислокација на веќе планираните намени согласно важечкиот ГУП. Нумеричките параметри нема да претрпат промени. Во важечкиот ГУП постојат површини на кои не се усогласени фактичката состојба и планирана намена. Потребите и можностите за изработка на Изменување и дополнување на ГУП и ДУП е уредувањето на просторот на кој не постојат детални планови, формирање на градежни парцели кои ќе овозможат лесна комуникација во планскиот опфат како и утврдување на намена која согласно инвентаризација на просторот претставува намна Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори.**

**Планот, кој е основен развоен документ, ги утвдрува планираните општи и посебни услови, преку параметри, кои се потребни за изработка на урбанистички проекти и основни проекти. Урбанистичката документација ќе создаде градежни парцели со повисок коефициент на искористеност и процент на изграденост согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25).**

Планот, кој е основен развоен документ, ги утвдрува планираните општи и посебни услови, преку параметри, кои се потребни за изработка на урбанистички проекти и основни проекти. Урбанистичката документација ќе создаде градежни парцели со повисок коефициент на искористеност и процент на изграденост согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25).

## 3.3 СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Интерната градска улична мрежа треба да се спои со екстерната патна мрежа во Република Македонија како што е прикажано во графичките прилози.




Поврзување на градската улична мрежа со државните патишта на Република Македонија

При изготвувањето на Генерален урбанистички план за град Штип, во сообраќаен смисол како појдовна основа е земена анализата на сообраќјното решение од ГУП ШТИП 1999. При тоа се анализирани про кои настануваат при реализација на ГУПот а се поврзани со сообраќајот.

Од сообраќајната анализа произлезе потребата за редуцирање на примарната улична мрежа со нејзина прекатегоризација во поедини делови особено во центарот на градот и отварање на алтернативни сообраќајници во просторите каде постои неизградено земјиште.

**Напречни профили**

Регулациската ширина на планираната уличната мрежа преставува збир на сообраќајни површини составени од: активен коловоз наменет за динамички сообраќај, пешачки и велосипедски патеки, средно разделно зеленило, странично заштитно зеленило, канавки, риголи и тн.

За димензионирање на вкупниот профил на уличната мрежа се применували постојните законски и други прописи, како и важечките стандарди. Основен критериум за димензионирање на активниот сообраќаен профил е потребниот број на сообраќајни ленти, чии вкупен капацитет треба да биде еднаков или поголем од очекуваниот часовен сообраќаен волумен.

Трасите и сообраќајните профили на улиците кои се дел од примарната сообраќајна мрежа на Град Штип се во предметниот плански опфат се:

- **Градска магистрала улица „Гоце Делчев“** со вкупен профил од 23,0m, односно средишно заштитно зеленило 2m, 14m коловоз (2×7m) и 7m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x3,5m).
- **Собирна улица „Партизанска“** со вкупен профил од 30m, односно 2m средишно заштитно зеленило, 21m коловоз (2x10,5m) и површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x3,5m).
- **Собирна улица „.Вардарска“** со вкупен профил од 18,0m, 14m коловоз (2×7m) и 4m површина која ќе се уредува со план од пониско ниво (2x2m).

**Регулирање на сообраќајот на крстосниците**

Начинот на регулирање на сообраќајот на крстосниците на примарната улична мрежа во Градот Штип, се утврдува во зависност од големината на прогнозираните сообраќајни протоци во целната година и во согласност со постојните прописи.

Во графичките прилози е даден предлог за можен тип на денивелација на одредени крстосници со резервиран простор за нивна реализација. Дефинитивниот изглед на крстосниците ќе се добие со изработка на соодветна проектна документација за секоја крстосница поединечно. Исто така, особено внимание треба да се посвети при обликувањето на кружните крстосници, каде нивната пропусна моќ е обратно пропорционална на радиусот во однос очекуваниот волумен на сообраќајот, поради што треба да се има во предвид при планирање на таков вид на крстосуници на улици со висок сообраќаен волумен.

**Концепт на јавниот градски и приградски сообраќај**

- Јавениот превоз на патници во Град Штип, треба да го сочинува автобускиот транспорт. Во овој ГУП се предвидува автобускиот подсистем и понатака да биде основен носител во јавниот превоз на патници во градскиот и приградскиот сообраќај.

Линиите на јавниот превоз на патници треба да се постават на градските магистрали, на собирните улици, како ина сервисните улици.

- Мрежата на автобуски линии, ќе може да се реализира со прдходно посебно изработен елаборат, со динамика на реализација, што ќе зависи од реализацијата на примарната улична мрежа на Гредот.

**Бензински пумпи и бензински станици**

Диспозицијата на новите бензински станици и бензиски пумпи се утврдуваат при изработката на деталните урбанистички планови, според следните критериуми:

- Бензински станици, можат да се лоцираат на слободниот простор покрај или во коридорите на Транзитни магистрални улици и на Градски магистрални улици, на растојание не помало од 80-120 метри од сообраќаен јазол или раскрсница.
- Бензински пумпи, можат да се лоцираат и на слободниот простор покрај собирните и сервисните улици, како и во рамките на групата на класи на намени “Е2”, при што излезот од пумпата да биде на растојание не помало од 25 метри од оската на наредната раскрсница.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за паркирање ќе се решаваат со планови од пониско нивосо задоволување на потребите за паркирање согласно Член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

## 3.4 НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Со изработка на Генералниот урбанистички план, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот. Предмет на изработка на нивелманското решение е изработка на вертикално решение на сите сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот, како и податоците од ГУП на Град Штип.

Во најголема мерка се почитува природниот пад на теренот. Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на дозволените. Нивелетитие се пресметувани од јазел до јазел. Вистинските нивелети ќе се утврдат со соодветна документација при што треба да се почитува :

- Постојната улична мрежа
- Конфигурацијата на теренот
- Постојните инфраструктурни системи
- Пристапноста до градежното парцелирано земјиште.

При изработка на планови од пониско ниво по можност да се стреми кон задржување на Активната сообраќајна ширина (коловози) на улиците кај кои е симнат рангот на сообраќајницата според претходниот ГУП и следниот извадок од истиот:




Проблемот на стационарниот сообраќај ќе се решава во рамките на сопствена парцела со почитување на потребен број на паркинг места, **како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.**

Сите профили на улиците и целокупниот нивелациски приказ на улиците, дадени се во графичкиот прилог **Сообраќаен и нивелациски план**

## 3.5 ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

*Проекција на развој на примарната преносна и дистрибутивна мрежа*

Планирањето на новите елементи (водови, трафостаници и др.), треба да ги задоволи критериумите на доверливост и стабилност на преносната и дистрибутивна мрежа. До сите корисници потребно е да се обезбеди сигурно, квалитетно и навремено напојување со електрична енергија. МЕПСО (оператор на преносната мрежа) и ЕВН

Македонија (оператор на дистрибутивната мрежа) се носители на јавни услуги и ги одржуваат своите мрежи. Градбата на изворите, водовите, трафостаниците и другата опрема треба да биде без негативни последици врз животната средина.

Со овој ГУП за Штип, опфатени се водови и трафостаници од 400kV, 110kV и 35kV напонско ниво. Водовите и трафостаниците од помало напонско ниво не се примарни водови и не се дел од овој плански документ.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на детални урбанистички планови и инфраструктурни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН.

Основните планирани решенија на инфраструктурата се превземени од важечкиот ГУП за предметниот опфат и се прикажани во графичкиот прилог инфраструктурен план. Освен решенијата од претходниот план, при димензионирање на планирана инфраструктура, земени се во предвид и податоци добиени од надлежни институции.

Согласно допис бр. 10-24/2-144 од 15.05.2025, Друштво за дистрибуција и снабдување на електрична енергија Електродистрибуција дооел Скопје, **на предметниот плански опфат има постоечки електроенергетски мрежи во сопственост на ЕВН**. Евидентирани се: 35кВ подземна мрежа, 10(20)/0.4кВ трафостаница, 10(20)кВ подземна и надземна мрежа, 0,4кВ подземна и надземна мрежа.

Се предвидува каблирање на сите надземни водови, со планирање на заштитен појас во широчина од 2 метри, по еден метар од осовината на водот. Во случај на потреба за дислокација на водови од градежни парцели, истото ќе биде во договор со надлежната институција која стопанисува со нив.

Сите активности за задоволување на потребите од проширување на енергетските карактеристики на објектите во рамките на планскиот опфат се во надлежност на од **ЕВН – Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје**.
За пресметка на потребите за електрична моќност се земаат следните вредности за:

- домување 1kW/жител
- комерцијални и деловни и јавни институции 193kW/ha
- тешка и загадувачка индустрија 474kW/ha
- лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стовариште 293kW/ha
- зеленило и рекреација и инфраструктура 15kW/ha

При разработката во плановите од пониско ниво заделжително да се почитуваат одредбите за заштитни растојанија дефинирани во Службен весник на РМ, бр. 191 од 17.9.2019 година посебно во членот 138

Исто така треба да се почитуваат и одредбите за водовите на МЕПСО од правилникот за Мрежни правила за пренос на електрична енергија дефинирани во Службен весник на РСМ, бр. 04 од 10.01.2022 година посебно во членот 224.

При реализација на ГУП Штип треба да се обезбеди непречен сообраќаен пристап

до трафостаниците на МЕПСО и ЕВН. Истото може да се решава во склоп на Планови од пониско ниво или со соодветна проектно планска документација (Инфраструктурни Проекти).

## ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

***Планиран развој на електронски комуникациски мрежи со услуги***

Основна развојна цел на електронски комуникациски мрежи во наредниот период е нивното прилагодување за најновите технолошки решенија, односно технологии кои ќе се применуваат во поедини делови на мрежата.

Планот треба да создаде услови за целосно искористување на постојните капацитети, зголемување на конкурентноста и пазарното однесување на операторите како и создавање на услови за влез на нови оператори во електронските комуникации.

Следната генерација на пристапни мрежи подразбира мрежи со жичен пристап кои се состојат целосно од оптички елементи и кои се способни за испорачување на услуги со подобрени карактеристики, споредено со оние кои се нудат преку веќе постојните мрежи.

Мобилна телефонија- Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Македонски телеком и Вип. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
- региони, општини, населени места,
- подрачја од јавен интерес (културно - историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.)
- сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постојната инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот стан - телефон и за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Во планскиот опфат има изведена телефонска мрежа. Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телеком АД Скопје или другите провајдери на електронски услуги.

Уличните ормари ќе се поставуваат на површините од тротоарите и истите се со димензии од 1,0×0,5m. Бројот на уличните ормари, како и нивната точна диспозиција ќе се утврдат во понатамошните фази, во склад со реалните потреби и развојните програми на Македонски телеком АД Скопје.

## 3.6 ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

### ВОДОСНАБДУВАЊЕ

При реализација на сите градежни парцели со катност поголема од П+3, неопходно е да се предвиди поставување на уреди за локално зголемување на притисокот во водоводната мрежа во објектите.

За постигнување на водоснабдителна норма од 220 л/ден/жител потребен е период, намалувањето на потрошувачката на вода треба да се одвива етапно. Во прва фаза до 2020 год се предвидува водоснабдителната норма да изнесува максимум 400 л/ден/жител.

Во оваа норма влегуваат потребите од вода за:

| | |
|---|---|
| домаќинствата и стопанството | 206 л/ден/жител |
| корисни загуби | 59 л/ден/жител |
| нерегистрирани загуби | 109 л/ден/жител |
| вкупно | 374 л/ден/жител |

Во оваа пресметка се смета дека зелените површини и миењето на улиците ќе се врши од посебна мрежа со користење на подземни води и нерегистрираните загуби ќе се сведат на 20% од вкупно произведената вода.

Усвоената водоснабдителна норма од 400 л/ден/жител е меродавна за домаќинствата во границите на планскиот опфат на Градот Штип.

Корегирањето на вредноста на водоснабдителната норма треба да е проследена и со:

- Едукација на населението дека водата е ресурс кој има свои граници и дека мора да се штеди и рационално да се користи. Водата треба да се цени како производ кој има своја цена.

- Потребите од вода за поливање на зеленилото, миење на улиците ќе се покриваат со користење на други изворници - подземни води, зафаќање на локални површински водотеци, примена на современа технологија во наводнувањето, развој на хортикултурното уредување во правец на садење на зеленило кое бара помалку вода и сл. Со користење на посебни извори за наводнување на зелените површини ќе се елиминираат и проблемите во водоснабдувањето на повисоките зони во летниот период.

Потреби од вода

Во 2024 год. се предвидува дека бројот на жители во Градот ќе изнесува 58427

Со усвоената водоснабдителна норма од 400 л/ден/жител, потребите од вода во 2034 год. ќе изнесуваат:

Q =58.427x 400 = 23.370.800 л/ден = 8,530,342 м3/год

Како коефициент на дневна нерамномерност усвоен е а1=1,5, а за часова што ќе биде меродавно за натамошни хидраулички пресметки на водоснабдителната мрежа усвоен е коефициентот а2 = 1,3.

Потребите од вода во 2024 год. ќе изнесуваат
Q = 58.427x 400 = 23.370.800 л/ден = 8,530,342 м3/год

q ср/ден = Q/86400 = 270 л/сек
q сре/ден = q ср/ден x а1 = 270 x 1,3 = 351 л/сек
q мах/ден = q ср/ден x а1 = 351 x 1,5 = 526 л/сек

Согласно постојните важечки прописи за проектирање на комунална инфраструктура, изработени се основни решенија на ваков вид на објекти, усогласени со постојната инфраструктурна мрежа, како и со предвидената водоводна инфраструктура, согласно главните проекти за изградба на идна водоводна мрежа на град Штип.

Сите понатамошни активности, изборот на нов приклучокот, големина на инфраструктурата, треба да биде во согласност со **ЈП Исар – Штип.**

Местоположбата на водовите од водоводната мрежа се предвидува да биде под тротоарите.Истите се прикажани во графичкиот прилог Инфраструктурен план. Димензиите на профилите на водоводните цевки се добиваат со хидраулична пресметка, со познати потрошувачи на вода.

При изработка на Основните проекти за сите градби, неопходно е да се обезбеди простор за шахти за приклучоци кон комуналната инфраструктура (канализација, водовод) кои ќе бида лоцирани непосредно до регулациона линија. Потребно е да се обезбеди непречен пристап до овие шахти за техничките служби на претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура.

## ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

По однос на канализација се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализациска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација.

**Отпадна количина на вода**

Количината на отпадната вода се смета на 90% од водоснабдителната норма.

За период до 2024 год за Qo = 400 л/д/ж и бр. на жители од 58.427 количината на отпадната вода ќе изнсува:

Qк = 58.427х 400 х 0,9 = 21.033 м3/ден
q ср/ден = Qк/86400 = 243 л/сек
q мах/ден = q ср/ден х а1 = 243 х 1,3 = 316 л/сек
q мах/час = q мах/ден х а2 = 316 х 1,5 = 474 л/сек

При хидрауличката пресметка на канализациската мрежа да се земат во предвид и инфилтрираните води кои изнесуваат 10% од вкупната количина на вода.

**Третман на отпадните води**

За заштита на р. Отиња и Брегалница од отпадните води на Градот Штип предвидено е изградба на пречистителна станица. Карактеристиките на пречистителната станица се следни:

Капацитетот на пречистителната станица за краен период до 2024 год е 21,033 м3/ден отпадни води.

Квалитетот на водата после пречистувањето на место на испуштање во реципиентот мора да ги задоволува сите важечки еколошки стандарди.

Местоположбата на пречистителната станица е надвор од опфатот на ГУП Штип и е прикажан во графичките прилози.

**Регулирање на Водотеците**

Низ Штип поминуваат река Брегалница и река Отиња.

Реката Отиња има регулирано корито додека за реката Брегалница постои изработена СТУДИЈА ЗА МОЖНОСТИ ЗА РЕГУЛАЦИЈА НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА (МИНИ АКУМУЛАЦИИ, КАСКАДИ, БРАНИ) ИЗРАБОТЕНА 2010 ГОДИНА од УРЦ Цонсалтинг и додаток на истата со регулација на коритото на Река Брегалница во градот Штип.

Извадоци од истите се користени при изработката на ГУП Штип од каде се добиени и попречните профили на река Брегалница




*Слика: Попречен пресек на коритото на реката Брегалница кај Штип (градски дел) P=1:100/200*




*Слика: Попречен пресек на коритото на реката Брегалница кај Штип (вонградски дел) P=1:100/200*

## АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализациски систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали, а кои ќе се водат по главните сообраќајници и по сообраќајници за кои постојат услови за канализирање по гравитациски пат.

За димензионирање на атмосферската канализација усвоена е вредност на интензитет од 110 л/сек/ха, врнежи што се јавуваат еднаш во две години во времетраење од 20 мин.

Атмосферската количина на вода меродавна за димензионирање на канализацискиот систем се пресметува по формулата:

$Q = F \times \Psi \times I$

F - ха -припадна сливна површина

I - л/с/ха - интензитет на врнежи

$\Psi$ - коефициент на истекување (0,6 за станбени површини со голема густина, 0,4 за станбени површини со мала густина, 0,2 за отворени терени,0,1 за паркови).

## ТОПЛИФИКАЦИСКА МРЕЖА

Начинот на загревањето на просториите во кои престојува човекот е од големо енергетско значење, бидејќи приближно 40% од вкупната потрошувачка на енергија во големите градови се користи за греење на градбите.

Топлификацискиот систем спаѓа во редот на еден од поважните енергетски системи, чија основна намена е централно далечинско затоплување на градбите за време на студениот период од годината. Постоењето на ваквиот систем има за цел да ублажи еден од крупните градски проблеми, а тоа е рационалното управување со енергијата, почитување на стандардите за квалитетот на воздухот, како и подобрување на структурата на потрошувачка на енергија преку употреба на еколошки и економски поприфатливо гориво.

Системот според функционалноста може да се подели на три технолошки целини:

- Извори на топлинска енергија,
- Дистрибутивна и приклучна мрежа,
- Редуцирачко топлински подстаници.

Планирање на мрежа се предвидува само за централниот дел од Градот Штип каде како резултат на зголемената густина на градба постои економска оправданост за поврзување на градбите на централниот топлификациски систем.

## ГАСИФИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Развојот на гасоводниот систем е директно поврзан со потребите од примена на еколошко почисто гориво, кое со својот хемиски состав и калорична моќ, представува одлична замена за нафтата, нафтените деривати и јагленот чија примена ги зголемува концентрациите на токсични материи во воздухот.

Изградбата на гасоводниот систем во Градот Штип, се предвидува да се одвива во фази. Со него ќе бидат опфатени следните потрошувачи:

– индустрија;

– погонски градби на централно далечинско затоплување, топлани и гасни централи за комбинирано електрична и топлотна енергија;
– домување;
– комерцијални градби.

# 4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

## 4.1 Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

Член 1

1) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Измена и дополна на генералениот урбанистички план се најдирективниот и најнормативниот дел од планот со кој се остварува принципот на нормативна субординација на Измена и дополна на генералениот урбанистички план во деталните урбанистички планови со кои тој ќе се спроведува.

2) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се состојат исклучиво од планските услови со правно дејство кои се формулирани на номотетички, нормативен, експлицитен, логичен и непротивречен начин.

3) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се состојат од плански услови со кои се дефинираат сите просторнофизички параметри на планираните супра и инфраструктури, како и сите услови за градење и начини на употреба на земјиштето и градбите.

4) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Измена и дополна на генералениот урбанистички план ги содржат интегрирани планските услови од текстуалниот, нумеричкиот и графичкиот дел од Измена и дополна на генералениот урбанистички план со директивно планерско и правно дејство.

Член 2

1) Условите за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Измена и дополна на генералениот урбанистички план се состојат од општи и посебни услови.

2) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се однесуваат на целата територија на планскиот опфат на Измена и дополна на генералениот урбанистички план и на начинот на формулирање на планските услови, нивното читање, толкување и правно дејство.

3) Посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се однесуваат на територииите на поединечните урбанистички единици на градежно земјиште на кои е поделен планскиот опфат на Измена и дополна на генералениот урбанистички план со кои ќе се спроведува Измена и дополна на генералениот урбанистички план.

Член 3

Во графичкиот дел од општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се презентирани формираните граници на единици на градежно земјиште за спроведување на Измена и дополна на генералениот урбанистички план. Границата на детално планирање е граница на Детален урбанистички план.

Член 4

1) Посебните услови за спроведување на планот се плански услови кои имаат императивно правно дејство, распоредени се според планерските просторни единици утврдени во Измена и дополна на генералениот урбанистички план и се однесуваат за секоја единица на градежно земјиште посебно.

2) Посебните услови за спроведување на планот претставуваат инструмент за просторна дистрибуција на планските услови од Измена и дополна на генералениот урбанистички план во планерските просторни единици со кои Измена и дополна на генералениот урбанистички план треба да се спроведува.

3) Графичките делови од општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се изработени во размер 1:1000.

Член 5

1) Во графичкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинирани специфичните услови за планирање и развој на просторот за секоја урбана четврт, а за секој плански опфат на деталните урбанистички планови се дадени границите.

2) Во графичкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинирани специфичните плански услови кои ги дефинираатпосебните услови за планирање, развој и користење на просторот како што се:

- граници на урбаните четврти и граници на плански опфат на деталните урбанистички планови,
- граници на зони за наменска употреба на земјиштето,
- наменските зони и наменската употреба на градежното земјиште со системот на класи на намени,
- локации за сингуларни намени за градби за кои со закон е утврден јавниот интерес како и обврзни површини од јавен интерес прикажани со пиктограми,
- регулациски линии на примарната сообраќајна мрежа,
- површини за јавна употреба од значење за Градот,
- елементи за просторно разместување и димензионирање на водовите и градбите од примарните мрежи на сите градски инфраструктури: водоводни, канализациски, електрични, топловодни, телекомуникациски и други.

3) Во текстуалниот и нумеричкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинираат:

- површините на урбанистичките единици на градежно земјиште - четврт,
- површините на наменските зони и наменската употреба на градежното земјиште со процентуална застапеност, односно површината на наменската зона изразена во хектари,

- степенот на уреденост на градежното земјиште на подрачјето и капацитетот и режимот на понатамошното уредување,
- специфичниот режим на планирање, градење и употреба на земјиштето во зоните за наменска употреба на земјиштето

**Граница на планскиот опфат**

Член 6

1) Граница на планскиот опфат на Измена и дополна на генералениот урбанистички план е линиски симбол во графичкиот дел на планот со кој се уредува подрачјето на кое урбанистичкиот план е на сила.

2) Граница на планскиот опфат е затворена линија што го опкружува подрачјето на кое се протега правното дејство на Генералниот урбанистичкиот план.

3) Подрачјето на планскиот опфат на Измена и дополна на генералениот урбанистички план кое е опкружено со границата на планскиот опфат се здобива со статус на градежно земјиште, чијашто намена и начин на уредување, градење и користење се утврдени со урбанистичкиот план.

Член 7

1) Граница на плански опфат на Измена и дополна на генералениот урбанистички план е рационална, економична, правилна линија на опкружување со колку што е можно помала должина.

2) Граница на плански опфат на Измена и дополна на генералениот урбанистички план е линија што се совпаѓа или ги следи линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени (пат, оска на улица, граница на катастарска парцела, граница на подрачје со иста намена и др.).

3) Граница на плански опфат на Измена и дополна на генералениот урбанистички план е линија која нема да ја намалува вредноста на земјиштето што го дели или да ја попречува неговата намена и начин на користење делејќи го на неупотребливи делови.

Член 8

1) Границата на планскиот опфат на Измена и дополна на генералениот урбанистички план на Град Штип е плански услов кој се уредува во Измена и дополна на генералениот урбанистички план на Град Штип на графички и текстуален начин.

2) Графичкото обележување на границата на планскиот опфат на Измена и дополна на генералениот урбанистички план е испрекината црвена линија со дебелина од 2мм.

3) Електронското обележување на границата на планскиот опфат на Измена и дополна на генералениот урбанистички план е со нумеричко одредување според геодетските оски x и y, на сите прекршни точки на математичката линија на границата.

4) Границата на планскиот опфат на Измена и дополна на генералениот урбанистички план на Град Штип е предадена и на текстуален начин со ориентационен опис на нејзината траекторија според виканите места, називите на сообраќајниците, бројот на градежните парцели во прекршните точки без викано име и страните на светот.

Член 9

Правното дејство на границата на планскиот опфат стапува на сила со донесувањето на Измена и дополна на генералениот урбанистички план.

**Граници на единиците на градежно земјиште**

Член 10

1) Во Измена и дополна на генералениот урбанистички план се одредени границите на територијалните единици за планирање, и тоа:

- граници на подрачјата на урбаните единици - четврти

Член 11

1) Границите на урбана единица - четврт по правило се совпаѓаат со регулациските линии од примарната сообраќајна мрежа, а можат да се совпаѓаат и со линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени.

2) Граници на Блокови се совпаѓаат со осовините на примарната сообраќајна мрежа, а можат да се совпаѓаат со линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, осовини на водени текови и др.).

3) Граници на планските опфати на деталните урбанистички планови се совпаѓаат со осовините на примарната или секундарна сообраќајна мрежа, а можат да се совпаѓаат со граници на наменски зони и линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, осовини на водени текови и др.).

3) Граница на плански опфат на детален урбанистички план во графичкиот дел на Измена и дополна на генералениот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се обележува со испрекината црвена линија со дебелина од 1,0 мм.

4) Граница на урбана единица - четврт во графичкиот дел на Измена и дополна на генералениот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се обележува со испрекината сина линија со дебелина од 1,0мм.

5) Граница на Блок во графичкиот дел на Измена и дополна на генералениот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се обележува со испрекината портокалова линија со дебелина од 1,0 мм.

6) Граница на Детален урбанистички план во графичкиот дел на Измена и дополна на генералениот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се обележува со испрекината црвена линија со дебелина од 1,0 мм.

Член 12

1) Границите на урбаните единици - четврти во графичкиот дел на Измена и дополна на генералениот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се предаваат со алфа - нумеричко обележување.

**Регулациска линија**

Член 13

1) Регулациска линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

2) Регулациската линија претставува линија на разграничување помеѓу носителите на правото на градење, при што кај земјиштето за општа употреба правото за градење секогаш и припаѓа на општествената заедница (општина, град, држава), додека кај парцелираното земјиште правото за градење можат да го имаат сите физички и правни лица од републиката и од странство кои ќе ги исполнат законските услови за тоа.

Член 14

1) Регулациската линија во Измена и дополна на генералениот урбанистички план е дефинирана како ортогонална проекција на пресекот на вертикална рамнина или закривената вертикална површина со површината на теренот. По вертикалната рамнина или закривената вертикална површина се протега правната дефиниција на разграничувањето, и тоа над и под котата на теренот колку што е одредено со планот.

2) Со регулациската линија во Измена и дополна на генералениот урбанистички план се обележани коридорите на примарната сообраќајна мрежа на улици и површини за јавна употреба од градско значење кејови - реки, плоштади, плоштадки и други.

3) Регулациската линија во графичкиот дел од Измена и дополна на генералениот урбанистички план е обележана со полна зелена линија со дебелина од 1,0мм.

4) Регулациските линии во графичкиот дел од Измена и дополна на генералениот урбанистички план се предаваат во електронска форма векторски одредени, со нумеричко одредување на сите прекршни точки на регулациската линија според геодетските оски x и y, значи со прецизност и во форма во која може директно да се спроведуваат.

**Наменски зони и граници на наменските зони**

Член 15

1) Намената на земјиштето во Измена и дополна на генералениот урбанистички план се уредува на ниво на наменска зона во рамките на секоја четврт.

2) Наменска зона е ограничена површина на градежното земјиште со иста наменска употреба на земјиштето.

Член 16

1) Границата на наменска зона е линија која го опкружува подрачјето на наменската зона и во Измена и дополна на генералениот урбанистички план се обележува со полна црвена линија со дебелина од 1,0 мм.

2) Границите на наменските зони можат но не мораат да се совпаѓаат со другите граници на територијалните единици за планирање, но мораат да се совпаѓаат со регулациските линии во Измена и дополна на генералениот урбанистички план.

Член 17

Уредувањето на намената на земјиштето во Измена и дополна на генералениот урбанистички план се врши со системот на класи на намени според членовите 73-77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21,104/22, 99/23 и 07/25).

Член 18

1) Во формирањето на четвртите како единици на градежно земјиште, системот на класи на намени се употребува на следните начини:

1. Кога една намена или класа на намени е единствената и исклучива компонента во четвртта.

2. Кога една намена или класа на намени е доминантна компонента во четвртта, а другите намени се со процентуална застапеност.

3. Кога четвртта не е хомогена од аспект на истородност на намената или класата на намени, туку се формира од повеќе различни намени, класи на намени или групи на класи на намени. Овие четврти се со мешана намена на земјиштето и се формираат со хомогенизација врз основа на начинот на мешање на повеќе компатибилни намени на ист простор - што станува основна карактеристика и именител на зоната на мешана намена.

4. Кога различни намени, класи на намени или групи на класи на намени се утврдени во посебни наменски зони во четвртта. Во плансклата документација од пониско ниво, некомпатибилните намени задолжително да се издвојат со тампон зони.

2) Означувањето на наменските зони во Измена и дополна на генералениот урбанистички план овозможува нивно недвосмислено спроведување, па во графичките прилози План на намена на земјиштето, Синтезен план и Посебните услови за спроведување на планот, комплетната ознака на наменската зона содржи компонента на означување: 1. Ознаката на класата на намени

Член 19

Во Измена и дополна на генералениот урбанистички план се предвидуваат зони со сингуларна намена или локации на градби од јавен интерес, во оние случаи кои произлегуваат првенствено од потребата да се заштити стандардот на специфични форми на домување, поради специфични технолошки барања, барања поврзани со заштитата на животната средина или кога станува збор за локации за градби за кои со закон е утврден јавниот интерес.

Член 20

Утврдувањето на степенот на превладување на една класа на намени во една наменска зона, во Измена и дополна на генералениот урбанистички план е непосредно поврзано со карактеристиките на секоја конкретна зона односно со нејзината припадност на некоја конкретна урбанистичка единица на градежно земјиште на просторот.

Член 21

Одредувањето на наменски зони со мешани намени без превладувачка намена, како планска одредба во Измена и дополна на генералениот урбанистички план, се користи само во случаи кога со тоа ефикасно се интензивира искористувањето на градежното земјиште како необновлив ресурс, значи во централноградски подрачја или во слични ситуации кога тоа овозможува рационално користење на градското земјиште, енергијата, инфраструктурата, како и за остварување на барањата поврзани со заштитата на животната средина.

Член 22

1) Измена и дополна на генералениот урбанистички план го утврдува оптималното учеството на компатибилните намени и класи на намени во мешаните наменските зони, во рамките на процентуално учество најмногу до максимален однос согласно нормативите утврдени во правилник. Компатибилноста на намените се утврдува во планска документација од пониско ниво на ниво на наменска зона или на ниво на градежна парцела согласно правилнички нормираните минимални и максимални вредности на нивното процентуално учество.

2) Оценувајќи ги конкретните услови за секоја зона поединечно, во Измена и дополна на генералениот урбанистички план се утврдува колку од списокот на можни компатибилни намени ќе бидат дозволени да коегзистираат или да се мешаат во рамките на една мешана наменска зона и колкав ке биде процентот на учество на секоја намена. Ова е специфицирано за секоја четврт поединечно, во форма на плански услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои се поместена во посебните услови за спроведување на планот.

3) Во рамки на наменските зони од класата Б, В и Г е дозволено поставување на компатибилни класи на намена од класата Е кој се однесува на градби за производство на енергија од типот на фотоволтаични електрани до максималните дозволени проценти. Компатибилноста може да се спроведува на ниво на наменска зона и/или на ниво на пооделни градежни парцели.

Член 23

1) Нормираните табели за компатибилни намени и нивно максимално процентуално учество во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање се општа нормативна рамка во која се поместени максималните вредности кои смеат да се достигнат во екстремни случаи.

2) Во Измена и дополна на генералениот урбанистички план според императивното програмско барање се одбегнуваат правилнички нормираните максимуми, кои се наменети за целата територија на РМ, а се одредуваат минималните, оптималните односно плаузибилните вредности на урбанистичките параметри за секоја конкретна наменска зона поединечно во рамките на секоја четврт.

3) Измена и дополна на генералениот урбанистички план ги утврдува намената на површините и елементите на наменска дефиниција за секој конкретен случај односно за секоја конкретна локација и за секоја наменска зона, во зависност од степенот на уреденост на градските делови, нивната локација во Градот и основниот карактер на просторот.

4) Во Измена и дополна на генералениот урбанистички план За парцелите со Класа на намена В1 (Образование) и А3 Ученички или студентски домови) не се дозволуваат

компатибилни класи на намени, освен ДЗ-Спорт и рекреација со максимално учество од 20% во однос на основната класа на намена. Разработката на предметната парцела (со намена В1) ќе биде со Основен проект.

**Поделба на планскиот опфат на единици на градежно земјиште и просторна дистрибуција на планските услови**

Член 24

1) Методолошки императив на урбанистичко планирање е просторната дистрибуција на планските услови на Измена и дополна на генералениот урбанистички план да бидат според територијалните единици на градежно земјиште кои се утврдени во планот, а според кои понатаму ќе се врши еднозначно артикулирана и контролабилна реализација и спроведување на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите на Измена и дополна на генералениот урбанистички план во процесот на деталното урбанистичко планирање.

2) Поделбата на урбанистичките единици на градежно земјиште се врши на графички начин во Измена и дополна на генералениот урбанистички план.

Член 25

1) Измена и дополна на генералениот урбанистички план ги утврдува критериумите за одредување и формирање на урбанистичките единици на градежно земјиште.

2) Клучен елемент во утврдувањето на единиците на градежно земјиште за планирање претставува нивната диспозиција, диспозицијата на примарната сообраќајна мрежа и природата и степенот на нивната намена и оформеност.

Член 26

1) Во рамките на утврдените урбанистички единици на градежно земјиште Измена и дополна на генералениот урбанистички план треба да ги утврди:

- деловите кои имаат различен степен на уреденост на градежното земјиште како основа за дефинирање на основната природа на идните зафати,

- граничните состојби за кои се потребни специфични мерки (заштитни или стимулативни) во деталните урбанистички планови,

- општите и посебните услови за планирање, развој, градење и урбана опременост.

2) Секое урбанистичко подрачје има различен степен на оформеност, дистинктивност и програмска дефиниција, при што Измена и дополна на генералениот урбанистички план со плански услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите треба да го утврди различниот степен на изграденост, наменската дефиниција на зоните и приоритетите во реализацијата на планските определби, како и степенот на деталноста на општите и посебните услови за планирање и спроведување на планот.

Член 27

1) Во Измена и допоолна на Измена и дополна на генералениот урбанистички план за Град Штип 2024-2034 се формираат следните единици на градежно земјиште:

- урбани четврти
- Поделба по блокови
- плански опфати на деталните урбанистички планови

2) Просторната дистрибуција на сите плански услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите во Измена и дополна на Измена и дополна на генералениот урбанистички план се врши врз основа на поделбата на територијата на Градот (планскиот опфат на Измена и дополна на генералениот урбанистички план) на просторните единици од став 1 од овој член, кои служат како урбанистички единици на градежно земјиште.

3) Просторната распределба на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите на Измена и дополна на Измена и дополна на генералениот урбанистички план според подрачјата на урбаните четврти е единствена методолошка гаранција која обезбедува ефикасно и контролирано спроведување на Измена и дополна на генералениот урбанистички план.

4) Спроведувањето на Измена и дополна на Измена и дополна на генералениот урбанистички план по пат на изработување и донесување на детални урбанистички планови е можно само со совпаѓање на просторните единици за планирање на кои е поделен планскиот опфат на Измена и дополна на генералениот урбанистички план со планските опфати на деталните урбанистички планови за четврти со кои Измена и дополна на генералениот урбанистички план треба да се спроведува.

**Просторна дистрибуција и дефинирање на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите на Измена и дополна на генералениот урбанистички план**

Член 28

Измена и дополна на генералениот урбанистички план и деталните урбанистички планови со кои тој ќе се спроведува, дефинирањето на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите и нивната просторна дистрибуција во планската документација на Измена и дополна на генералениот урбанистички план се врши со потполно дефинирање на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите и нивна просторна дистрибуција до нивото на урбана четврт.

Член 29

Заради ригидноста на системот на урбанистичко планирање во кој не постои неопходното усложнување на системот за решавање на различните видови на проблеми во рамки на планскиот опфат, поради не постоење на неоходната диверзификација на видовите на детални планови за разрешување на ситуации од различен вид на сложеност, како и заради преголемата разлика на размерите на Измена и дополна на генералениот урбанистички план на Град Штип и на деталните урбанистички планови со кои тој се спроведува, за да се обезбеди квалитетно спроведување на планот и контрола на просторниот развој на Градот, неопходно е воспоставувањето на систем на континуирано планирање на Измена и дополна на генералениот урбанистички план во процесот на неговото спроведување.

Член 30

Системот на континуирано планирање низ разработување на Измена и дополна на генералениот урбанистички план во консекутивна постапка во процесот на неговото спроведување треба да се одвива на две независни нивоа, во рамки на постапки кои се во оригинерна надлежност на Градот Штип. Тоа се:

1) Обезбедување на планирање преку непрекинато детализирање на планот со координиран процес на изменување и дополнување на приоритетни групи на територијални единици на градежно земјиште.

2) Обезбедување на податоци за состојбите во просторот кои ќе бидат агрегирани според воспоставената шема на територијални единици на градежно земјиште, и континуирана и дифузна активност за детализирање на планот преку негово пунктуално изменување и дополнување на поединечни урбани подрачја или инфраструктурни зафати.

**Билансни показатели**

Член 31

Вредностите на процентуалната застапеност на површини според наменската употреба на земјиштето во планот се пресметувани со апроксимација од 5%, најмногу поради системот на макролоцирање на одредени намени или класи на намени за јавни функции со пиктограми, додека за апроксимацијата помеѓу сите други класи на намени во четвртите изнесува до 3% заради уточнување со реалната состојба, што на Измена и дополна на генералениот урбанистички план му ја дава неопходната флексибилност во процесот на спроведување.

**Сообраќајни инфраструктури**

Член 32

За сообраќајниците за кои има сознанија или во процесот на спроведување на планот ќе се обезбедат сознанија и податоци за состојбите во просторот кои ќе укажат на потребата и можноста за нивно специфично реализирање под или над нивото на теренот или за зголемување и намалување на активната сообраќајна површина, што повлекува и нивно консеквентно редефинирање во регулацискиот и сообраќајниот план, ќе се спроведуваат континуирани и консекутивни постапки за детализирање на планот преку негово пунктуално изменување и дополнување на поединечни урбани подрачја или инфраструктурни зафати. При дефинирањето на изведбените решенија обврзно да бидат вклучени надлежните служби. Во такви случаеви треба да се изработат подетални сообраќајни анализи и проекции на идните потреби и да се изготви соодветна планско проектна документација со потребни прилози и елаборати за предвидената инфраструктура и нејзиното влијание врз животната средина, економијата, сообраќајот и урбанизмот, а врз основа на претходна Физибилити студија со примена на анализи трошоци- добивки.

Член 33

Прецизната просторна диспозиција на поедините техничко-технолошки елементи на линиите на јавен превоз на патници ќе се решава согласно сообраќајно- техничката и друга документација за сообраќајниот систем во град Штип.

Член 34

Уточнувањето на регулациските линии на крстосниците од примарната сообраќајна мрежа, ќе се изврши врз основа на сообраќајна студија и усвоена, односно одобрена проектна документација за истите.

Член 35

Долж примарната сообраќајна мрежа во планската документација од пониско ниво, се дозволува по целата должина на сообраќајниците да се планираат **линиски центри** со намена А, односно Б, односно В, или големини кои со своите параметри не влегуваат во нумеричките показатели на четвртта на која и припаѓаат.

Линиските центри треба да претставуваат логична целина со длабочина во четвртта до 30м., од обете страни на сообраќајниот коридор со можни тремови кои можат да се протегаат до границата на регулационата линија.

**Спроведување на Измена и дополна на генералениот урбанистички план**

Член 36

1) Суштинска карактеристика на системот на урбанистичкото планирање, кој произлегува од Законот за просторно и урбанистичко планирање Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), е двостепеноста на системот на урбанистичкото планирање на градовите.

2) Оваа двостепеност се остварува со генерални и детални урбанистички планови, при што во генералните урбанистички планови се одредуваат зоните на намената на земјиштето и функционалната организација на просторот, примарните инфраструктурални мрежи и основните услови за изградба, додека деталните планови служат за разработка и спроведување на генералните урбанистички планови.

3) Врската помеѓу генералните и деталните планови, како и облигациите за нивната хиерархиска усогласеност во Законот е нормирана во Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) во кој е утврдено дека деталниот урбанистички план, како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со Измена и дополна на генералениот урбанистички план.

4) Ова основно својство на системот на просторно и урбанистичко планирање - хиерархиската структура на системот на просторни и урбанистички планови, при што плановите од пониско ниво мора да се во согласност со плановите од повисоките нивои.

5) Заради законската облигација деталните урбанистички планови да мораат да се усогласени со Измена и дополна на генералениот урбанистички план, сите детални урбанистички планови кои се донесени до денот на усвојување на ГУП Штип 2024-2034, како акти за спроведување на Генералниот урбанистичи план, кој веќе не е на сила, мораат да претрпат усогласување со новиот Генерален урбанистички план, со што ќе можат да се применуваат односно да станат акти за спроведување на новиот Генерален урбанистички план.

6) Во периодот од донесувањето на Измена и дополна на генералениот урбанистички план за град Штип 2014-2024 до усогласувањето на деталните урбанистички планови кои ги донесува општината Штип, деталните урбанистички планови кои се на сила можат да се

применуваат само и исклучиво во оние делови од планскиот опфат кои се во согласност со Измена и дополна на генералениот урбанистички план на град Штип 2024-2034, односно не се спротивни ниту на една негова одредба.

**Наменски зони со мешани класи на намени**

Член 37

1) Нормираните табели за компатибилни намени и нивно максимално процентуално учество во Правилникот за урбанистичко планирање се општа нормативна рамка во која се поместени максималните вредности кои смеат да се достигнат во екстремни случаи.

2) Во Измена и дополна на генералениот урбанистички план според императивното програмско барање се одбегнуваат правилнички нормираните максимуми, кои се наменети за целата територија на РСМ, а се одредуваат минималните, оптималните односно плаузибилните вредности на урбанистичките параметри за секоја конкретна наменска зона поединечно.

2) Измена и дополна на генералениот урбанистички план ги утврдува намената на површините и елементите на наменска дефиниција за секој конкретен случај односно за секоја конкретна локација и за секоја наменска зона, во зависност од степенот на уреденост на градските делови, нивната локација во градот и основниот карактер на просторот.

3) Утврдените вредности на процентуалното учество на класи на намени во наменските зони со мешана намена во процесот на спроведување на планот и негово разработување со детални урбанистички планови, мораат да се третираат како идеално процентуално учество, односно рамномерно и еднакво на целото подрачје од територијалната единица на градежно земјиште на просторот. Не се дозволува концентрација на дозволениот процент на еден дел од подрачјето и нерамномерна просторна дистрибуција на дозволената површина со компатибилна намена.

4) Одредувањето на оптималните односно плаузибилните вредности на процентите на учество на класи на намени во наменските зони и урбанистичките параметри, во Измена и дополна на генералениот урбанистички план се уредува до нивото на урбаните четврти.

5) Специфичните плански услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за секој поединечен плански опфат на детален урбанистички план, заради успешно, квалитетно и ажурно спроведување на Измена и дополна на генералениот урбанистички план, ќе се детализираат на ниво на четврт.

**ПЛАНСКИ ОПФАТ**

Член 38

Границата на планскиот опфат Штип вкупно е долга 30573,98м1 и формира површина од 2292,1287 ха.( 22921287,047м2). Границата на планскиот опфат на Измената и дополна на ГУП е 310 061,1м2.

Границата на измената и дополна на планскиот опфат е дефинирана согласно ГУП на град Штип 2014-2024, прилог Граници на детални урбанистички планови со нанесен плански опфат, односно урбан четврт ЦЕ 06. Границата е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки.

## ПОДЕЛБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Член 39

Во планскиот опфат утврдени е 1 (една) Урбана единица - четврт.

**Основната намена на земјиштето во планскиот опфат е дефинирана во графичкиот прилог Број 01 и во Член 6 од овие Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите планирање.**

## НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО – ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ

Член 43

Со ова планска документација се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето (дефинирањето е според Член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21,104/22, 99/23, 07/25, 143/25).

**1. Домување (група класи на намени – А)**

**2. Комерцијални и деловни намени (група класи на намени – Б),**

**3. Јавни дејности и институции (група класи на намени – В),**

**4. Зеленило, спорт рекреација и меморијални простори (група класи на намени – Д)**

**6. Инфраструктура (група класи на намени - Е)**

## ПОВРШИНИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ

Член 46

Со планот се утврдува една Урбана единица - четврт.

Површините за планирање се дефинираат за секоја четврт поединечно, утврдена со овој План, а во рамките на просторот дефиниран со регулациските линии.

*Од аспект што Планот е изработен во електронска форма на ориентирани геодетски подлоги и истиот доставен до надлежното министерство, на CD, во векторска форма, Регулациските линии, кои ја означуваат Границата на секоја четврт поединечно, со овој План не се котираат. При спроведување на Планот нивните прекршни точки, како нумерички податоци, се отчитуваат, од овластена геодетска фирма, дигитално, со вредности за Y и X.*

## ВИСИНА НА ГРАДБИТЕ ВО ЧЕТВРТ

Член 47

**Висината на градбите да се утврди во урбанистичка документација од пониско ниво, обврзно земајќи ги предвид следните ограничувачки фактори:**

- Да се почитува јавниот интерес преку прописите за заштита и спасување утврдувајќи ја висината во корелација со должината на обрушувањето;
- Да се почитува јавниот интерес преку квалитетни композициски урбанистички решенија со посебна анализа на силуетите на градбите долж улиците;

- Да се почитува јавниот интерес преку овозможување проветрување –аерација на градскиот простор;
- За градбите со намена домување во семејни куќи да се почитува соседското право, односно да не се намалува вредноста на земјиштето и вредноста на градбата на соседот, да се овозможи правото на осончување на градбата на соседот во зимскиот период најмалку еден час, да не се одзема правото на видик на соседот за градбите на коси терени ( да не се попречува видикот), да се овозможи аерација на соседскиот простор;
- Правото на надградба подразбира зголемена висина за уште 1,6м од дозволената висина во деталниот урбанистички план, како и излегување на конструкцијата со проектираните димензии надвор од утврдената градежна линија. За планираните надградби да се предвиди рамномерна и правична распределеност на бројот на нивои во секоја четврт;
- Висините да бидат рамномерно нивелирани и усогласени при оформувањето на венците, без особени отстапувања за да не се нарушат силуетите на уличните фронтови.
- Висините на градбите зависат и од режимот на заштита на заштитените добра и од режимот на заштита на заштитените подрачја.

**Согласно член 88 од Законот за воздухопловство (Службен весник на РСМ бр. 14/24), заради Одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, потребно е,:**

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот, а која се наоѓа во рамки на рамнините за ограничување на препреки на аеродромот да не ја налминува елевацијата на соодветната рамнина (прилог во сообраќајниот и инфраструктурниот план).
- Плановите од пониско ниво, за одделните опфати кои се рамки на рамнините за ој раничување на препреки на аеродромот, пред нивно усвојување, да се достават на претходно мислење до Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Висините да се утврдат и врз основа на условеноста со плански утврдената максимална густината на населеност за секоја Четврт.**

## ПАРКИРАЊЕ

### Член 48

Бројот на паркинг местата се утврдува на ниво на планска документација од пониско ниво, соодветно на планираните површини со дефинирана намена на земјиштето со овој План, а според стандардите и нормативите за секоја дефинирана намена на земјиштето. Паркирањето може да биде сместено подземно или надземно, при што надземната површина наменета за паркирање влегува во вкупната изградена површина.

## УСЛОВИ ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Член 49

За обезбедување услови за движење на лица со посебни потреби важат истите одредби од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21,104/22, 99/23 и 07/25).

## УСЛОВИ ЗА УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО И ОЗЕЛЕНЕТОСТ

Член 50

Во урбанистичките услови, покрај другите, се вградуваат и следните услови за оформување на пејсажот во рамките на четврт:

- Долж примарната сообраќајна мрежа да се уреди појас на зеленило со садници од типот на грмушки и садници на листопадни дрва со височина до 6м, кои се карактеристични за локалитетот и опкружувањето. Растојанието меѓу листопадните дрва треба да овозможи формирање засенчен коридор за пријатно движење во летниот период (функционално заленило). Просторот околу градбите и комплексот на градби во четврт, хортикултурно да се уреди согласно амбиенталните и пејзажните карактеристики на истата/иот.
- Зелените површини да се уредат врз основа издадени услови за градба, произлезени од утврдена урбанистичка документација од пониско ниво, која покрај другите фази обврзно ќе ја содржи фазата

Хортикултура.

**Да се почитува Законот за урбано зеленило (Сл.весник на РМ 11/18 и Сл. весник на РСМ бр. 42/20 и 224/24)**

## ДРУГИ ОПШТИ УСЛОВИ

Член 51

Во дефинирање на урбанистичките параметри во четврт се пропишува и следното:

- *да се применат асеизмички конструктивни системи, отпорни на пожар;*
- *да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплувањеили ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;*
- *да се применат квалитетни естетски материјали за завршна обработка на градбите;*

## 5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Предметниот планскиот опфат зафаќа површина од **31ха**
Во планскиот опфат се предвидува изградба на објекти со намена:

**А - Домување**
**Б - Комерцијални и деловни намени**
**В - Јавни дејности и институции**
**Д - Зеленило, спорт рекреација и меморијални простори**
**Е - Инфраструктура**

### ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ ВО СЕКОЈА ЧЕТВРТ

Член 52

Основа за изработка урбанистичка документација од пониско ниво за секоја четврт поединечно (со повеќе наменски употреби на земјиштето), утврдена во овој План, се Посебните услови за секоја четврт кои произлегуваат од истата во табеларен приказ со урбанистички параметри како нумерички показатели кои се Прилог кон Планската документација на крајот од истата.

### ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА СООБРАЌАЈОТ И ИНФРАСТРУКТУРАТА - СООБРАЌАЈНИОТ СИСТЕМ

Член 53

Покрај влезно-излезните правци кон Радовиш, Кочани и Велес, во делови наменети за Г-Производство дистрибуција исервиси и Мешана намена треба да се изградат паркинзи за товарни возила, автобуси и приклучни возила. Местоположбата на овие паркиралишта треба да се определи со планска документација од пониско ниво, но во рамките на комплексот наменет за сервиси и мало стопанство во кој е предвидена.

Овие паркинзи треба да се користат и како станици за технички прегледи на моторни возила, терминални површини и др.

Член 54

Стационарниот сообраќај т.е. прашањето за обезбедување на паркирни и гаражни места е обврска на локалната самоуправа и на сите корисници на земјиштето во рамките на опфатот на урбаното подрачје преку изготвување на планска документација од пониско ниво.

Член 55

Паркирните и гаражните места можат да бидат јавни или за потребите и во владение на поедини корисници на градскиот простор.

Член 56

Јавно паркирано или гаражно место е наменето за било кое патничко возило под услови што ги определува надлежниот орган на локалната самоуправа. Јавните паркирани и гаражни места се дел од јавните сообраќајни површини.

Член 57

Сите останати паркирани и гаражни места се наменети за потребите на субјектите во чие владение се наоѓаат, за потребите на нивните деловни соработници и други корисници, и не се сметаат за дел од јавните сообраќајни површини.

Член 58

Градбата на нови јавни паркинзи и гаражи треба да се врши според планска документација од пониско ниво и тоа првенствено во централното градско подрачје и неговата непосредна околина околина.

Член 59

Определување на простори за паркирање и запирање на возила се врши со проекти за сообраќај во постапка утврдена со закон, според критериумите дефинирани со планерските карактеристики и проектните услови и елементи на уличната мрежа, како и според стандардите и нормативите од областа на сообраќајот.

Член 60

Во подрачјето на Градот, утврдувањето на патишта и улици на кои се забранува сообраќајот за сите или за одделни видови возила, се врши со сообраќајни проекти за утврдување на условите и режимот на сообраќајот, во постапка утврдена со закон, а во согласност со планерските критериуми и проектните услови и елементи за градски улични мрежи.

Член 61

Начинот на вкрстосување на улиците од примарната сообраќајна мрежа во Градот Штип е дефиниран според утврдената категоризација, како и усвоените функционални нивоа.

Член 62

Кај крстосниците за кои во процесот на спроведување на планот ќе се обезбедат потребните сознанија и податоци може да се изврши измена на нивниот тип врз база на изготвена сообраќајна студија.

Член 63

Вкупната регулациска ширина на примарните сообраќајници не смее да се стеснува, како и ширината на коловозните ленти под пропишаниот минимум, додека ширините на останатите површини помеѓу регулационите линии по потреба може да се менуваат во согласност со важечките стандарди и нормативи, а врз база на изработена сообраќајна студија. Конкретизација на попречните профили на улиците од примарната улична мрежа ќе се изврши во рамките на регулациските линии на инфраструктурните коридори, со изработка на потребната проектна документација.

Член 64

Урбанистичките параметри за изградба на уличната мрежа да се според потребите на наменската употреба на земјиштето, а согласно стандарди и нормативи.

Во изготвувањето на планска документација од пониско ниво во условите за градба да се предвидат елементи на урбана опрема во функција на пешачките движења и лицата со посебни потреби.

Член 65

Координатите на пресечните точки на осовините, како и нивелетските точки со висински податоци се дадени со прецизност која одговара на подлоги во мерка 1:10 000. Наклоните на нивелетите се дадени помеѓу две пресечни точки.

При спроведувањето во планска документација од пониско ниво или при изработката на потребната проектна документација можни се отстапувања кои кои не треба да ги надминат дозволените толеранции за подлоги во мерка 1:1000.

Во планска документација од пониско ниво или потребната проектна документација да се изврши висинско планирање на теренот, согласно Нивелманскиот план за уличната мрежа, како и да се дефинираат апсолутните висински коти на приземјата за секоја површина за градба во наменската употреба на земјиштето поединечно.

Член 66

Во планска документација од пониско ниво, долж примарната сообраќајна мрежа и долж сервисните улици може да се утврдат градежни парцели за бензински пумпи.

Член 67

Максималниот надолжен наклон за новопланираните сообраќајници треба да биде во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање. Максималниот наклон на новопланираните по исклучок може да се надмине на постојната улична мрежа, каде истиот може да биде поголем од дозволениот заради конфигурацијата на теренот. На постојните улици за постојните градби во планска документација одпониско ниво да се овозможи пристап до истите.

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ**

Член 74

Водоснабдителната норма за Градот за период до 2024 год изнесува 400 литри/ден/жител. Од оваа водоснабдителна норма се обезбедува вода за населението и стопанството и за лесната индустрија која во технолошкиот процес мора да користи санитарна вода.

Член 76

При изработката на планската документација од пониско ниво да се предвиди одделна водоснабдителната инфраструктура за санитарна вода и инфраструктура за поливање на зеленилото и миење на улиците.

Член 77

Реализцијата на планската документација од пониско ниво, односно изградбата на градбите да се одвива паралелено со изградбата на мрежите за водоснабдување и за поливање на зеленилото.

Член 78

Водата за поливање на зеленилото и миењето на јавните сообраќајни површини да се обезбедува од бунари или површински воводтеци.

Член 79

Локациите на бунарите за поливање на зеленилото и миењето на јавните сообраќајни површини ќе се одредат во рамките на планската документација од пониско ниво, а врз основа на проектна документација на ниво на основен проект со кој ќе бидат дефинирани капацитетот и типот на бунарот.

Член 80

Трасата на планираната примарна водоснабдителната мрежа треба да биде поставена во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 81

Градбата на новата примарна водоснабдителната мрежа ќе се утврди врз основа на проект за инфраструктура.

Член 82

Одводнителната норма за период до 2024 год. изнесува 90% од водоснабдителната норма.

Член 83

Интензитет на дождови од 110 л/сек/ха со појава еднаш во две години и времетраење од 20 минути, е меродавна вредност за димензионирање на атмосферската канализација во Градот Штип.

Член 84

При изработката на планска документација од пониско ниво да се предвиди сепарциска канализациска мрежа.

Член 85

Реализацијата на планската документација од пониско ниво, односно изградбата на градбите, да се одвива паралелно со изградбата на примарната и секундарната канализациска инфраструктура.

Член 86

Трасата на планираната примарна фекална и атмосферска канализациска мрежа треба да биде поставена во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 87

Градбата на новата примарна канализациска мрежа ќе се утврди врз основа на проект за инфраструктура.

Член 88

Локацијата за локална пречистителна станица да се определи со планска документација од пониско ниво надвор од границите на Измена и дополна на генералениот урбанистички план.

Член 89

При изработката на планската документација од пониско ниво да се обезбеди заштитен појас на регулираните порои со цел да се овозможи нивно непречено функционирање и одржување.

Член 90

На пороите на кои не се изведени регулациски работи, заштитниот појас ќе биде дефиниран врз основа на проектна документација на ниво на основен проект со кој ќе бидат дефинирани карактеристиките на речното корито;

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА КОМУНАЛНА ИНФРА И СУПРАСТРУКТУРА

Член 91

Со овој план треба да се обезбедат услови за доследно остварување на целите низ планските услови на планската документација на пониско ниво, чијашто основна цел треба да биде подигнување на нивото на уреденост на јавниот простор, елиминирање на дисфункционалните просторни солуции и дискрепанции помеѓу подрачјата со различен степен на уреденост и наголемување на степенот на урбаност на градскиот простор, како и обнова и дооформувањето на постојната територија на Градот или на неговото ширење во околниот простор, треба да обезбедат унапредување на степенот на урбанистичко уредување, на стопанисувањето со градскиот простор и на вкупната репродукција на Градот.

Член 92

Во планската документација од пониско ниво треба се обноват и дооформат веќе зафатените меморијални простори - гробишта, со:

- примена на современите стандарди при планирање и димензионирање на локациите за уредување на простори со оваа намена;
- утврдување на површини за проширување на постојните локации и нивно етапно и целосно ставање во функција на основната намена; дооформување на постојните гробишта со изградба на инфраструктура и придружни градби;
- обезбедување на максимални стандарди и услови за новопланираните локации од аспект на сообраќаен и друг вид на инфраструктура како и друг вид еколошки, здравствено-санитарни, амбиентални и хидро-геолошки решенија кои ќе ги задоволат потребите за наредниот период од 100 години.

Член 93

Планските определби треба да се насочат преку планската документација од пониско ниво кон дефинирање на стратешки цели / сценарија за идниот развој на Градот, а кои треба да се реализираат во Измена и дополна на генералениот урбанистички план како основни програмски цели од комуналните дејности од областа на цврст отпад – депонии (управувањето со неопасниототпад / комунален, градежен шут, индустриски и инертен со отстранување и депонирање) со:

- обезбедување на оптимално функционирање на базичната инфраструктура за интегрирано управување со комуналниот отпад и другите видови неопасен отпад;
- трајно елиминирање на дивите депонии и рекултивација на исчистениот простор;
- утврдување просторна шема и капацитети со локации за селективно собирање заради рециклирање, домашно компостирање и централизирано компостирање:

Член 94

Планските определби во управувањето со отпадот во планската документација од пониско ниво треба да се насочат кон справување со проблемите и постигнување на континуирани подобрувања во интегрираниот пристап кој го обезбедуваат многуте учесници во процесот: јавноста, стопантвото, надлежните органи на сите нивоа, согласно законската регулатива за системот за управување со отпадот и одстранување со депонирање.

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЕЛЕКТРОСНАБДИТЕЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 95

Планирањето на новите надземни градби во електроенергетската инфраструктура треба да биде според локациите во четвртите каде се поставени и соодветните симболи.

Член 96

Изборот на точната локација за новите трафостаници ќе се утврди со планска документација од пониско ниво.

Член 97

Трасите на планираните примарни електроенергетски водови треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори по можност помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 98

Градбата на новите преносни и дистрибутивни мрежи (примарни водови) ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

Член 99

Градбата и реконструкцијата на преносната и дистрибутивна мрежа треба да се изврши такашто во целост треба да се почитува: “Правилникот за технички нормативи за изградба на надземни електроеенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV”, како и правилниците за **Мрежни правила за пренос на електрична енергија** кој ја регулираат оваа материја.

Член 100

Во проектите за инфраструктура, инфраструктурните коридори за поставување на надземните и подземни електроводови, треба да бидат со следниве димензии:

При разработката во плановите од пониско ниво заделжително да се почитуваат одредбите за заштитни растојанија дефинирани во Службен весник на РМ, бр. 191 од 17.9.2019 година посебно во членот 138.

Исто така треба да се почитуваат и одредбите за водовите на МЕПСО од правилникот за Мрежни правила за пренос на електрична енергија дефинирани во Службен весник на РСМ, бр. 04 од 10.01.2022 година посебно во членот 224 и тоа:

При реализација на ГУП Штип треба да се обезбеди непречен сообраќаен пристап до тафостаниците на МЕПСО и ЕВН. Истото може да се решава во склоп на Планови од пониско ниво или со соодветна проектно планска документација (Инфрастриктурни Проекти).

Член 101

Предвидени се следниве коефициенти за дефинирање на потребите за електрична моќност за:

- домување 1kW/жител
- комерцијални и деловни и јавни институции 193kW/ha
- тешка и загадувачка индустрија 474kW/ha
- лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стовариште 293kW/ha
- зеленило и рекреација и инфраструктура 15kW/ha

Член 102

Во планската документација од пониско ниво, при планирање на електромрежата се дозволува каблирање на постојните преносни и дистрибутивни надземни водови.

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 103

Планирањето на новите надземни градби во комуникациската инфраструктура треба да биде на според локациите во четвртите каде се поставени и соодветните симболи.

Член 104

Изборот на точна локација на надземните електронски комуникациски градби (новите базни станици, простории за активна опрема, поштенски единици и др.) ќе се изврши со планска документација од пониско ниво.

Член 105

Се дозволува поставувањето на новите базни станици за мобилна телефонија да биде регулирано со планска документација од пониско ниво, при што треба да се запази позитивната законска регулатива во однос на нивното штетно влијание врз животната средина и регистрираното и евидентираното природно наследство.

Член 106

Планираните примарни електронски комуникациски мрежи треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 107

Трасите на планираните електронски комуникациски водови ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГАСИФИКАЦИСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

Член 108

Трасите на планираните примарни гасоводи треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 109

Изградбата на новите примарни водови ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

Член 110

Точната локација за новите гасни мерно-регулациски станици во рамките на четвртите ќе се утврди со планска документација од пониско ниво.

Член 111

Приоритет за поврзување на градската гасоводна мрежа треба да се даде на оние четврти каде домаќинствата не се поврзани на централниот топлификациски систем.

Член 112

Изградбата на примарната гасоводна мрежа треба во целост да ги почитува “Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од челични цевки за работен притисок до13 бари" (Сл.весник бр.100/2009 година).

Член 113

Минималната длабочина на поставување на гасоводот изнесува:

- во нормални услови - 0,8 м до горниот дел на цевката;
- при вкрстување со други инфраструктурни водови може да се дозволи намалување на длабочината на поставување до 0,6 м;
- во каменита почва не помалку од 0,5 м.

Член 114

Минималните дозволени растојанија на гасоводот од најблискиот рабна цевката на гасоводот до најблискиот раб на темелот на градбата во зависност од притисокот, изнесуваат:

| Притисок на гасот во гасоводот (bar) | Минимално дозволено растојание (m) |
|---|---|
| до 1,05 | 1,00 |
| од 1,05 до 7 | 2,00 |
| од 7 до 13 | 3,00 |

Растојанијата може да бидат и помали со преземање на поголеми заштитни мерки (поголема дебелина на ѕидот на гасоводот, материјал со поголема цврстина, поставување на гасоводот во заштитна цевка итн.).

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 115

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на новопредвидените содржини во четвртите, потребно е да се почитуваат услови те пропишани во Законот за животната средина и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Член 116

Во фазата на изградба во четвртите да се користат еколошки прифатливи градежни материјали. По завршување на градежните активности во секоја четврт потребно е да се процени можностаза повторно искористување на отстранетата почва од терените, со цел да се избегнат дополнителни економски трошоци заради потребите од нејзина дислокација. По завршување на активностите, шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

Член 117

По завршување на градежните активности во четвртите да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини.

Член 118

Задолжително постапување со посебните видови отпад во четвртите согласно постојната законска регулатива:

- Правилник за начинот на постапување со отпад од азбест и со отпад од производи кои содржат азбест (Сл.в. на РМ бр.89/06)

- Правилник за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и градбите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата која што содржи ПХБ (Сл.в. на РМ бр.48/07)

- Правилник за начинот на постапување со медицински отпад, како иначинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад (Сл.в. на РМ бр.146/07)

- Правилник за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците (Сл.в. на РМ бр.156/07)

- Правилник за поблиските услови за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и означување на опасниот отпад (Сл.в. на РМ бр.15/08)

- Правилник за начинот на постапување со отпадот од титаниум диоксид, начинот на вршење мониторинг и формата, содржината и начинот на доставување податоци (Сл.в. на РМ бр.108/09)

- Правилник за начинот на постапување со отпадните гуми, како и условите кои треба да ги исполнуваат правните и физички лица кои увезуваат употребувани гуми (Сл.в. на РМ бр.108/09)

- Правилник за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористени возила, нивните компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата (Сл.в. на РМбр.108/09)

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и градбите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата која што содржи ПХБ (Сл.в. на РМ бр.130/09)

- Исправка на Правилникот за начинот на постапување со отпадот од титаниум диоксид, начинот на вршење мониторинг и формата, содржината и начинот на доставување податоци (Сл.в. на РМ бр.108/09) „Службен весник на Република Македонија “ бр. 142/09 од 25.11.2009 год.

- Правилник за изменување на правилникот за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите, сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористените возила, нивните компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата(*) „Службен весник на РМ“ бр. 164/10 од 20.12.2010 год.

- Правилник за начинот на водење како и формата и содржината на обрасците на базата на податоци за следење на повторната употреба и преработка на искористените возила и на целите кои треба да се постигнат со повтбр. 74/11 од 02.06.2011 год.

- Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозволата односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за трговија со неопасен отпад „Службен весник на РМ“ бр. 129/11 од 23.09.2011 год.

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Член 119

Режимот за заштита на недвижното културно наследство во Измена и дополна на генералениот урбанистички план се врши според заштитно- конзерваторските основи за културно наследство (**Закон за заштита на културното наследство** „Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно дека со заштитата во планскиот опфат се дефинирани зоните според степенот на заштита и тоа:

1. Сообраќајната инфраструктура не смее да навлегува во површините на заштитените добра, ова особено се однесува на ул. „Гоце Делчев" и ул. „Ванчо Прќе", додека улиците кои поминуваат низ контактните зони на споменичките целини треба да бидат со прилагоден профил и да не влијаат негативно на добрата.

2. Не треба да се создаваат нови градежни зони на констатирани археолошки локалитети.

3. За споменичките целини, споменичка целина „Ново село", треба да бидат изработени детални урбанистички планови во границите на споменичката целина.

4. За споменичката целина „Ново село" каде е предвидена група на класа на намена А, дозволено е само класа на намена А1 - домување во станбени куќи.

5. Постојните урбанистички планови кои имаат негативен пристап кон културното наследство да се усогласат со режимот на заштита од актите за заштита и заштитно конзерваторските основи за Измена и дополна на генералениот урбанистички план.

Член 120

Мерките за заштита за овој Генерален урбанистички план (ГУП) обврзно треба да се применуваат според условите наведени во заштитно- конзерваторските основи.

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 121

Согласно **Закон за одбрана** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), **Закон за заштита и спасување** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) и **Закон за управување со кризи** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21).

Врз основа на член 29 од **Закон за заштита и спасување** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21). Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;

- регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;

-изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;

- обезбедување на противпожарни пречки;

- изградба на објекти за заштита и

- изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на деталниот урбанистички план, за сè што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со **Закон за заштита и спасување** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република

Македонија, бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, бр. 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, бр. 8/05).

*Заштита од пожари*

Член 122

Со урбанистичка документација од пониско ниво за секоја четврт поединечно, обврзно да се **почитуваат** растојанијата на улиците до површините за градба за секоја наменска употреба на земјиштето поединечно како и за градбите во истите, односно елементите на партерот, за непречена манипулација на ПП возилата. При изработка на Планови од пониско ниво задолжителна е примена на **Закон за заштита и спасување** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21).

Член 123

Обврзно да се предвиди надворешна хидрантска мрежа околу четвртите, површините за градба на секоја наменска употреба на земјиштето како и градбите и комплексите на градби во истите, а нејзината поставка да е во согласност со ПП норми и стандарди.

Член 124

Водењето на другата инфраструктура обврзно треба да биде во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија.

Член 125

Другите елементи за противпожарна заштита обврзно да се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на урбанистичката документација од пониско ниво во делот на условите за градба, посебно за секоја градба или комплекс на градби во рамките на површините за градба за секоја наменска употреба на земјиштето поединечно.

*Заштита од воени разурнувања*

Член 126

Другите елементи за заштита од воени разурнувања, обврзно да се утврдат со посебниот елаборат за заштита од воени разурнувања, како составен дел на урбанистичката документација од пониско ниво во делот на условите за градба, посебно за секоја градба или комплекс на градби во рамките на површините за градба за секоја наменска употреба на земјиштето поединечно.

*Заштита од природни катастрофи*

Член 127

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Член 128

Елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, обврзно треба да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во урбанистичката документација од пониско ниво во делот условите за градба на статиката и динамичката анализа на градбите, како составен дел на Основниот проект.

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА ВО АВИОСООБРАЌАЈОТ**

Член 129

Плански опфат се наоѓа во заштитна зона на спортскиот аеродром Штип, на цца 2433м ЈИ од референтна точка на аеродромот, во рамки на т.н. хоризонтална и дел од конусна рамнина за ограничување на препреки, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај.

Имајќи го предвид претходното, а согласно член 88 од Законот за воздухопловство (Сл. весник на РСМ бр. 14/24), потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запази/вметне следната одредба:
- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во опфатот да не ги надминува максимално дозволените елевации дадени во прилог.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над претходно наведената, или изградба/поставување на издвоени антенски столбови или оџаци со височина поголема од 30м. и/или други објекти со височина поголема од 100м., потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да се достави проектната документација (пред узвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно чл. 80 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 130

Се што не е дефинирано во општите и посебните услови за градба да се регулира согласно одредбите од соодветната законска регулатива.

# 5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

## 5. 1 Мерки за заштита и специфични услови и уредување на плански опфати

Планскиот опфат на ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 06 од Измена и дополна на генерален урбанистички план на град Штип за урбана четврт ЦЕ06 и детален урбанистички план за урбана четврт ЦЕ 06 од ГУП на Град Штип, зафаќа површина од 31ха.

При планирањето се почитувани сите нормативи дадени во Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21,104/22, 99/23, 07/25, 143/25).

## 5.2 Мерки за заштита на животната средина и природата

Право и должност на Република Македонија и секоја Општина во неа, како и на сите правни и физички лица, е да обезбедат услови за здрава животна средина заради остварување на човекови права на здрава и чиста животна средина, регулирани и пропишани со **Закон за животна средина** (Службен весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22).

Во рамките на планскиот опфат се предвидуваат површини за домување и комерцијални и деловни намени, со можност за компатибилни класи на намена, согласно законската регулатива, како и сообраќајни површини.

Секој корисник на овој плански опфат е должен при преземање на активности или вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на природата и животната средина.

Кај постоечките и новопредвидените површини за градба, нема да има позначајни загадувачи на човековата околина. Единственото загадување може да дојде од сообраќајот и затоплувањето на објектите.

На подрачјето на планскиот опфат може да се изврши поделба на основните групи на загадување, со дадени основни смерници и мерки на заштита на истите:

- **ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ ОД ГРЕЈНИ ТЕЛА (ОГРЕВ)**
  - **Загадување на воздухот од моторни возила**

## 5.3 Заштита на воздухот

За аерозагадување може да се зборува доколку една или повеќе загадувачки материи се во таква количина и толку долго во воздухот што стануваат штетни за луѓето, животните и растенијата.

Минимално аерозагадување ќе се јави во грејните сезони кога се испуштаат отпадни материи од оџаците на објектите.

Со сигурност не може да се одреди реалниот ефект и последици по средината, односно санитарната состојба на воздухот. Врз основа на карактерот на површини за градба, се оценува дека квалитетот на воздухот релативно задоволува и дека не постои изразено загадување со штетни материи на воздухот на предметната територија.

Мерки и заштита од аерозагадување и зачувување на квалитетот на воздухот

вградени во планот се:

- Обезбедени се услови за ефикасно природно проветрување;
- Подобрена е состојбата на зелени површини со правилен распоред, создавање на поврзан систем на зелени површини на локацијата;
- Потребна е постојана контрола на загадувачите на атмосферата;
- Користење на горива кои содржат помалки штетни состојки;
- Контрола на загадувачите на атмосферата и донесување програми за отстранување на причините за загадувањето

## 5.4 Заштита од бучава

6. Управување со бучавата во животната средина и заштита од бучавата во животната средина, е предмет на уредување на **Законот за заштита од бучава во животна средина** (Сл. весник на Р.М. бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21).

Цел на Законот е да се создадат здрави услови за живот на луѓето и заштита на животна средина од бучава.

Бучавата претставува значаен фактор со неповолно влијание што поизразито се манифестира во последните децении како резултат на зголемен број на возила.

Според меѓународните стандарди и нормативи, нивото на бучавата дозволено во урбаните подрачја е до 60 децибели.

Намалување на бучавата од сообраќајот, кој се одвива по сите сообраќајници, во опфатот може да се направи на следниве начини:

- Спречување на бучавата на самиот извор;
- Спречување на изложување на луѓето на бучава со лични заштитни средства.

## 5.5 Заштита на води

Еден од основните приоритети на заштитата на животната средина, е заштита на водите. Режим на употреба на води во планскиот опфат, начин на испуштање на отпадни материи и загадени води, мора да биде под строга контрола и во согласност со концепт на одржлив развој. Во рамките на планскиот опфат единственото загадување на водите е од отпадните води.

Задолжително е да се испитуваат отпадни води пред испуштање во најблискот природен реципиент. Затоа е потребна изградба на канализациони системи за прифаќање на истите.

За предметниот ДУП потребно е:

- Проектирање и изведување на канализациона мрежа, според важечки прописи и стандарди;
- Мерки за испитување на квалитетот на водите;
- Водотеци - земање узорци и мерење на квалитетот на водата;
- Мерки на објектите кои ја загадуваат водата;
- Заштита на квалитет на водата на самите извориштa на загадување.

Потребно е рационално и економично користење на водата при што треба да се води сметка за одржување и подобрување на режимот на водите.

## 5.6 Заштита на земјиштето во загрозени подрачја

Мерки за заштита на земјиштето во загрозените подрачја:

- Планско уредување на земјиштето на места загрозени со подземни води, отпадните води, депонирање на смет;
- Во заштитените зони да се спроведат мерки за заштита во зависност од видот на загадувачите;

- Заштита на фауната и флората, со обновување на шумскиот фонд и зелените површини во целото опкружување.

## 5.7 Мерки за заштита од пожари

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, управен, надзорен, технички, образовно воспитен и пропаганден карактер. За поуспешно спроведување на мерки за заштита од пожар, се користат смерници од **Законот за заштита и спасување** (Сл. Весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и Сл. Весник на РСМ 215/21), **Закон за пожарникарство** (Сл. Весник на Р.М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16, пречистен текст 168/17**), Правилникот за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи** (Сл. Весник на Р.М. бр.32/11), **Правилник за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти** (Сл. Весник на Р.М. бр.94/09), **Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари** (Сл. Весник на Р.М. бр. 31/06), **Правилник за суштинските барања за градежните објекти** (Сл. Весник на Р.М. бр.74/06), **Правилник за изборот на видовите и на колишините на противпожарните апарати** со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарни апарати (Сл. Весник на Р.М. бр.105/05),

**Правилник за начинот на определување на места** за кои задолжително треба да се наоѓат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивно одржувањево исправна состојба, посебното обележување и достапност за употреба (Сл. Весник на Р.М. бр. 74/06, 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Заради што поуспешна заштита од пожар потребно е објектите да се градат согласно сите законски нормативи и мерки, потребно е да се овозможи непречено движење на противпожарно возило околу секој објект и да се предвиди засебна надворешна, хидрантска мрежа.

Заради остварување на поуспешна заштита од пожари се предвидуваат соодветни мерки за заштита, а особено за:

1. Изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти (хидранти и слично) кои обезбедуваат доволно количество вода за гасење на пожари
2. Широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гасењето на пожарите.
3. Широчината на сообраќајниците во планскиот опфат се изработени согласно важечкиот Правилникот. Со изработка на изведбен проект ќе се определат висините на рабниците на улиците.
4. Оддалеченост на објектите со различна намена, отпорноста на пожари на конструкцијата во зоната на комерицијалните објекти, ќе се овозможат мерки за заштита од пожари.
4. За функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:
   - Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства,
   - Обезбедување на противпожарни пречки,
   - Изградба на потребна инфраструктура, се во согласност со Закон за заштита и спасување.

За заштита од пожар, при градба на објектите се врши детална анализа и процена на опасностите од пожар, со оглед на вграденот материјал и применетите конструкции на објектот и врз основа на тоа се предвидуваат мерки за заштита од пожар при што

посебно се обрнува внимание на:

10. Растојание меѓу објектите на избраната локација и конструктивно - градежните и техничките мерки што произлегуваат од диспозицијата на објектите
11. Потребно количество и притисок на вода за гаснење на пожар
12. Потребни уреди, техничка опрема и средства за гасење на пожар
13. Уреди за вентилација на просториите
14. Природни патишта и премини
15. Излези и патишта за евакуација на загрозените лица и материјалните добра од пожар и експлозија
16. Услови за спасување на луѓето и материјалните добра загрозени од пожар и експлозија

17. Избор и поставување на уреди за автоматско откривање, јавување и гасење на пожар, како и уреди за мерење на конструкцијата на запаливи и експл. смеси
14. Други мерки за заштита од пожар

